**Универзитет „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**Филозофски факултет - Скопје**
**Институт за социјална работа и социјална политика**

Докторска дисертација

# ЈАВНИТЕ ПЕРЦЕПЦИИ ЗА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА ВО КОСОВО И Р. МАКЕДОНИЈА

Ментор:
Проф. д-р Маја Геровска Митев

Кандидат:
м-р Кумрије Гагица

Скопје, 2022

**Благодарници**

Би сакала да се заблагодарам на мојот ценет ментор, Проф. д-р. Маја Геровска Митев за нејзинот непроценлив надзор, нејзината професионалната поддршка и охрабрување за време на изработката на оваа докторска дисертација. Благодарност и до моите универзитетски професори и колеги за поддршката и охрабрувањето.

Би сакала да ја искажам мојата благодарност до мојот ментор и супервизор на додипломските и магистерските студии, Проф. д-р. Агим Хисени за неговата скапоцена поддршка и насоки низ мојот академски пат. Покрај тоа, благодарност и до Проф. д-р Камал Шахраби, претседател и декан на Факултетот на Технолошкиот институт Рочестер - Косово, за дадените насоки и поддршка во мојата истражувачка работа.

Посебна благодарност до моите пријатели Проф. д-р.  Хасмди Артан Дермаку, Проф.д-р. Хасмди Вјолца Висока, за големиот придонес во мојата истражувачка работа, обезбедувајќи ми безрезервна поддршка.

Посебна благодарност и до моите родители, сестрите и мојот брат за нивното охрабрување и поддршка низ моето образование и кариера.

Докторската дисетација е оригинално пишувана на англиски јазик, додека приложената верзија на македонски јазик е превод на англиската верзија.

## Abstract

Social work as an emerging profession is in continual change and yet to settle on a definition of itself, though there is a consensus when it comes to its role in and impact on society. This study seeks to shed light on the theoretical background surrounding the social work profession, including the roles therein and their development over the years, and its perception or image as social work. Because of the constantly evolving perception of social work, this study also endeavors to focus on the debates and research findings regarding typical stereotypes that envelop the profession.This study is generally designated as a research consolidation paper seeking to analyze current theoretical debates regarding the role, image, and stereotypes of the social work profession, both objective-oriented and as perceived by various social groups. Furthermore, it examines these theories in a country-specific manner, focusing on the actual role and function of social workers in North Macedonia and Kosovo, and the perceived public opinion about the role, image, and stereotypes for such relatively new professions in these countries.



**Keywords:** Social Work Profession; Role of Social Work in Society; Image of Social Work; Stereotypes of Social Work; Perception of Social Work.

## Апстракт

Социјалната работа како професија во развој постојано се менува и е повеќе од тешко да се дефинира, но, сепак постои консензус кога станува збор за нејзината улога и влијанието во општеството. Оваа дисертација се обидува да ја расветли теоретската заднина на социјалната работа како професија; улогите и развојот со текот на годините; перцепцијата за имиџот на социјалната работа како професија. Оваа дисертација се стреми кон фокусирање на дебатите и наодите од истражувањето во врска со типичните стереотипи што ја опкружуваат оваа професија.

Оваа дисертација е истражувачка и ги анализира тековните теоретски дебати во врска со улогата, имиџот и стереотипите на социјалната работа како професија, во две насоки, прво објективната ориентација, и второ, перцепциите од страна на различни социјални групи. Истотака, дисертацијата се обидува да ги анализира овие аспекти фокусирајќи се на улогата и функција на социјалните работници во Северна Македонија[1] и во Косово; перципираното јавно мислење за улогата, имиџот и стереотипите за оваа професија во овие две земји.



**Клучни зборови:** професијата социјална работа, улогата на социјалната работа во општеството, имиџ на социјалната работа, стереотипи на социјалната работа, перцепција на социјалната работа.


[1] Во времето кога насловот на овој докторски труд беше одобрен, официјалното име на Северна Македонија беше Република Македонија. Од тие причини, насловот на трудот не е изменет, но во целиот документ се користи актуелното официјално име на државата – Северна Македонија.

**Декларација за докторската дисертација**

Изјавувам дека целиот материјал претставен во оваа докторска дисертација е мој личен труд и не е напишан за мене, целосно или делумно, од друга личност. Исто така, изјавувам дека секој цитат или парафраза од објавено или необјавено дело на друго лице е соодветно признаено и реферирано во оваа докторска дисертација, која ја доставувам за оцена.

Верзијата на македонски јазик на оваа докторска дисертација претставува превод на оригиналната докторска дисертација која ја пишував на англиски јазик. Преводот на дисертацијата од англиски на македонски јазик е направен од: Ивана Димитрије Кузманоска.

.

**Потпис:** ______________________________ **Датум:** ___________________________

## Содржина

**Abstract** .......... **3**

**Апстракт** .......... **4**

**Содржина** .......... **6**

**Листа на кратенки** .......... **1-1**

**Вовед** .......... **1-2**

**Поглавје 1 Преглед на литературата** .......... **1-6**

1.1 Улога на социјалната работа .......... 1-6

1.2 Имицот на социјалната работа .......... 1-9

1.2.1 Јавни перцепции и стереотипи за социјална работа .......... 1-12

1.3 Теоретски концепти на континуитет и промена во социјалната политика и социјалната работа 1-17

1.3.1 Теорија на зависност од минатото .......... 1-19

1.3.2 Идејна анализа .......... 1-22

1.3.3 Промена на парадигмата .......... 1-24

1.4 Заклучоци за прво поглавје .......... 1-26

**Поглавје 2 Компаративни аспекти на социјалната работа во Косово и во Северна Македонија** .......... **2-29**

2.1 Социјалната работа во Косово .......... 2-29

2.1.1 Историја на социјалната работа во Косово .......... 2-30

2.1.2 Финансирање на социјалната заштита и социјалната работа во Косово .......... 2-32

2.1.3 Централната власт и социјалната работа во Косово .......... 2-34

2.1.4 Локална власт и социјалната работа во Косово .......... 2-35

2.1.5 Давање на социјални услуги од страна на невладините организации во Косово .......... 2-37

2.2 Социјалната работа во Северна Македонија .......... 2-38

2.2.1 Историја на социјалната работа во Северна Македонија .......... 2-39

2.2.2 Финансирање на социјалната заштита и социјалната работа во Северна Македонија .......... 2-44

2.2.3 Централната власт и социјалната работа во Северна Македонија .......... 2-46

2.2.4 Локалната власт и социјалната работа во Северна Македонија .......... 2-47

2.2.5 Давање на социјални услуги од страна на невладините организации во Северна Македонија 2-49

2.3 Заклучоци за второ поглавје .......... 2-50

**Поглавје 3 Методологија** .......... **3-53**

3.1 Дизајн на истражувањето....3-53

3.2 Хипотези и истражувачките прашања ....3-54

3.2.1 Главна хипотеза и потхипотези....3-55

3.2.2 Општ опис на истражувачките прашања....3-57

3.3 Анкета за перцепции....3-62

3.3.1 Интервјуа....3-63

3.3.2 Теренска работа ....3-65

3.4 Собирање секундарни податоци....3-66

3.5 Анализа на податоците....3-67

3.6 Квалитет, довербата и валидноста ....3-68

3.7 Етички размислувања....3-70

**Поглавје 4 Резултати од истражувањето....4-71**

4.1 Истражувачко прашање 1: Каква е перцепцијата на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи на општеството во Косово и во Македонија? ....4-71

4.2 Истражувачко прашање 2: Кои се главните фактори за различните сфаќања за социјалната работа? ....4-72

4.3 Истражувачко прашање 3: Дали главниот опсег на работа на социјалните работници е превенцијата или сиромаштијата?....4-75

4.4 Истражувачко прашање 4: Дали се очекува социјалните работници да ги променат традиционалните методи и пристапи на работа во справувањето со новите социјални ризици?..4-80

4.5 Истражувачко прашање 5: Дали социјалната работа се смета за потребна професија во рамките на образовниот систем?....4-83

4.6 Главна хипотеза: Разликите во перцепциите на јавноста за социјалниот работник се поврзани со личните карактеристики (возраст, образовен профил, професија) и очекувањата за неговото влијание....4-85

4.7 Потхипотеза 1: Лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалната работа во општеството и поголеми очекувања за нејзиното влијание. ....4-87

4.8 Потхипотеза 2: Лицата што се помалку информирани и немаат никаква врска со социјалната работа имаат негативно мислење за социјалната работа и помали очекувања за нејзиното влијание. ....4-100

4.9 Потхипотеза 3: Социјалните работници се очекува да работат повеќе на прашања поврзани со сиромаштија отколку на превентивенција. ....4-114

Потхипотеза 4: Во справувањето со новите социјални ризици социјалните работници се очекува да ги променат традиционалните методи и пристапи на работа....4-129

4.10 Потхипотеза 5: Перцепцијата за потребата од училишна социјална работа е тесно поврзана со општата слика за социјалната работа....4-136

4.11 Резултати од полуструктурирано интервју ....4-142

4.12 Општо мислење за социјалната работа во Косово и во Северна Македонија........................4-143
4.13 Заклучоци за второ поглавје ...............................................................................................4-172
**Поглавје 5 Дискусија за наодите, заклучок и препораки .........................................................5-173**
5.1 Дискусија ..............................................................................................................................5-173
5.2 Интерпретација на резултатите ...........................................................................................5-174
5.3 Ограничувања.........................................................................................................................5-179
5.4 Генерални заклучоци ............................................................................................................5-181
5.5 Препораки ..............................................................................................................................5-184
**Литература ...................................................................................................................................5-186**
**Прилог А: Прашалник...................................................................................................................5-191**
**Прилог Б: Упатство за експертското интервју ................................................................................198**
**Прилог Ц: Табели и графикони ........................................................................................................200**

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| БДП | Бруто домашен производ |
| ГПЗСР | Германско професионално здружение за социјална работа |
| ГСССS | Генерален совет за социјални и семејни услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| КАС | Косовска агенција за статистика |
| МЗСР | Меѓународно здружение за социјална работа |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МТСБ | Министерство за труд и социјална благосостојба |
| МФСРЕ | Меѓународна федерација на социјални работници во Европа |
| НАСР | Национална асоцијација на социјални работници |
| НВО | Невладини организации |
| НИЈЗК | Национален институт за јавно здравје на Косово |
| ОЗСБ | Оддел за здравство и социјална благосостојба |
| ПЗЗ | Примарна здравствена заштита |
| СФРЈ | Социјалистичка Федеративна Република Југославија |
| УКЦК | Универзален клинички центар во Косово |
| УКЦСК | Универзитетски клинички центар за стоматологија во Косово |
| УНИЦЕФ | Меѓународен фонд за деца при итни случаи на Обединетите нации |
| УНМИК | Мисија на Обединетите нации во Косово |
| УСАИД | Американска агенција за меѓународен развој |
| ЦСР | Центар за социјална работа |

## Вовед

Јавната перцепција за социјалната работа е многу важна и значително влијае врз обликувањето на професијата. Негативно гледиште или погрешно сфаќање од страна на јавноста може да доведе до многу штетни и сериозни последици, како што се нарушување на кредибилитетот на социјалната работа како професија, негативна стигма поврзана со оние што бараат услуги од социјалните работници, намалување на регрутирањето на оние што ја извршуваат оваа професија и намален број услуги што им се даваат на оние што имаат потреба. Важноста на перцепциите за социјалната работа од страна на јавноста, особено за Косово и Северна Македонија, е огромна. Од суштинско значење е подобро разбирање на јавната перцепција за социјалната работа во овие две земји, бидејќи јавноста е и главниот корисник на услугите од социјалната работа. Јавноста, важен дел од општеството што се менува, е корисник на услугите од социјалната работа кои се сметаат за „агенти за промена во општеството“. Ако луѓето не ја разбираат професијата, имиџот прикажан од надворешните извори ќе создаде нивната перцепција за социјалната работа.

Целта на оваа теза е да се проценат перцепциите за социјалната работа и да се проценат очекувањата за тоа како социјалната работа треба да се справи со тековните социјални ризици во Косово и во Северна Македонија. Покрај тоа, тезата ќе се осврне и на главните фактори за различното согледување на социјалната работа, дали социјалната работа се перципира како неопходна професија во рамките на образовниот систем и дали постои очекување за промена за тоа како социјалната работа се справува со новите социјални ризици на XIX век?

За да се дешифрира ваквото расудување, важно е да се истражи како современото јавно мислење за социјалната работа денес, може да влијае врз имиџот на социјалната работа и јавното мислење, утре. Понатаму, да се информираат социјалните работници и генерално јавноста, за тоа како најдобро да се адресираат микроконцептите за професијата преку откривање  на погрешно разбраните аспекти и извори на овие информации.

Специфичните цели на оваа дисертација обезбедуваат концептуален увид во перцепцијата на социјалната работа во горенаведените земји од Западен Балкан, фокусирајќи го истражувањето на:

1. Дефинирање на согледаното мислење на целните групи во истражување во врска со улогата на социјалната работа во општеството; конкретно:

а) Изведено мислење од испитаниците што имаат релативно висок степен на вклученост во рамките на социјалната работа и нивните соодветни очекувања за влијанието.

б) Изведено мислење за испитаниците што се малку или воопшто не се вклучени во рамките на социјалната работа.

2. Справување со реформите во методите и потенцијалната потреба за надградба на традиционалните методи и пристапи кон социјалните ризици што постојано се менуваат.

3. Улога на образовните институции за социјална работа кон утврдување и дефинирање на целокупната перцепција на социјалната работа во едно општество.

4. Обезбедување основа за понатамошни истражувања во врска со оваа тема во земјите каде се спроведе ова истражување.

Релевантноста на перцепцијата на јавноста за социјалната работа и истражувањето за научната дисциплина на социјалната работа се засноваат на теории за социјална работа, хуманистички и општествени науки и резултати од презентирани истражувања. Оваа дисертација ќе ги истражува перцепциите за улогите и влијанието на социјалната работа во општеството и, исто така, ќе ја испита склоноста на испитаниците да побараат помош од различни видови професионалци (психолози, социјални работници и психијатри). Перцепцијата на социјалните работници во заедницата и ресурсите, исто така, ќе се мерат врз основа на нивната перцепција за социјалната работа. Во Северна Македонија има неколку важни достигнувања поврзани со социјалната работа како професија. Социјалната работа е инсталирана во образованието, иако има потреба од понатамошен развој, посебно во потребата за надминување на разбирањето на социјалната работа само како техничката работа. Воспоставени се и се развиваат општествени системски истражувања и студии, вклучително и докторски студии. Во Северна Македонија има потреба од специфични обуки на терен, како и понатамошен развој на социјалната работа во практиката, додека институционализацијата на социјалната работа во системот за високото образование во Косово има направено значаен чекор напред во практика за афирмација на социјалната работа. Ова потенцијално ја отвора портата за интеграција на социјалниот работник во училиштата, дипломирање на социјални работници и надминување на хетерогениот состав на професии што во моментов ја играат улогата на социјалниот работник. Истовремено,

тоа е и чекор во вистинската насока за да се разбере статусот на професијата социјален работник. Соодветната правна основа дава преглед на правата и обврските на социјалната работа што се обврзувачки за социјални работници.

Релевантноста на оваа теза за практикување социјална работа ќе има научен придонес поради фактот што перцепцијата за социјалната работа во Косово и во Северна Македонија не е анализирана и системски истражена. Ова, колку што може, ќе ја пополни празнината во споредувањето на научното истражување за перцепцијата на социјалната работа во двете земји. Покрај тоа, оваа дисертација ќе даде податоци и за заинтересираните страни за тековниот статус на социјална работа во Косово и во Северна Македонија, ќе даде опис за практики, ќе ги идентификува празнините помеѓу очекувањата од социјалните работници и реалноста, ќе даде препораки за понатамошен поттик за развојот на социјалната работа во Косово и во Северна Македонија.

Друг научен придонес на оваа дисертација е дека ќе формира драгоцена основа за младите истражувачи што би биле заинтересирани за оваа тема, како во овие, така и во други земји. Податоците од емпириското истражување можат да се користат за споредување на перцепцијата за социјалната работа во Косово и во Северна Македонија со други земји, на пример, западноевропските земји.

**Структура на тезата:**

По давање увид и објаснување во врска со воведниот дел на тезата, образложението и целта на оваа теза, остатокот е поделен на пет поглавја.

Поглавје 1 започнува со објаснување за аргументите и теоретските концепти на континуитет и промена во социјалната работа и социјалната политика. Дополнително разбива разни теоретски аргументи во врска со улогата, имиџот и стереотипите за социјалната работа.

Поглавје 2 прикажува компаративен аспект на институциите за социјална работа во Косово и во Северна Македонија.

Поглавје 3 ги опишува истражувачките прашања и методологијата користени за ова истражување – оправданоста на методите, техниките и аналитичката рамка во истражувањето.

Во поглавје 4 се презентирани наодите од истражувањето и нивната анализа, со цел да се осветли перцепцијата за „социјалната работа“ и нејзината улога во различните групи во општеството во Косово и во Северна Македонија. Овие откритија ја опфаќаат улогата на социјалната работа, имиџот за социјалната работа, стереотипите за социјалната работа и потребата за воведување на социјална работа во училиштата, социјалните служби.

Поглавје 5 ги презентира дискусиите и заклучокот извлечен од истражувањето.

# Поглавје 1 Преглед на литературата

Социјалната работа како професија, поставува цели кои отвораат можности за корисниците и даваат придонес за благосостојбата во заедницата преку помагање на индивидуите да си помогнат себеси. Прегледот на литературата ги елаборира аргументите и теоретските концепти на континуитет и промените во социјалната работа и социјалната политика, особено оценувајќи ги факторите што стојат зад промените во социјалната работа преземени по 90-те години на минатиот век. Дополнително се прикажува улогата на социјалните работници во општеството, имиџот, перцепциите и стереотипите за социјалната работа. Евалуацијата покажува зошто ваквиот пристап е соодветен за целите на оваа дисертација.

## 1.1 Улога на социјалната работа

Слично како и другите професии, социјалната работа игра одредена улога во општеството. Разновидноста што оди заедно со модел на социјална работа е особено голема, што произлегува од сложеноста на полето на активност и влијанието на оваа професија. Ова се зголемува со фактот дека социјалната работа не може да се разграничи униформирано и следствено, постојат многу различни пристапи и идеи за тоа од што се состои и какви функции има во општеството. Ова се однесува еднакво и на национален и на меѓународен контекст. Нивниот фундаментален модел на улога се заснова на идејата за интердисциплинарна професија, чија функција има широк спектар; секогаш се состои од улога на медијатор помеѓу индивидуата и општеството (Heiner, 2007).

Главната цел на професијата „социјална работа“ се заснова на обезбедување можности и нудење мерки за подобрување и поддршка секаде каде што треба да се реши или да се избегне социјален проблем. Посебен предизвик е да се задоволи индивидуалната потреба на соодветни целни групи, исто толку сериозно како социјалните и општествените очекувања и услови (исто:104).

Како точно делува социјалната работа? Или од што точно се состои нејзиниот модел? Ова зависи од различните услуги и целни групи со кои е поврзана. За таа цел, постојат законски рамки и упатства кои во различни земји служат како основа за социјалната

работа и нејзината дефинитивна улога. Соодветната правна основа дава преглед на правата и обврските од социјалната работа што се обврзувачки за социјалните работници.

На пример, во САД законските прописи се утврдуваат со уставите на одделните држави. Во некои случаи постојат различни регулативи, особено во врска со следењето и контролата на социјалната работа. Некои држави обезбедуваат оддел кој се состои од неколку советодавни тела што ја мониторираат социјалната работа. Содржината на соодветните законски текстови, исто така, може да варира, дозволувајќи паралелно да постојат многу различни правни основи во одделните држави, кои е тешко да се разберат како целина. Сепак, функциите и моделите на улогата се суштински слични и служат како врска помеѓу индивидуата и општеството, специјализирани за различни целни групи (Wood, et al., 2006).

Во Шведска, Socialtjänstlag (SoL 2001) служи како основа за социјална работа. Како и во Германија, на пример, основните цели се да се обезбеди економска и социјална сигурност за сите граѓани, особено за специфични целни групи, да се создаде еднаквост во условите за живеење и да се промовира активно учество во општеството. Во Шведска општините се особено важни за обезбедување разни социјални услуги во нивната област (Socialdepartementet, 2001).

Социјалната работа во различни земји не само што создава можности за учество туку и обезбедува контролирана функција за да ги постигне своите цели. Понудите се претежно дизајнирани според соодветните целни групи и се насочени кон, на пример:

- Деца и млади (на пр., градинки, младинска работа, живеење со поддршка на млади, образовни институции за социјална работа, судска помош за млади);
- Семејства, родители и возрасни (на пример, помош на семејства, совети за родителство, советување за конфликти во бременост, помош за лица со попреченост, советување за зависности).
- Стари лица (на пр., социјални услуги за стари лица во домот, или едукативни понуди особено за стари лица) (Heiner, 2007).

Социјалната работа нуди помош на голем број граѓани, што не е лесно да се сумираат во овој момент. Во Германија, САД и во Шведска, на пример, помошта за бегалците станува сè поважна во рамките на социјалната работа и зазема широк спектар на функции (Wofsgruber, 2015; Wood, et al., 2006).

Одговарајќи на активности и задачи во различните области, дадениот преглед на бројните различни улоги на социјалната работа како на национално така и на меѓународно ниво, ја прикажува оваа професија како целина. Поедоставно, тие се прикажани во графиконот 1.




*Графикон 1. Различни улоги на социјалната работа. Сопствено претставување*

Соодветно на различното разбирање на улогите прикажано во графиконот 1 што може дополнително да се прошири, станува јасна посебната функција на социјалната работа во целокупниот социјален контекст. Според ова, социјален соживот на различни луѓе во однос на нивните индивидуални судбини, во нивните соодветни ситуации и животни контексти без социјална работа не е возможен. Сепак, тоа би се карактеризирало многу повеќе со неповолност, исклучување и дискриминација. Ова е, исто така, причина за посебниот посреднички карактер на социјалната работа; од една страна, поврзана со медијацијата помеѓу поединците како делови од општеството, а од друга страна, директна вклученост на поединецот и општеството. Секогаш треба да се следи целта за повторно вклучување или обновување на социјалните релации (Lambers, 2016).

### 1.2 Имиџот на социјалната работа

Имиџот на социјалната работа ја претставува сликата што е социјално претставена од професијата и описот на работата. Ова претежно социјално се репродуцира до одреден степен. Ова тесно може да се поврзе и со прашањето за етиката, но сепак, постојат процени и можни предрасуди што се припишуваат на социјалната работа. Долгата историја и традиција на социјална работа може да се видат и на национално и на меѓународно ниво, како составен дел од општество што нуди поддршка и им помага на маргинализирани луѓе да постигнат подобар квалитет на живот (Thiersch, 2009).

Овој опис на социјалната работа, кој е генерално поврзан со населението, првично е класифициран како позитивен. Сепак, ова е засенето од фактот дека тешко постојат подлабоки идеи за описот на работното место, низата активности и важноста на одделните полиња на социјална работа во општеството (види исто: 237). Во овој поглед, важно влијание врз перцепцијата за социјалната работа има прашањето за транспарентност, кое дозволува социјална работа пред надворешниот свет да ги претстави своите можности сеопфатно, отколку што тоа беше случај досега.

Треба да се напомене дека имиџот за одредена професија зависи од нивото на искуство и знаење во општеството (Abbrederis, 2002/27). Дополнително, рационалните фактори на влијание, емоционалните и социјалните параметри, исто така, влијаат врз перцепцијата и процената на социјалната работа (Pleiner & Heblich, 2009).

Поради ова, имиџот кој ѝ се припишува за социјалната работа е секогаш резултат на субјективни процени на професијата, што поинаку се појавува кај одделните делови од населението. Ова, исто така, го отежнува идентификувањето на холистичкиот имиџ за социјалната работа во општеството. Како и да е, имиџот што ѝ се припишува на социјалната работа има значително влијание врз степенот до кој е прифатена како професија и во нејзината улога во одделните области, но не помалку и во однос на вработените и нивната посветеност. Затоа, односите со јавноста околу создавање транспарентност во однос на имиџот на професијата и областите на активност, првенствено треба да се однесуваат на создавање реален личен одраз и негово пренесување кон надворешниот свет. Ова е особено корисно за групите на население кои погрешно ја толкуваат социјалната работа поради недостиг на знаење и искуство и имаат тенденција да ја оценуваат на ниво на предрасуди (Puhl & Straub, 2002). Врз основа на тоа

се појавуваат негативни идеи за имоџот на социјалната работа. Откако ќе се зацврстат, често е тешко повторно да се ревидираат.

За жал, во меѓународен контекст, процените за социјалната работа водени од предрасуди се широко распространети. Како резултат на тоа, се создава негативен имиџ за професијата во одредени области на јавното мислење. Во директна споредба со имиџот за други професии, дури може да се утврди дека имиџот за социјална работа е генерално слаб. Така, јасно се гледа разлика помеѓу личниот и надворешниот имиџ на социјалната работа. Ова е несфатливо и неоправдано во споредба со вредноста и перформансите што социјалната работа ги обезбедува за општеството.

Како и да е, негативниот имиџ за социјалната работа во различни земји е аспект што не треба да се потценува. Забележливо е дека медиумите имаат значителен удел во развојот на имиџот за социјалната работа. Написите што честопати се иронични или стигматизирачки за активностите на социјалните работници, шеги или карикатури, искривени атрибути, па дури и осудувања, може да се најдат во различни форми на медиуми кои не само што (ре)продуцираат одреден негативен имиџ за социјалната работа, туку и повратно го манифестираат (Wolbold, 2003).

Во овој поглед, Пух и Страб, исто така, претпоставуваат дека имиџот за социјалната работа пренесен од јавното мислење во никој случај не е компатибилен со нејзината реална важност за општеството (Puhl & Straub, 2002). Ова ги зајакнува предизвиците на социјалната работа за испорака на висок профил на работа во иднина, посебно истакнувајќи ги силата и значењето во општеството. Така, на долг рок, може да се создаде основа за подобрување на имиџот за социјалната работа правејќи ја пореална и помалку склона кон предрасуди.

Во однос на основниот проблем, овој опис се однесува на повеќето земји. Негативната претстава за социјалната работа може да се сфати како резултат на медиумските извештаи кои покажуваат спротивнст од личната претстава за социјалната работа. Во дисертацијата на Зугазага и соработниците, (Zaguzaza et all., 2006), од социјалните работници било побарано да го опишат имиџот за нивната професија изграден од медиумите и забавните програми. Во врска со ова, им биле дадени разни атрибути врз основа на кои го проценувале имиџот од нивната лична перцепција. Врз основа на оваа процена беше утврдено дека социјалните работници го оценуваат имиџот

на социјалната работа во медиумите и во забавните програми како негативен (Zugagaza, et al., 2006).

Истото важи и за Шведска, каде што е забележано јасно разидување помеѓу важноста и вредноста на социјалната работа за општеството и јавното мислење. За ова, меѓу другите, дискутираат Андерсон и Лундстром (2004). Нагласено е дека на многумина им недостига директно лично искуство во социјалната работа и перформанси на социјалните работници. Припишувањата на имиџот честопати се земаат од медиумското известување без размислување (Anderson & Lundstrom, 2004).

Меѓународен е предизвикот за социјалната работа суштински да го подобри својот надворешен имиџ. Во земји со социјална работа со висок статус во општеството, на пример, Германија, САД и Шведска, ова треба да се одрази во јавното мислење. Ова може да го зголеми прифаќањето на социјалната работа и сите нејзини вработени. Ова осигурува дека социјалните работници ќе го добијат заслуженото почитување и признание. Сепак, за да може да се работи холистички и да се биде успешен на долг рок, потребно е да се надминат преовладувачките предрасуди и стереотипните описи на социјалната работа.

Дигиталната инфраструктура ги поврзува животот и искуствата на луѓето. Медиумите како медијатор на комуникација и култура се клуч за социјално и културно учество и средство за постигнување образовни цели, меѓу другото. Медиумите развиваат реалност и влијаат врз прегледите на јавноста. Важноста и улогата на медиумите, стекнати од социјализацијата, образованието, работата и процесите на учество, како и комуникациската култура на едно општество како целина, се сè поважни за целите и задачите на социјалната работа. Истражувањето има цел да ги идентификува потенцијалите, предизвиците и ризиците од комуникација во медиумските светови. Ова бара развој и дизајнирање опции за едукативна работа и организациски процеси за да се разберат дигитално поддржаните активности во социјалната работа (Faculty of Applied Social Sciences, 2019).

„Социјалната работа“ како професија, заедно со нејзиното значење се појавува секој ден во вестите. Сосема е вообичаено да се дебатира за тоа како медиумите влијаат врз општеството, како огледало на реалноста. Од друга страна, медиумите често ја избираат и манипулираат со социјалната вистина преку видови известувања и оценувања. Многу

теми што се појавија во медиумите, како што се насилството кај младите, нарушување во однесувањето или занемарување на деца, беа критички разгледани и забележани (Bonfadelli et al., 2008).

Амбивалентноста во имиџот за социјална работа се пренесува во медиумите. Критичката дебата за социјалната работа е многу важна, што влијае врз медиумите и врз општеството. Професијата има силно присуство на телевизија.

Според Пул и Штрауб, социјалните прашања се од големо значење во општеството и затоа имаат големо присуство во медиумите. Експертите се жалат дека „сликите за социјална работа што се репродуцираат во медиумите често користат скандализирани форми на застапеност“ (Puhl & Straub, 2002). Спектакуларни и провокативни наслови и извештаи ги прикажуваат социјалните проблеми како причина за многу феномени, како што се агресивност, насилство, сиромаштија и долгови.

Кај населението и масовните медиуми „првенствено се перципираат и проценуваат негативните, видливите и девијантните појави“. Во вестите, медиумите не известуваат за успесите на социјалната работа, туку речиси исклучиво за нејзините неуспеси (Diederichs, 2008).

На Педагошкиот институт на Универзитетот „Јоханес Гутенберг“ во Мајнц била извршена анализа на застапеноста на социјалната работа во локалниот печат и националните дневни весници во 1997 година. Било забележано дека извештаите се главно секојдневни активности, додека постојаните услуги малку се појавуваат (Projektgruppe, 1997). Извештајот за понуди за работа на деца и млади често се класифицира како „во функционалната група на добротворни активности за слободно време, чие методолошко ниво се помести под нивото на професионални стандарди“ (види: исто).

### 1.2.1 Јавни перцепции и стереотипи за социјална работа

Развојот на квалитетот во социјалната работа секогаш се однесува на прашања за емпиризам, теорија, нормативност, етика и практично дејствување и нивниот меѓусебен однос. На општествено и институционално ниво, социјалната работа ги застапува правата, социјалното учество и пристапот до социјалните ресурси. Висока толеранција кон двосмисленост, подготвеност за вклученост во неизвесен исход, препознавањето да се

биде различен и признавањето на значењето на нефлексибилноста се дел од основните професионални вештини на социјалниот работник. Важно е да се вклучат опции за вклученост и исклученост, и својствени елементи на моќ во контекст на интеракција на трајно рефлективен начин. Со овие далекусежни барања, социјалната работа оперира со голем број сфаќања, толкувања и постапки и наоѓа израз во различни теоретски референци, практични и емпириски пристапи кои постојано се ставаат на тест (Köttig, et al., 2014).

Од социо-критичка перспектива од 60-те и 70-те години, „создавањето публицитет" во социјалната работа значеше да се свртат вниманието кон поплаките и да се бараат општествено-политички промени (вклучително и контрапублицитет како алтернатива на „индустријата на култура и свесност"). Од 90-те години наваму, проактивно-офанзивниот пристап стана реактивно-дефанзивен. Реакциите има само на негативни наслови, како што се обвинувања за неефикасност, недостиг на асертивност и концепти (Schaarschuch, 1999).

Социјалната работа има јавен мандат и оперира на јавен простор. Јавните корпорации имаат должност да обезбедуваат информации, вклучително и до новинари, кои играат улога на објективизирањето на медијаторите кон јавноста. Како дијалог со граѓаните, работата на односи со јавноста е многу специфично поле на дејствување на социјалната работа (Puhl, 2002).

За социјалната работа во јавниот простор се користат професионални активности, концепти и перцепции во зависност од задачата што се извршува. Објектите се базираат на концептот на „услуги за деца и млади", „работа во заедница" или „теренска социјална работа". Целта на овие услуги е да ги поддржат луѓето во стекнување вештини, проширување на опциите за акција, формулирање на нивните интереси и учество во процеси за јавни преговори. „Теренска социјална работа" и „работа во заедницата" првенствено се користат кога на граѓаните што се погодени од социјална маргинализација им е потребна поддршка. Слично е и за другите услуги, преку проширување на опциите за акција, особено со оглед на грижата и интеграцијата/вклучувањето на маргинализирани лица (види: Krisch & Stoik, 2013).

Неповолниот ефект на медиумите врз имиџот на социјалната работа пренесува функција на дискредитација, директно девалвирајќи ја професијата. Овој ефект се постигнува, пред сè, со фактот дека речиси целата професија е поврзана со стереотипни

идеи и описи на улоги. Допрва треба да се утврди дали ова произлегува од свесна пресметка (медиуми) или од лично неискуство и незнаење за професијата. Сепак, постојат и доста позитивни стереотипи кон социјалната работа и социјалните работници. Во овој поглед, стереотипите се многу блиску до реалниот опис на работата. Други стереотипи не се многу реални и понекогаш масовно се контрадикторни едни од други со реалните принципи на социјалната работа (Seite, 2010).

Еден од вообичаените стереотипи е дека социјалната работа е поврзана со едноставни и помалку изискувачки активности; високото ниво на одговорност поврзано со работата во основа е целосно игнорирано. Предизвиците што се поврзани со описот на работното место се сумираат накратко или се целосно исклучени (исто: 23). Истовремено, низ медиумите се шири друга претстава: социјалните работници се претставени како актери кои се мешаат секаде и создаваат проблеми. Слично на тоа, социјалната работа се гледа низ призмата на нејзините корисници и соодветно се цени нејзината позиција во општеството. Бидејќи поголемиот дел од населението свесно сака да се разликува од класичните целни групи во социјална работа, тие се разликуваат и од социјалната работа според нивното мислење. На овој начин тие придонесуваат за манифестација на негативно јавно мислење.

Во многу случаи во општеството е широко распространет стереотипот дека социјалните работници се наивни „добронамерници“ кои веруваат во позитивни луѓе, но ги игнорираат негативните реалности. Оваа предрасуда има одлучувачко влијание врз имиџот на социјалната работа и покажува колку е несоодветна претставата за реалниот опис на работата (види: исто: 2).

На меѓународно ниво, можат да се именуваат разни студии кои се занимаваат со стереотипите на социјалната работа. Најрано истражување на оваа тема е направено во Германија од страна на Скиба (Skiba,1969). Заклучено е дека повеќето луѓе ја разбираат социјалната работа како самопожртвувана активност, но сметаат дека оваа пожртвуваност и грижа во повеќето случаи нема да се исплати. Така, во основа се доведува во прашање индивидуалниот успех на социјалниот работник. Покрај тоа, доказите покажуваат дека социјалните работници ризикуваат да се изложат себеси на дискриминација и стигматизација поради работата со своите корисници (Skiba, 1969).

Како и да е, стереотипните идеи што се поврзани и/или пренесени на социјалната работа се толку различни, колку што имиџот се перципира дивергентно во различните делови од населението. Упатувања за ова можат првенствено да се најдат врз основа на демо-опсегот на дисертацијата на Германското професионално здружение за социјална работа. Во зависност од тоа како е позиционирана социјалната работа, тоа главно се поврзува со следниве стереотипи:

- Алатка за решавање проблеми
- Придонес кон социјалните промени
- Помош во посебни или проблематични животни ситуации
- Алатка за акциско истражување
- Акциски-ориентирано резиме на различните основни науки
- Излишност

Стереотипните идеи за тоа што претставува социјална работа, во суштина, и слично на нејзиниот имиџ, зависат од знаењето и искуството на граѓаните. Повеќето од испитаниците во дисертацијата ја поврзуваат социјалната работа со полињата за помош на лица со попреченост, млади, стари и болни лица, како и со луѓето на кои им е потребна помош. Постојано се гледа блиска врска помеѓу социјалната работа и справување со проблематични ситуации. Како и да е, дисертацијата исто така доаѓа до заклучок дека многу испитаници не се свесни за обемот на областите на активност и работа вклучени во социјалната работа. Како резултат на тоа, стереотипните описи на професијата понекогаш значително се разликуваат од реалниот опсег на услуги и обемот на услугите. Следствено, доделената функција или прашањето за претпоставената „излишна" перспектива на одделните полиња на социјална работа се оценува сосема поинаку. Социјалната работа е класифицирана како значајна; особено кога станува збор за младите и помош за лица со попреченост. Од друга страна, проектите за невработеност или советодавните услуги во институциите и авторитетите се оценети пониско. За 13% од испитаниците тие се прилично неважни, па дури и излишни (DBSH, 2016).

Интересно е што стереотипните описи на социјалната работа се разликуваат во различни возрасни групи. Според ова, постарите луѓе се почувствителни на функцијата на социјалната работа за разрешување конфликти. Од друга страна, помладите, повеќето

лица на возраст под 30 години, честопати се сомневаат во функциите и значењето на социјалната работа (види: исто).

Врз основа на дисертацијата (DBSH, 2016), на графикон 2 се претставени стереотипните ставови на испитаниците кон социјалните работници и нивните корисници.




*Графикон 2. Стереотипни ставови на испитаниците кон социјалните работници, DBSH*

Како што е прикажано во графиконот 2 формирањето на стереотипите се анализира на повеќе диференциран начин според различните аспекти на социјалната работа. Овде станува јасно дека повеќето од испитаниците првично се восхитуваат на посветеноста на социјалните работници (85%) и ги оценуваат како важни контакти за немоќните и изнемоштените лица (89%). Така, првично може да се забележи позитивно признавање на атрибутите. Од друга страна, околу 10% проценија дека овие атрибути не се применливи. Понатаму, 26% од испитаниците сметаат дека социјалните работници се немобилни и неповрзани со практиката. Слично на тоа, третина од испитаниците мислат дека социјалните работници зборуваат повеќе отколку што постапуваат, што на крајот оди рака под рака со испитување на нивниот вистински начин на работа. Најмалку половина од испитаниците; 57%, сметаат дека социјалните работници се онолку критични колку што се занимаваат со симулатори и мрзливи луѓе. Високи 42% критички гледаат на социјалната работа и се на мислење дека социјалната работа им помага само на оние кои сакаат да си

помогнат себеси. Вистинската намера на социјалната работа да обезбеди помош за самопомош во основа не само што е негирана, туку има обратно влијание (види: исто: 7).

### 1.3 Теоретски концепти на континуитет и промена во социјалната политика и социјалната работа

Во моментов, социјалната работа доживува важен период на промена во нејзините приоритети, организација и секојдневни практики. Континуитетот и промената на политиката се од клучно значење за проучување на јавните политики. Општествените научници што го изучуваат институционалниот развој се соочуваат со предизвикот да водат сметка и за континуитетот, и за промените со текот на времето. Во однос на ваквите теоретски концепти постојат значителни празнини во постојната компаративна литература за социјалната политика. Досега, недостига доминантен и општо прифатен пристап за мерење на промената на политиката. Теоретските и емпириските наоди на различни студии не се пропорционални затоа што „зависната варијабла“ е конципирана и различно измерена (Knill & Tosun, 2012; Béland, 2010).

Тоа е доста контроверзно. Авторите што се занимаваат со социјална политика ја истакнуваат потребата да се прави разлика помеѓу радикалната промената на „патот што се менува“ или „патот што заминува“ и отсуството на значајна промена (издржливост). Не е јасно дали концептите како слоевитост, разните дебати и политичките движења ја објаснуваат промената (Béland, 2010). Наместо тоа, тие често опишуваат специфични епизоди на зголемувања. Постои мал консензус меѓу авторите за зависната варијабла: конкретно, за тоа што е зависната варијабла. Неодамнешните компаративни студии за социјалната држава се вртеа околу две суштински прашања: режими на социјална заштита и ретенција.

Системските автори на социјалната политика користат „тенки“ концепти на континуитет и промени, исто така, се фокусирани на три прашања на промени: „колку, каков тип и зошто“. Бидејќи континуитетот и промената се сметаат за две страни на една паричка, дискусијата за едната води до забелешките за другата (Pierson, 2004; Béland & Powell, 2016).

За секоја анализа на промената постои потреба од системско конципирање на тоа што ја сочинува промената. Прво, временска рамка, и второ, потребни се алатки или категории за да се заклучи дали развојот на политиката претставува значителна промена (Seeleib-Kaiser, 2008). Исто така, од клучно значење е да се реши проблемот со зависните варијабли (Béland & Powell, 2016; Green-Pedersen, 2004; Clasen & Siegel, 2007). Второ, авторите што се занимаваат со социјалната политика ја поткрепуваат потребата да се направи разлика помеѓу отсуството на значајна промена (издржливост) и радикална промена на „патот што се менува“ или „патот што заминува“. Трето, не е секогаш јасно дали концептите како слоевитост, разговор и нафрлање на политиката ги објаснуваат ваквите промени (Béland, 2010). Наместо тоа, тие често опишуваат специфични епизоди на зголемена, но, сепак, трансформативна промена, без доволно објаснувања. Во тој контекст, авторите сметаат дека е потребно многу да се работи за да се објасни зошто и кога се случуваат промените во социјалната политика. Конечно, покрај тоа што се премногу описни и недоволно едуцирани, повеќето стипендии за континуитет и промена на социјалната политика се фокусираат на една политичка област, една земја, еден континент; претежно Европа, или еден режим на социјална заштита.

Беланд (Béland, 2010) во своите студии создаде суптилно разбирање за континуитетот и промената во истражувањето на социјалната политика, собирајќи ги придонесите на истражувачите кои се занимаваат со сличен широк спектар на прашања и во голема мера се потпираат на слични концепти и аналитички алатки. Овие придонеси се однесуваа на прашањата што, колку и зошто промената е заеднички јазик, што овозможува споредба меѓу работењето на различни сектори и земји. Во својот воведен есеј „Континуитет и промена во социјалната политика“, Беланд нуди критички осврт на литературата за социјална политика; континуитетот и промената се фокусираат на следниве прашања: степен на континуитет и промена, вид на промена и објаснување на континуитетот и промената.

Неодамнешните компаративни студии за социјалната држава се вртеа околу две суштински прашања: режими на социјална заштита и ретенција. Прашањата во врска со благосостојбата имаат цел да обезбедат критичка процена на импликациите на политиките на некои од широките социјални и економски промени во 90-те години на минатиот век. Глобализацијата, појавата на постиндустриското општество, трансформацијата на

работата, демографските поместувања и промените во родовите улоги и семејните структури оставија големи последици врз моделите на обезбедување социјална заштита воспоставени пред половина век (Langan, 1995). Како што одминуваше дваесеттиот век, растот на модерната социјална работа сѐ повеќе зависеше од нејзините меѓусебни односи со социјалната држава, што го обезбеди нејзиниот примарен рационален легитимитет (Parton, 1995). „Промената на социјалната благосостојба“ стана една од најважните дебати во современото истражување на државата на благосостојба. Без усогласување во делот на концепти и мерки, тешко е да се направи разлика помеѓу еластичноста или намалувањето на благосостојбата, зависноста од патот или промената на патот, како и континуитетот или промената. Да се дискутира за аналитички прашања без јасно дефинирана „зависна варијабла“ е голем предизвик (Clasen and Siegel 2007).

Грин-Педерсен (Green-Pedersen, 2004) наведува дека дискусијата за објаснувања на варијациите во постојаноста или промената на социјалната држава не може да се надмине од фазата на хипотеза пред да се реши проблемот со зависната варијабла. Вадан (Waddan, 2011) укажува на проблематични концептуални прашања за тоа што се смета за „значајна промена“ или „промена што се одвојува од минатото“ за одреден период. Сепак, тоа претставува усогласување помеѓу зависната варијабла и за тоа колку обемни треба да бидат промените пред да се сметаат за „значајни“. Клучни прашања покренати во неговите написи: (исто: 1) Како го проценуваме степенот на промена во различни земји или области на политики? 2) Кои видови промени се вклучени? 3) Како можат да се објаснат овие промени? 4 Кои лекции може да се извлечат за идно истражување за континуитетот и промената на социјалната политика?

### 1.3.1 Теорија на зависност од минатото

Како концепт во институционалните теории, теоријата на зависност од минатото станува сѐ попопуларна во економијата. Зависноста од минатото, како концепт и теорија беше развиена од економисти кои сакаа да објаснат, меѓу другото, зошто понекогаш се усвојува инфериорната технологија (или производ) иако е достапна супериорна технологија (или производ) (Breton, 2006).

Зависноста од минатото има импликации во економијата, но исто така и во другите општествени науки и истражувања. Клучната идеја е во низа настани, последните настани не се (целосно) независни од оние што се случиле во минатото. Сепак, заедничката употреба на концептот често подразбира два значително различни модели и пристапи за разбирање на историски секвенци. Двата главни процеси на „минатото обликување на иднината“ - дифузијата и развојните патеки мора аналитички да се разликуваат (Ebbinghaus, 2005).

Анализата на податоците не беше направена единствено на крајот од процесот на собирање податоци, бидејќи собирањето и анализата на податоците во втората фаза зависеше од собирањето на податоците и пробната анализа на податоците од претходните фази што беа извршени преку истражување. Ова значи дека во финалната анализа на податоците во втората фаза беа инкорпорирани претходни анализи и од различни документи и написи.

Аналитичката рамка за трипартитните фази на собирање податоци објаснети погоре напредуваше од описен во критички пристап. Ова значи дека податоците собрани од истражувањето главно зависеа од нереконструираната перцепција на учесниците во Косово и во Северна Македонија во рамките на дефинирани граници. Ова е така затоа што податоците се однесуваат на емпириско истражување, тоа е површино ниво на настаните или перцепција на учесниците за нивната реалност; бидејќи ваквите податоци се јасно описни, тие се анализираат како такви бидејќи се однесуваат на експлицитните причини наведени од учесниците.

Спротивно на тоа, податоците собрани од интервјуа се анализираат со хевристички-аналитички метод, во кој теоретското знаење и претходните емпириски наоди беа експлицитно користени за водење на истражувачките процедури. Објективните аспекти на ситуациите на луѓето и претходните искуства беа искористени за да се олесни разбирањето на нивните објаснувања и да се стимулира понатамошно испрашување во интервјуто [Wooley, 2009]. Таквиот пристап претпоставува дека емпирискиот пристап не може да се намали до точниот/вистинскиот настан, така што искуствата не мора да се во корелација со вистинските настани што ја прикажуваат социјалната реалност.

И покрај разновидноста на методите за собирање податоци и анализа на податоци, сите тие се насочени кон истражувачките прашања, истакнувајќи го размислувањето дадено во истражувањето во согласност со методите и анализата на истражувачките прашања.

### 3.6 Квалитет, довербата и валидноста

Валидноста е адресирана со триангулација на методите за собирање и анализа на податоци кои се надополнуваат едни со други, разни меѓугрупни споредби (од сите етникуми и класни средини, сместени во различни региони, различни форми на институции), земајќи ги предвид повеќе релевантните ставови, постојната литература од

други случаи во регионот (Европа и другите континенти) и конзистентното пристапување кон дисертацијата. Доверливоста е првенствено обезбедена со деталниот извештај од теренската работа и анализите презентирани погоре. На системската анализа на двете земји, покрај јавните документи наведени погори, додадени се и истражувањата и интервјуата со експерти и корисници. Сите докази од повеќе извори се поставени на начин што ќе овозможи избегнување на грешки и делумен впечаток, пристрасни аргументи и концепти. Ова значи дека наодите од истражувањето треба да рефлектираат што се случува на терен, што е можно попрецизно.

Во истражувањето се користени две стратегии на триангулација. Првиот е триангулација на изворите на податоци кои се однесува на изготвување на наоди врз основа на квалитативни податоци. На пример, деталните податоци од интервјуа се триагулирани со статистички податоци за да се зајакнат наодите во врска со финансиската распределба. Втората стратегија беше триангулирање на интервјуата, како што се поентите изнесени од различни групи, наместо фокус кон една група на испитаници. Интервјуираните беа охрабрени да ги искажат своите ставови слободно на интервјуто, за било која тема.

Може да се заклучи дека известувањето за наодите од истражувањето треба да бидат што е можно поконкретно, вклучително и буквални прикази за тоа што кажале испитаниците, наместо реконструкции за општото чувство на истражувачите за тоа што едно лице кажало, што ќе им овозможи на истражувачите со своите лични ставови/гледишта да влијаат врз известувањето. Силверман, исто така, истакнува дека деталните презентации на податоци што прават минимални заклучоци секогаш се претпочитаат во презентациите на истражувачите за нивните резимеа на податоци [Silverman, 2010]. Следејќи го овој принцип, при известување на наодите од истражувањето, истражувачот во тековната теза ги цитира точните зборови кажани од испитаниците како доказ што ги поткрепува аргументите на тезата. Целта на ова не е само да се избегне премногу реконструкција или реинтерпретација на реалноста, туку и да им се овозможи на читателите да имаат појасен преглед на она што се случуваше на терен.

### 3.7 Етички размислувања

Општо, за секое социјално истражување мора да се земат предвид етичките прашања. Истражувачот има пакет морални принципи што го водат во изборот како да се однесува во однос на теми што се доверливост, анонимност, законитост, професионалност и приватност на учесниците во истражувањето (Blaxter, Christina Hughes, 2006). Во овој контекст, истражувањето стана релевантно за разгледување, особено во однос на доверливоста и анонимноста на учесниците. Од учесниците се земени согласности за вклучување на нивните податоци во дисертацијата и нивната подготвеност да се запишат во дисертацијата без каква било форма на надворешен притисок. Покрај тоа, на учесниците претходно им беа дадени целосни информации за истражувањето и неговите цели, и на сите им беше јасно објаснето дека податоците добиени од анкетите и интервјуата ќе се користат само за академски цели и испитаниците ќе бидат анонимни кога ќе се објави истражувањето.

# Поглавје 4 Резултати од истражувањето

Во ова поглавје ги претставуваме резултатите од истражувањето спроведено со различни општествени групи во Косово и во Северна Македонија. Целта на оваа дисертација е да се проценат перцепциите на социјалната работа и да се проценат очекувањата за тоа како социјалната работа треба да се справи со тековните социјални ризици во Косово и во Северна Македонија. Покрај тоа, главните фактори за различните сфаќања за социјалната работа се: дали социјалната работа се перципира како потребна професија во рамките на образовниот систем и дали има очекување за промена за тоа како социјалната работа се справува со новите социјални ризици во XXI век. Наодите се организирани по истражувачкото прашање и хипотезите. За потврда на секоја од хипотезите беа користени t-тест и повеќекратна линеарна регресија.

## 4.1 Истражувачко прашање 1: Каква е перцепцијата на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи на општеството во Косово и во Македонија?

Со цел да се провери перцепцијата на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи на општеството во Косово и во Северна Македонија, одговорите на прашањата (П9 - П26) дадени во Прилог 2 се директно поврзани со оваа содржина. Врз основа на собраните одговори на овие прашања, може да се заклучи дека во двете земји, Северна Македонија и Косово, постои позитивна перцепција за социјалната работа. Поточно, се покажа дека професионалците и студентите од двете земји имаат позитивна перцепција за социјалната работа како одговор на повеќето прашања (видете различни кривини од Графикон 3 и Графикон 4). И за двата вида испитаници (професионалци и студенти) во Северна Македонија и во Косово, „ДА“ (прикажано со сина кривина) е најдоминантен одговор.

Исто така, претставена е споредба помеѓу позитивната перцепција на професионалците во Северна Македонија и во Косово, како и споредба помеѓу позитивната перцепција на студентите/другите во двете земји. Најголемиот јаз помеѓу перцепциите за секое прашање се прикажани со црвена испрекината линија во Графикон 3 и Графикон 4. Овие точки покажаа дека најголеми разлики помеѓу Северна Македонија и Косово се појавија кај прашањата 13, 14.1, 14.2, 14.3,14.8, 16, 20, 22 и 23 кај групата професионалци „ДА“ (види

графикон 4). Кај групата ученици/други, главните разлики се појавуваат кај прашањата 14.6, 22 и 23.

*Графикон 3. Евидентирање и групирање на професионалци и студенти во ДА/Не/Неутрални одговори во двете земји - Косово и Македонија*




Истата постапка е направена и за професионалците и студентите што одговориле „НЕ“, каде што се случила и најголемата разлика во перцепцијата помеѓу Северна Македонија и Косово како одговор на прашањата 12,1, 14,6 22, 23, 24, 25 и 26 за професионалци и прашања 13, 14.2, 14.6, 22, 23, 24, 25 за учениците, како што е прикажано во Графиконот 4 (Прилог В).

## 4.2 Истражувачко прашање 2: Кои се главните фактори за различните сфаќања за социјалната работа?

Во потсекцијата 3.3 од истражувањето се идентификувани главните фактори за различна перцепција за социјалната работа. При анализа на одговорот на прашањето може да се заклучи дека тековната струка/професија, возраста и полот се главните фактори за

различна перцепција меѓу двете земји (види Графикон 5). Сегашната струка/професија е главниот фактор за разликата во перцепцијата (социјален работник, педагог и психолог) за „Да-групата“ на професионалци, како што е прикажано во Графиконот 5, како и (социјален работник, педагог и правник) за „НЕ-групата“ на професионалци (види Графикон 6).

*Графикон 5. Фактори за различна перцепција на социјалната работа – ДА одговори (професионалци)*




Друг фактор за различна перцепција во двете земји е возраста. Таа варира меѓу различните возрасни групи во двете земји. Популацијата која беше таргетирана за потребите на оваа дисертација беше поделена во четири различни возрасни категории и тоа: 18–24, 25–34, 35–54, и 55+. Мислењето во секоја возрасна група е различно. Тие немаа заеднички став во однос на социјалните работници и нивното влијание во

општеството. Во Косово групата на возраст 18-24 имаат негативен став, додека во Северна Македонија групата на иста возраст има позитивен став. Групата на возраст 25-34 во двете земји имаат позитивно мислење.. Професионалците на возраст 35-44 години и над 55 години во Северна Македонија и Косово имаат негативен став. Овие две возрасни групи се со најголеми разлики помеѓу податоците презентирани за Северна Македонија и Косово.

Исто така, постои разлика во перцепцијата во двете земји во однос на родот, како што е прикажано во графиконот 5 и графиконот 6. Ставот е различен, резултатот е спротивен за двата одговори.

*Графикон 7. Фактори за различна перцепција на социјалната работа - НЕ одговори (студенти)*



Многу слични резултати се добиени и од студентите. Како што е прикажано во графиконот 7, може да се заклучи дека струката/професијата, возраста и полот се главните фактори за различното согледување на социјалната работа во двете земји, Северна Македонија и Косово.

### 4.3 Истражувачко прашање 3: Дали главниот опсег на работа на социјалните работници е превенцијата или сиромаштијата?

За да покажеме дали главниот опсег на работата на социјалните работници е превенцијата или сиромаштија, за да се даде одговор на оваа дилема, користени се следните прашања П14.1, П 14.2, П 14.4 - П 14.7, кои се наведени во Прилог Б. Одговорите на овие 3 прашањата се директно поврзани со главниот опсег на работата на социјалните работници. Од оваа анализа може да се заклучи дека и професионалците и другите групи во Северна Македонија и во Косово повеќе одговориле дека главниот опсег на работата на социјалните работници се работите поврзани со сиромаштијата отколку превенцијата.

Прво, прашањата 14.5 и 14.6 („Социјалните работници претежно се занимаваат со проблеми на сиромаштијата“ и „Социјалните работници најчесто се занимаваат со превентивни прашања“) се комбинирани во нова, единствена независна варијабла (во нашиот случај ги именувавме „Работа на сиромаштија наспроти превентивна работа“). Ова понатаму е категоризирано во три нумерички вредности:

- „1“ во случај кога поединците сè повеќе се ориентирани кон проблемите со сиромаштијата,
- „2“ во случај кога поединците сè повеќе се ориентирани кон превентивната работа,
- „3“ во случај кога поединците дадоа ист одговор за двата случаи.

Кодирањето на новата група е дадено во табелата 9.

*Табела 9. Кодирање на новосоздадената група со соодветни вредности*

| Варијабла на одговорите за проблемите со сиромаштијата | Варијабла на одговорите за превентивни прашања | Вредност за „Работа на сиромаштија наспроти превентивно групирање“ |
|---|---|---|
| 1 | 2 или 3 | 1 |
| 1 | 1 | 3 |
| 2 | 1 или 3 | 2 |
| 2 | 2 | 3 |
| 3 | 1 | 2 |
| 3 | 2 | 1 |
| 3 | 3 | 3 |

Прво се анализирани одговорите на сите прашања, заедно за двете земји. Од резултатите може да се заклучи дека „професионалците“ и „другите“ повеќе се занимаваат со „прашања на сиромаштија“ отколку со „превентивни прашања“ (видете различни кривини во графиконот 8).

„Одговор поврзан со сиромаштија“ (сина крива) во повеќето случаи беше најдоминантен одговор за двете категории („професионалци“ и „други“) во Косово и во Северна Македонија, „професионалците“ во двете земји се повеќе ориентирани кон „сиромаштијата“, т.е. сината крива е доминантна, без оглед на одговорот („Да“, „Не“ или „Неутрален“).

*Графикон 8. Резултати од вкрстено анализирање помеѓу „професионалци“ наспроти „други“ и „сиромаштија“ наспроти „превентива“ во двете земји за сите прашања заедно.*




Во однос на прашањето 14.1 („Социјалните работници првенствено се занимаваат со социјална помош“), како што е прикажано на различни кривини во графиконот 9. Прилог В, професионалците, како и другите во двете земји, се занимаваат со „проблеми поврзани со сиромаштијата“ наместо со „превентивни прашања“. Сината крива (Сиромаштија-одговор) во повеќето случаи е најдоминантната крива за двата случаи („професионалци“ и „други“) во двете земји, без оглед дали индивидуалниот одговор на прашањето е „Да“, „Не“ или „Неутрален“.

Како што покажуваат резултатите, 79% од „професионалците“ во Северна Македонија и 45% од „другите“ одговориле „ДА“ на прашањето дали социјалниот работник повеќе се занимава со сиромаштија, додека само 9% одговориле дека се занимава со превенција.

Одговорите на другата група во врска со сиромаштија се околу 56% и 49%, а за превентивното прашање се 16% и 15% во Северна Македонија и во Косово. Затоа, на прашањето 14.3 („Социјалните работници им помагаат на луѓето“), „професионалците“, како и „другите“, во двете земји одговориле дека се занимаваат со „проблеми поврзани со сиромаштијата“ наместо со „превентивни прашања“ (види различни криви од Графикон 10 , Прилог В). Сината крива (Сиромаштија-одговор) е најдоминантен одговор и за двете групи (за „професионалците“ и за „другите“). „Професионалците“ во двете земји се повеќе ориентирани кон „сиромаштијата“, т.е. сината крива е доминантна, без оглед на одговорот што го дадоа („Да“, „Не“ или „Неутрален“) на прашањето 14.3. И во двете земји постои мала разлика во случај на „други“ за оние што одговорија на прашањето со „Не“ или „Неутрално“. Всушност, може да се заклучи дека тие се повеќе ориентирани кон „превентива“ или „неутрални“. Сепак, бројот на луѓе што ги дадоа овие одговори е многу помал од оној на „професионалците“.

Како одговор на прашањето 14.4 - Дали социјалните работници можат да дадат советување („Социјалните работници можат да даваат советување, слично како и психологот или психијатарот“), Графикон 11 даден во Прилог В покажува дека професионалците, другите или оние што не се занимаваат професионално со социјалната работа одговориле дека социјалните работници повеќе се занимаваат со „проблеми на сиромаштијата“ наместо со „превентивни прашања“. Сината крива претставува „Одговори поврзани со сиромаштија“, што е нај доминантната крива за двата случаи („професионалци“ и „други“) во двете земји. Иако резултатите се слични на резултатите од прашањето 14.3, постои мала разлика во случајот на „професионалци“ во Косово што одговориле на прашањето со „Да“.

Всушност, може да се види дека има повеќе „неутрални“ отколку ориентирани кон „сиромаштија“. Сепак, бројот на луѓе што ги дадоа овие одговори е многу помал од оној во другите случаи.

Исто така, заедно се анализирани одговорите на сите прашања во двете земји. Како што е прикажано во графиконот 12 Прилог В, може да се заклучи дека „професионалците“ и „другите“ се занимаваат со „прашања поврзани со сиромаштијата“ наместо со „превентивни прашања“.

„Одговори поврзани со сиромаштија“ (сина крива) во повеќето случаи е најдоминантен одговор за двете категории („професионалци“ и „други“) во Косово и во Северна Македонија, „професионалците“ во двете земји се повеќе ориентирани кон „сиромаштијата“, т.е. сината крива е доминантна, без оглед на одговорот што го дадоа („Да“, „Не“ или „Неутрален“).

Конечно, од вкрстената анализа помеѓу возраста и сиромаштијата, наспроти превенцијата, анализирани се одговорите на сите прашања за двете земји. Може да се заклучи дека поединците од сите возрасни групи, во двете земји, се повеќе ориентирани кон „сиромаштија“ (сина крива), со исклучок во Косово, каде возрасната група од 45 години и повеќе се ориентирани кон „неутрални“ (види графикон 13).

*Графикон 13. Резултати од вкрстена анализа помеѓу возраста и сиромаштијата наспроти превентивата во двете земји за сите прашања заедно*



**4.4 Истражувачко прашање 4: Дали се очекува социјалните работници да ги променат традиционалните методи и пристапи на работа во справувањето со новите социјални ризици?**

Одговорите на прашањата 18, 19 и 20 помогаат да се анализира и процени ова истражувачко прашање. Според оваа анализа, се забележува дека и во Северна Македонија и во Косово има позитивен одговор на повеќето прашања. Затоа, може да се заклучи дека и во двете земји се очекува социјалните работници да ги променат традиционалните методи и пристапи на работа во справувањето со новите социјални ризици.

На прашањето 18 („Дали мислите дека видовите социјални проблеми за кои е потребна помош од социјален работник се променети, во изминатите 10 години?), како што е прикажано во графиконот 14, во двете земји „професионалците“, како и „други“ дале позитивен одговор.

На прашањето 19 („Со појавување на нови социјални проблеми, дали сметате дека традиционалните методи и пристапи се доволни за нивно решавање?) и во двете земји „професионалците“, како и „другите“, дадоа неутрален одговор (види графикон 14), зелените криви се подоминантни).

*Графикон 14. Резултати од вкрстената табеларна анализа „професионалци“ наспроти „другите“ и дадени одговори „Да наспроти Не и Неутрално“ во двете земји за прашањето „Дали мислите дека видовите социјални проблеми за кои е потребна помош од социјален работник се променети, во изминатите 10 години?“*




На прашањето 20 („Во делот на новите социјални прашања, дали сметате дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за социјалните методи и пристапи?“), Графикон 15 покажува дека во двете земји „професионалците“, како и „другите“, дадоа позитивен одговор.

Исто така, анализирани се одговорите на сите прашања заедно за двете земји. Може да се заклучи дека „професионалците“, како и „другите“, одговорија позитивно на сите прашања. Одговорот „Да“ (сината крива во графиконот 15) е најдоминантен одговор на мнозинството прашања за двете групи („професионалци“ и „други“) во Северна Македонија и во Косово.

*Графикон 15. Резултати од вкрстено табелирање помеѓу „професионалци“ наспроти „другите“ и дадени одговори „Да наспроти Не и Неутрален“ во двете земји за прашањето „Во делот на новите социјални прашања дали сметате дека социјалните работници треба да ги надградат своите знаења и капацитети за социјалните методи и пристапи?“, како и резултатите во врска со сите прашања заедно.*




Конечно, од вкрстената табела помеѓу возраста и одговорот „Да наспроти Не и Неутрален“ (види графикон 16) се анализирани одговорите на сите прашања, заедно за двете земји. Може да се заклучи дека поединците од сите возрасни групи, во двете земји се попозитивно ориентирани (сина крива), со исклучок на возрасната група (55+) во Македонија, кои се повеќе „неутрално“ ориентирани.

*Графикон 16. Резултати од вкрстена анализа помеѓу „возраст“ и дадени одговори „Да наспроти Не и Неутрален“ во двете земји за сите прашања заедно*




## 4.5 Истражувачко прашање 5: Дали социјалната работа се смета за потребна професија во рамките на образовниот систем?

Со овој методолошки инструмент се обидуваме да разбереме дали социјалната работа се смета како „потребна“ професија во рамките на образовниот систем, прашањата 21, 25 и 26 директно се поврзани со ова. Резултатите покажуваат дека во Северна Македонија и во Косово целните групи „професионалци“ и „други“ се позитивно ориентирани на даденото прашање (види сини криви во графиконот 17, кои доминираат над другите криви). Затоа, можеме да заклучиме дека социјалната работа се перципира како потребна професија во рамките на образовниот систем.

*Графикон 17. Согледување на социјалната работа како потребна професија во рамките на образовниот систем.*



Понатаму, со цел да се покаже дали професијата социјална работа се смета дека е потребна во рамките на образовниот систем, ќе се анализираат одговорите на прашањата (П21, П25 и П26) кои беа директно поврзани со оваа проблематика.

И „професионалците“, како и „другите“ од Северна Македонија и од Косово одговорија позитивно на П21 („Дали сметате дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини?“). Како што е прикажано во графиконот 18, сината крива (позитивен одговор на прашањето) доминира над другите криви и за „професионалците“ и за „другите“ без оглед од која држава се испитаниците.

*Графикон 18. Резултати од вкрстена анализа помеѓу „професионалци“ наспроти „другите“ и „Да наспроти Не и Неутрално“ во двете земји на прашањето „Дали сметате дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини?“*




На прашањето 25 („Во училишните средини, во овој момент, кој би бил најдобриот број на социјални работници?“), во двете земји „професионалците“, како и „другите“ одговорија „ДА“ (види сини криви од графикон 19, Прилог В). Слично на претходното прашање, позитивниот одговор на прашањето (прикажан со сина крива) доминира над другите одговори и за „професионалците“ и за „другите“, без оглед од која држава се испитаниците.

Конечно, на прашањето 26 („Дали мислите дека треба да има некоја политика што ги регулира училишните услуги за социјална работа?“), како што е прикажано во сините криви во графиконот 20, Прилог В, и „професионалците“, како и „другите“ во двете земји, дадоа позитивен одговор. Позитивниот одговор на прашањето е доминантен над

другите два можни одговори и за „професионалците“ и за „другите“ без оглед од која држава се испитаниците.

Од одговорот на овие прашања очигледно е дека целните групи „професионалци“ и „други“ имаат позитивен став на сите поставени прашања во Северна Македонија и во Косово (сини криви во графиконот 19, Прилог В). Затоа, може да се заклучи дека социјалната работа се перципира како потребна професија во рамките на образовниот систем.

**Општ опис на хипотеза и резултати**

Со цел да се направи тестирање на хипотеза, хипотеза за истражување се претставува како нулта и алтернативна хипотеза. Подолу може да се најде концептот на нултата и алтернативната хипотеза.

$H_0$ *(нултата хипотеза):*

$H_0: \mu_1 = \mu_2$ ,

$H_A$ *(Алтернативна хипотеза)*

$H_A: \mu_1 < \mu_2$ ,

За тврдењето на хипотезата, користен е t-тест на независни примероци со ниво на доверба од 95%, како и повеќекратни анализи на линеарна регресија.

## 4.6 Главна хипотеза: Разликите во перцепциите на јавноста за социјалниот работник се поврзани со личните карактеристики (возраст, образовен профил, професија) и очекувањата за неговото влијание.

Податоците собрани преку истражување за перцепцијата покажуваат дека постојат разлики во перцепциите на јавноста за социјалната работа во врска со личните/демографските карактеристики (возраста, образовниот профил, занимањето) и очекувањата за нејзиното влијание. Овие податоци ја потврдуваат главната хипотеза претпоставена во оваа дисертација. Ова може да се заклучи од одговорите на истражувачките прашања 1 и 2, како што е прикажано во графиконите 21 и 22, дека

личните карактеристики (возраст, образовен профил и професија) се главни фактори за различна перцепција на социјалната работа. Понатаму, лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалниот работник во општеството и поголеми очекувања за неговото влијание. Во графиконот 21, сите податоци прикажани за двете земји се над 50%, што значи дека имаат позитивно мислење.

*Графикон 21. Согледување на лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа*




Исто така, може да се заклучи дека перцепцијата на лицата што се помалку информирани и немаат никаква врска со социјалниот работник е генерално позитивна и во двете земји. Постои исклучок во групата македонски студенти (39,3%) кои се помалку позитивно ориентирани, како што е прикажано во графиконот 22.

*Графикон 22. Перцепција на лицата што се помалку информирани.*




За завршување на анализата за оваа дисертација, има пет потхипотези. За да се докажат сите потхипотези, користени се t-тест и тест со повеќе линеарни регресии. Т-тестот се користи за анализа на податоците собрани од секоја земја одделно и комбинирани податоци помеѓу двете земји, додека тестот за повеќекратна линеарна регресија се користи за анализа на комбинираните податоци.

### 4.7 Потхипотеза 1: Лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалната работа во општеството и поголеми очекувања за нејзиното влијание.

*t-тест анализа - за комбинирани податоци од Северна Македонија и од Косово*

Т-тест беше искористен за да се утврди дали луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа имаат позитивно мислење за улогата на социјалниот работник во општеството и поголеми очекувања за неговото влијание. Собраните податоци беа поделени во групата А и групата Б. Групата А ги претставува оние што се вработени во полето на социјална работа или тесно поврзана област, додека групата Б = друго се оние што се невработени или нивните полиња на експертиза се различни. Погледнете ја дефинираната вредност на Т во Прилог В.

Р-вредноста на Левеновиот тест е 0, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и може да се забележи дека мислењата на групите покажуваат статистички

значајна разлика затоа што вредноста на ""Sig. (2-tailed)"редот е помала од 0,05.Вредноста на t е: t (336,59) = -6,95, Вредноста на p = 0,00. (види Табела 11).

P-вредност е веројатност дека резултатите од податоците во примерокот се случајни. Ниските p-вредности покажуваат дека податоците не се појавиле случајно. Во дисертацијата е користена p-вредност од 0,05 (5%), која означува дека податоците се валидни.

*Табела 10. Групна статистика и тест за независен примерок, Групна статистика*

| вашата професија | | Број | Мислење | Стандардна девијација | Стандардната грешка на просекот |
|---|---|---|---|---|---|
| Кое е вашето мислење за улогата на социјалните работници во вашето општество? | Професионален социјален работник | 200 | 1.1400 | .37564 | .02656 |
| | Друго | 200 | 1.4850 | .89290 | .04192 |
| Дали очекувате позитивно влијание на социјалните работници | Професионален социјален работник | 200 | 1.2650 | .47529 | .03361 |
| | Друго | 200 | 1.7300 | .60741 | .4295 |

Првиот и вториот ред на табелата 10 претставуваат „а“ и „б“ категорија на потхипотезата. Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), се отфрла нултата во корист на алтернативната хипотеза и се заклучува резултатот од мислењето на учесниците што се прогласени за професионални социјални работници, односно лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) има пониска вредност за улогата на социјалниот работник (М = 1,14, СД = 0,37) од другите учесници што беа прогласени за непрофесионални социјални работници (М = 1,48, СД = 0,59) (види Табела 10). Сепак, поради фактот што во нашата група позитивниот одговор означен со „ДА“ има вредност 1, додека негативниот одговор во прашањето е означен со „НЕ“ и има вредност 2, помалата средна вредност на резултатот претставува попозитивно мислење и поголемата средна вредност на резултатот претставува повеќе негативно мислење[5] во однос на прашањето.

[5] За подетални информации во однос на групирањето на одговорите, видете во табела 2. во Поглавје 3.

Конечно, може да се заклучи дека има доволно докази за да се поткрепи тврдењето дека луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалниот работник во општеството.

Според тврдењето на хипотезата, доколку учесниците очекуваат позитивно влијание на социјалните работници, од приложените резултаи се покажаува дека p-вредноста на Левеновиот тест е 0,00, т.е. (p <0,05), не претпоставува еднаква варијанса и може да се види дека групните мислења се статистички значително различни, бидејќи вредноста во редот "Sig. (2-tailed)" е помала од 0,05.Вредноста на t е: t (376,24) = -8,53, вредноста на p: = 0,00.

Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), се отфрламе нултата во корист на алтернативната хипотеза и се заклучува дека резултатот од мислењето на учесниците што се прогласени за професионални социјални работници, односно луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) е со пониска вредност (т.е. имаат попозитивен став) за очекување позитивно влијание на социјалниот работник (M = 1,26, СД = 0,47) од другите учесници што беа прогласени за непрофесионални социјални работници (M = 1,73, СД = 0,60). Овој резултат е прикажан во Табела 10. Користена е исто  пондерирање како што е опишано погоре за да се направи пресметка за оваа хипотеза, што значи „ДА“ = 1 и „НЕ“ = 2.

Конечно, може да се заклучи дека има доволно докази за да се поткрепи тврдењето дека луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) очекуваат позитивно влијание на улогата на социјалниот работник во општеството.

Заклучок: Резултатите покажаа дека учесниците што беа прогласени за професионални социјални работници, т.е. лица чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалниот работник во општеството и очекуваат позитивно влијание на улогата на социјалниот работник во општеството. Со t-тест анализа се отфрла нултата хипотеза и се поддржува алтернативната хипотеза.

Дополнително, за тврдењето на хипотезата за мислењето за улогата на социјалниот работник во општеството и очекувањата за неговото влијание, истиот „Тест за независни

примероци“ со ниво на сигурност од 95% се користи одделно за двете земји - Косово и Северна Македонија. ( Табела11 ПрилогВ)

**Резиме на исходот на потхипотеза 1 за учесниците на двете земји:**

Може да се заклучи дека професионалците во областа или тесно поврзана област во двете земји сметаат дека социјалниот работник има позитивна улога и влијание врз општеството, додека другите не сметаат дека влијанието на социјалниот работник и неговата улога се маргинално позитивни, насочена кон негативни.

*Табела 12. Мислење за улогата и влијанието на социјалните работници (двете земји)*

| | Улогата на социјалниот работник | Влијанието на социјалниот работник |
|---|---|---|
| Професионалци | + | + |
| Други | + → − | - |

„+“ претставува средната вредност што е помала од 1,4.

„-“ претставува средната вредност поголема од 1,6.

„+ → -“ претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,4.

*Т-тест анализа - за податоци од Северна Македонија*

Во случајот на Северна Македонија, се отфрла нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза и се заклучува дека резултатаите за мислењето на учесниците што се прогласени за професионални социјални работници, т.е. лица чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) се со пониска вредност (т.е. имаат попозитивен став) во врска со улогата на социјалниот работник ($M = 1,09$, $СД = 0,29$) во споредба со „другите“ учесници кои не се прогласени за професионални социјални работници ($M = 1,43$, $СД = 0,59$), $t(143,48) = -5,177$, $p = 0,00$, а резултатот за нивното мислење е со пониска вредност (т.е. имаат попозитивен став) за очекувањата на влијанието на социјалниот работник ($M = 1,33$, $СД = 0,49$) од „другите“ учесници ($M = 1,81$, $SD = 0,56$), $t(198) = -6,41$, $p = 0,00$ (види Табела 13, Прилог В).

**Резиме на исходот на потхипотеза 1 за учесниците во Северна Македонија:**

Затоа, може да се заклучи дека „професионалците“ од обласата или тесно поврзаната област во Северна Македонија сметаат дека социјалните работници имаат позитивна улога и влијание во општеството. Но, „другите“ не сметаат дека социјалните работници имаат влијание и нивната перцепција во врска со улогата на социјалниот работник е маргинално позитивна, насочена кон негативна.

*Табела 14. Мислење за улогата и влијанието на социјалните работници (Северна Македонија)*

| | Улогата на социјалниот работник | Влијанието на социјалниот работник |
|---|---|---|
| Професионалци | + | + |
| Други | + → – | - |

„+“ претставува средната вредност што е помала од 1,4.
„-“ претставува средната вредност поголема од 1,6.
„+ → -“ претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,4.

*Т-тест анализа - за податоци од Косово*

Во случајот на Косово, се отфрла нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза и се заклучува дека резултатот за мислењето на учесниците што се прогласени за професионални социјални работници, т.е. лица чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) е со пониска вредност (т.е. имаат попозитивен став) во врска со улогата на социјалниот работник (M = 1,19, СД = 0,44) отколку другите учесници прогласени за нестручни социјални работници (M = 1,54, СД = 0,59), т (183,14) = -4,73, p = 0,00, резултатот за нивното мислење е со пониска вредност (т.е. имаат попозитивен став) во врска со очекувањата на влијанието на социјалниот работник (M = 1,20, СД = 0,45) отколку другите учесници ( M = 1,65, SD = 0,64), t (177,31) = -5,74, p = 0,00 (види Табела 15, Прилог В).

**Резиме на исходот на под-хипотезата 1 за учесниците на Косово:**

Затоа, може да се заклучи дека „професионалците“ од областа или тесно поврзаната област во Косово се на мислење дека социјалните работници имаат позитивна улога и влијание врз општеството. Од друга страна, „другите“ не сметаат дека социјалниот работник има влијание и неговата улога е маргинално негативна, насочена кон позитивна.

*Табела 16. Мислење за улогата и влијанието на социјалните работници (Косово)*

| | Улогата на социјалниот работник | Влијанието на социјалниот работник |
|---|---|---|
| Професионалци | + | + |
| Други | –→ + | - |

„+“ претставува средната вредност што е помала од 1,4.

„-“ претставува средната вредност поголема од 1,6.

„+ → -“ претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,6.

*Т-тест анализа - Споредба на резултатите од двете земји*

Според резултатите, може да се заклучи дека во случај на споредба на мислењето за улогата на социјалните работници, без оглед дали учесниците се „професионалци“ или „други“, двете земји имаат позитивен став со мала разлика: Северна Македонија (М = 1,26, СД = 0,49) наспроти Косово (М = 1,36, СД = 0,55); Испитаниците од Северна Македонија се за нијанса попозитивни во споредба со оние во Косово. Додека во случај на очекувано влијание на социјалните работници во Северна Македонија, испитаниците се за нијанса понегативно ориентирани во споредба со оние на Косово, кои се малку попозитивно ориентирани: Северна Македонија (М = 1,57, СД = 0,58) наспроти Косово (М = 1,42, СД = 0,59) (види Табела 17, Прилог В).

Мислењето за улогата на социјалниот работник во Северна Македонија е малку попозитивно во споредба со Косово, што може да се должи на:

• Концептот за социјална работа е интегриран и е застапен во повеќе институции во Северна Македонија, додека во Косово е многу ограничен.

• Интеграцијата на социјалната работа во институциите е регулирана со закон во Северна Македонија, додека во Косово сè уште не е интегрирана.

• Иако концептот на социјална работа не е целосно воспоставен во Северна Македонија, тој е признаен од општеството како професионално поле, додека во Косово социјалниот работник и одговорноста сè уште не се признаваат.

Влијанието на социјалниот работник во Северна Македонија е малку понегативно во споредба со Косово, што може да се должи на:

• Бројот на социјални работници е ограничен.
• Улогата на социјалниот работник е ограничена.
• Социјалните работници се ограничени со прописите во земјата.
• Буџетот за социјален работник е ограничен.

Конечно, може да се заклучи дека на прашањето за мислењето на социјалните работници и за „професионалците“ и за „другите“, испитаниците во Северна Македонија имаат попозитивен став во споредба со испитаниците на Косово. Додека во однос на прашањето за очекување на влијанието на социјалните работници, и „професионалците“ и „другите“ во Косово имаа малку попозитивен став во споредба со испитаниците во Северна Македонија.

*Графикон 23. Споредба на мислења помеѓу Косово и Северна Македонија за улогата на социјалните работници: „професионалци“ наспроти „други“.*



*Графикон 24. Споредба на мислењата помеѓу Косово и Северна Македонија за очекувањата за влијанието на социјалните работници: „професионалци“ наспроти „други“.*




*Табела 18.. Резиме на исходот од потхипотезата 1 за споредба помеѓу две земји:*

| | Северна Македонија | Косово |
|---|---|---|
| Улогата на социјалните работници | + | + |
| Влијанието на социјалните работници | - | + |

„+“ претставува средната вредност што е помала од 1,4.

„-“ претставува средната вредност поголема од 1,6.

## *Повеќекратна анализа на линеарна регресија*

Користени се повеќекратни анализи на линеарна регресија за да се одреди улогата на социјалните работници и влијанието на социјалните работници. Секоја категорија се симулира одделно користејќи ги истите предвидени варијабли како што е опишано подолу.

Во статистичка анализа со SPSS користени се следниве 4 предвидени варијабли во рамките на прашалникот:

- Степен (што претставува групирање на професии во „професионалци“ = 1 и „други“ = 2)
- Професија (која е професија на испитаниците)
- Возраст (што претставува групирање на возраста на испитаниците)
- Националност (која е земјата на потекло/каде живеат испитаниците: Македонија или Косово)

Како и зависната варијабла:

- Кое е вашето мислење за улогата на социјалниот работник во вашето општество?

За да се потврди хипотезата за мислењето за улогата на социјалниот работник во општеството, со помош на SPSS генерирани се неколку табели за повеќекратна регресивна анализа. Прво, се утврди колку добро се вклопува дадениот модел за да ги прикажеме резултатите добиени од повеќекратната линеарна регресија за првата пот хипотеза.

Првично, ќе се толкува сумарната табела на моделот. Оваа табела ја дава вредноста на R2, прилагоден R2 и стандардната грешка на процената што ќе се користи за да се утврди како нашиот модел на регресија одговара на нашите податоци.

Колоната R, „коефициент на повеќекратна корелација“, го мери квалитетот на предвидување на зависната варијабла. Оваа вредност е 0,718 во нашиот случај на дисертација и покажува *многу добро ниво на предвидување*.

Колоната R 2, „R Square“, што е пропорција на варијантата во зависната варијабла објаснета со независните варијабли, во овој случај е 0,516. Тоа значи дека нашите независни варијабли објаснуваат 51,6% од варијабилноста на нашата зависна варијабла. (Види Табела 19).

*Табела 19. Резиме на моделот*

*Резиме на моделот*

| Модел | R | R Square | Adjusted R Square | Std. Error of the Estimate |
|---|---|---|---|---|
| 1 | .718[a] | .516 | .508 | .28355 |

а) Предвидување: (Константно), Косово - Северна Македонија, која е вашата моментална професија, која е вашата возраст, која е вашето академско ниво на социјална работа?

б) Зависна варијабла: Какво е вашето мислење за улогата на социјалните работници во вашето општество?

Друго важно тестирање на нашиот модел е статистичка значајност. Со F-фреквенција во ANOVA, проверено е дали целокупниот модел на регресија добро одговара на нашите податоци. Од резултатите дојдовме до заклучок дека нашите независни варијабли ја предвидуваат зависната варијабла со статистичко значење, $F (4,251) = 66,766$, $p <0,001$, (*т.е. нашиот модел на регресија е добро вклопен за податоците*).

Бидејќи веројатноста на F статистички ($p <0,001$) беше помала или еднаква на нивото на значење (0,05), т.е. $p \leq 0,05$, нултата хипотеза беше одбиена. (Види Табела 20, Прилог В).

Нестандардизираните коефициенти покажуваат колку зависната варијабла варира во рамките на една независна варијабла кога сите други независни варијабли остануваат постојани. Од табелата за коефициенти можеме да заклучиме дека следното мислење за улогата на социјалните работници, во просек, кога вредностите се зголемуваат (од 1 на 3, т.е. од „ДА“ - позитивно мислење, на „НЕ“ - негативно мислење или „неутрално“ - неутрално мислење) [4]

- Зголемување на вредностите на степенот на социјална работа во просек за 0,898 (види колона Б од Табела 21, Прилог В (т.е. од 1 - „професионалци“ кон 2 - „други“). Тоа значи дека во просек постои многу силна позитивна корелација, така што менувањето од „професионалци“ (т.е. социјални работници, педагози, психолози и правници) во „други“ (т.е. студенти и други професии што не се поврзани со социјалната работа) се менува од позитивно мислење кон негативно мислење. Затоа, корелацијата може лесно да се провери помеѓу проценетиот модел и оваа пот хипотеза.

• За сите други независни варијабли има многу слаба опаѓачка корелација (негативни вредности на колоната Б) и не се толку значајни (Табела 21, Прилог В).

а) Зависна варијабла: Какво е вашето мислење за улогата на социјалните работници во вашето општество?

Статистичко значење на независните варијабли. Од табелата 21 можеме да добиеме статистичко значење за сите независни варијабли. Sig. колоната гледаме дека p <0,05 е за независната варијабла, „Кој е вашиот степен на социјална работа“, т.е. оваа варијабла е статистички значително различна (нула), додека другите независни варијабли не се.

Конечно, може да се заклучи дека има доволно докази за да се поткрепи нашето тврдење дека луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и адвокати) имаат позитивно мислење за улогата на социјалниот работник во општеството.

Дополнително, извршени се анализите за повеќекратната линеарна регресија за очекувањата на улогата на социјалниот работник во општеството. Се користи истата варијабла и истата методологија како и во претходниот случај.

Како што се прикажани резултатите, квалитетот на предвидување на зависната варијабла е 54,9%, и означува подобно ниво на предвидување, додека нашите независни варијабли објаснуваат 30,2% од варијабилноста на нашата зависна варијабла. (види Табела 22).

*Табела 22. Резиме на моделот*

*Резиме на моделот*

| Модел | R | R Square | Adjusted R Square | Std. Error of the Estimate |
|---|---|---|---|---|
| 1 | .549a | .302 | .295 | .51494 |

а) Независни варијабли: (Константен), кој е Вашиот образовниот степен на социјална работа, која е моменталната струка/професија, која е вашата возраст во Косово-Македонија,?

б) Зависна варијабла: Дали очекувате позитивно влијание од страна на социјалните работници?

Од резултатите може да заклучиме дека нашите независни варијабли статистички значително ја предвидуваат зависната варијабла, F (4,440) = 47,495, p <0,001, (т.е. нашиот модел на регресија е одговара на податоците). Од p≤0.05, нултатата хипотеза беше одбиена. (види Табела 23, Прилог В).

а) Зависна варијабла: Дали очекувате позитивно влијание од страна на социјалните работници?

б) Независни варијабли: (Константен), кој е Вашиот образовниот степен во Косово - Македонија,?

Според покажаните резултати од коефициентите, може да се заклучи дека мислењето за очекувањата на улогата на социјалниот работник во општеството, во просек, кога вредностите ќе се зголемат (од 1 на 3, т.е. од „ДА“ - Позитивно мислење, на „НЕ“- Негативно мислење или на „Неутрално “ - Неутрално мислење), постои:

- Зголемување на вредностите на степенот на социјална работа во просек за 0,708, т.е. од 1 - „професионалци“ кон 2 - „други“. Тоа значи дека во просек постои позитивна корелација кога се менува од „професионалци“ (т.е. социјални работници, педагози, психолози и правци) во „други“ (т.е. студенти и други професии што не се поврзани со социјалната работа), го менува и позитивното мислење кон негативно мислење. Затоа, лесно може да се потврди корелацијата помеѓу проценетиот модел и оваа потхипотеза.
- За сите други независни варијабли има многу слаба опаѓачка корелација (негативни вредности на Б колона) кои не се толку значајни. (Види Табела 24, Прилог В).

Понатаму, го добиваме статистичкото значење за сите независни варијабли. Бидејќи p <0,05 е само за независните варијабли „Кој е Вашиот образовниот степен во социјалната работа“ и „Косово-Македонија“, можеме да заклучиме дека овие две варијабли се статистички значително различни од 0 (нула), додека другите независни варијабли не се.

Конечно, може да се заклучи дека има доволно докази за да се поткрепи тврдењето дека луѓето чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) очекуваат позитивно влијание на улогата на социјалната работа во општеството.

- Заклучок: Беше извршена повеќекратна регресија за да се предвиди мислењето за улогата на социјалните работници во општеството со оние што дипломирале социјална работа, тековна струка/професија, возраст и потекло на земјата. Овие променливи, статистички значително го предвидоа позитивното мислење за

улогата на социјалните работници, (4,251) = 66,766, p <0,001, R ^ 2 = 0,516, R = 0,718. Од табелата за стандардизирани коефициенти, најголемата бета-вредност е 0,736, така што можеме да заклучиме дека најважната независна променлива е „Образовниот степен во социјалната работа “, односно група на професии поврзани со социјална работа. Само една од четирите независни варијабли, т.е. „кој е вашиот образовниот степен во социјалната работа “ е статистички значајна за предвидувањето p <0,05, нултата хипотеза за тврдење за улогата на социјална работа во општеството е одбиена. За тврдењето на потхипотезата за влијанието на улогата на социјалниот работник во општеството, се спроведе повеќекратна регресија за да се предвиди очекувањето на влијанието на социјалниот работник во општеството со степенот на академско ниво на социјална работа, моменталната струка/професија, возраст и од која земја потекнува.. Овие варијабли статистички значително го предвидоа позитивното мислење за улогата на социјалните работници, F (4,440) = 47,495, p <0,001 R ^ 2 = 0,302, R = 0,549. Според резултатите прикажани од стандардизираните коефициенти (види Табела 24, наведени во Прилог В), најголемата бета-вредност е 0,578, така што можеме да заклучиме дека најважната независна променлива е „степен на образование за социјалната работа“, односно групата на професии поврзани со социјалната работа. Две од четири независни варијабли, т.е. „кој е вашиот степен на образование за социјална работа“ и „Косово-Северна Македонија“ се статистички значајни за предвидувањата, <0,05, нултата хипотеза за тврдење за влијанието на улога на социјалната работа во општеството исто така е отфрлена.

Во целина, со употреба на повеќекратна линеарна регресивна анализа може да се заклучи дека има доволно докази за да се поткрепи нашето тврдење дека лицата чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) имаат позитивно мислење за улогата на социјалната работа во општеството и поголеми очекувања за нејзиното влијание.

*Табела 25. Резиме на исходот на потхипотеза 1 со употреба на повеќестепен тест за линеарна регресија (МЛРТ)*

| Зависни/независни варијабли | Улогата на социјалната работа | Влијанието на социјалната работа |
|---|---|---|
| Степен на академско ниво | + | + |
| Професија | Не е значајно | Не е значајно |
| Возраст | Не е значајно | Не е значајно |
| Националност | Не е значајно | Не е значајно |

„+" Претставува позитивна корелација помеѓу независните и зависните варијабли

## 4.8 Потхипотеза 2: Лицата што се помалку информирани и немаат никаква врска со социјалната работа имаат негативно мислење за социјалната работа и помали очекувања за нејзиното влијание.

*Т-тест анализа - за комбинирани податоци од Северна Македонија и од Косово*

За тврдењето за мислењето за улогата на социјалните работници од групата „добро" информирани луѓе и „помалку" информирани луѓе, p-вредноста на Левеновиот тест е 0,634, т.е. ($p> 0,05$). Се претпоставува еднаква варијанса и може да види дека мислењата од групата не се статистички значително различни. Вредноста на t е: $t (398) = 0,186$, $p = 0,853$. (види Табела 26).

*Табела 26. Групна статистика*

*Групна статистика*

| | Дали некогаш сте чуле за социјален работник? | Број | Мислење | Стандардна девијација | Стандардната грешка на просекот |
|---|---|---|---|---|---|
| Кое е вашето мислење за улогата на социјалните работници во вашето општество? | Да | 311 | 1.3151 | 0.53012 | 0.03006 |
| | Не | 89 | 1.3034 | 0.50911 | 0.05397 |
| Дали очекувате позитивно влијание од страна на социјалните работници | Да | 311 | 1.4469 | 0.60874 | 0.03452 |
| | Не | 89 | 1.6742 | 0.4987 | 0.05246 |

Заклучок: извршена е повеќекратна регресија за да се предвиди мислењето за прашањето „Социјалните работници најчесто се занимаваат со проблеми поврзани со сиромаштијата“, од варијаблите: „Социјалните работници можат да обезбедат советување, слично на психологот или психијатарот“, „Социјалните работници првенствено се занимаваат со благосостојбата на луѓето“, „Социјалните работници првенствено се занимаваат со детски прашања“, „Социјалните работници им помагаат на луѓето“, „Која е вашата возраст“ и прашањето во врска со земјата на потекло „Косово-Македонија“. Овие варијабли статистички значително го предвидоа позитивното мислење за улогата на социјалните работници, $F (6,437) = 3,735$, $p \leq 0,001$, $R ^ 2 = 0,049$, $R = 0,221$. Од стандардизираните коефициенти (види Табела 54) најголемата бета-вредност е 0,142, така што можеме да заклучиме дека најважната независна варијабла е „Социјалните работници првенствено се занимаваат со детски проблеми“. Две, од шест варијабли, поточно, „Социјалните работници првенствено се занимаваат со детски проблеми“ и „Која е вашата возраст“ се статистички значајни за предвидувањето со $p <0,05$, нултата хипотеза за првиот дел од хипотезата за истражување е отфрлена. За вториот дел од потхипотезата се спроведе повеќекратна регресија за да се предвиди очекувањето на прашањето „Дали социјалните работници претежно се занимаваат со превентивна работа“ од варијаблите

„Социјалните работници можат да обезбедат советување, слично на психологот или психијатарот“, „Социјалните работници првенствено се занимаваат со благосостојбата на луѓето“, „Социјалните работници првенствено се занимаваат со детски проблеми“, „Социјалните работници им помагаат на луѓето“, „Која е вашата возраст“ и прашањето за потеклото „Косово-Македонија“. Овие варијабли статистички значително го предвидоа позитивното мислење за улогата на социјалните работници, F (6,436) = 7,309, p <0,001, R ^ 2 = 0,091, R = 0,302. Од стандардизираните коефициенти, најголемата бета-вредност е 0,173, па можеме да заклучиме дека најважната независна варијабла е „Социјалните работници можат да обезбедат советување, слично на психологот или психијатарот (види Табела 37, Прилог В). Две од четири независни варијабли, т.е. „Социјалните работници можат да обезбедат советување, слично на психологот или психијатарот“ и „Косово - Северна Македонија“ се статистички значајни за предвидувањата <0,05, па оттука и нултата хипотеза за вториот дел од хипотезата за истражувањето е исто така одбиена.

Општо, со употреба на повеќекратна линеарна регресивна анализа е поддржана алтернативната хипотеза, па можеме да заклучиме дека алтернативната хипотеза за истражувањето е прифатена.

*Табела 58. Резиме на исходот на потхипотеза 3 со употреба на повеќе степен тест за линеарна регресија (МЛРТ)*

| Независна/зависна варијабла | Превенција | Сиромаштија |
|---|---|---|
| Советување, слично на психологот или психијатарот | + | Не е значајно |
| Благосостојба | Не е значајно | Мала |
| Прашања поврзани со децата | Мала | + |
| Помагање на луѓето | Мала | Мала |
| Возраст | Не е значајно | Не е значајно |
| Националност | Не е значајно | Не е значајно |

**Потхипотеза 4: Во справувањето со новите социјални ризици социјалните работници се очекува да ги променат традиционалните методи и пристапи на работа.**

*Т-тест анализа - за комбинирани податоци од Северна Македонија и од Косово*

За тврдењето во врска со традиционалните методи и пристапи меѓу испитаниците што сметаат дека нивото на прашања, проблеми за кои се потребни социјални работници ќе се зголеми и испитаниците што мислат дека нивото ќе остане исто или ќе се намали за секоја зависна варијабла, го анализираме Левиновиот тест за еднаквост на варијансите и Т-тест за еднаквост на значење. Врз основа на резултатите можеме да го наведеме следново:

- Немаше значајна разлика во резултатот на значењето на одговорите за прашањето за употребата на традиционалните методи и пристапи помеѓу групата лица што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто. (M = 2,37, СД = 0,81) наспроти (M = 2,33, СД = 0,78). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,511, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите статистички не се значително различни. Вредноста на t е: t (296) = 0,368, вредноста на p = 0,713. (види Табела 59). Бидејќи значајната p-вредност е поголема од 0,05 (p> 0,05), не успеваме да ја отфрлиме нултата хипотеза за ова тврдење.
- Има значителна разлика во резултатот на одговорите за прашањето за употребата на традиционалните методи и пристапи меѓу групата лица што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми за кои се потребни социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (M = 2,37, СД = 0,81) наспроти (M = 1,82, СД = 0,94). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,027, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (31.776) = 2.953, вредноста на p = 0.006. (види Табела 60 Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.
- Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата во врска со развојот на знаењето и капацитетите, помеѓу група индивидуи што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални

работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто. (M = 1,64, СД = 0,92) наспроти (M = 1,98, СД = 0,94). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,605, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средината е статистички значително различна. Вредноста на t е: t (296) = 2.486, вредноста на p = 0,013. (види Табела 59 Прилог В ). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

- Има значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата во врска со развојот на знаењето и капацитетите, помеѓу група индивидуи што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (M = 1,64, СД = 0,92) наспроти (M = 1,28, СД = 0,71). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,00, т.е. (p <0,05), еднаква варијанса не се претпоставува и можеме да видиме дека мислењата на групата се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (38,391) = 2,444, вредноста на p = 0,019. (Види Табела 60 Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

Со користење на Т-тест анализата се отфрла нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење, затоа е поддржана алтернативната хипотеза, па може да се заклучи дека алтернативната хипотеза за истражување е прифатена.

*Табела 61. Резиме на исходот на пот хипотеза 4 за учесниците за двете земји*

| | доволност на традиционалните методи и пристапи | развојот на знаењата и капацитетите |
|---|---|---|
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „да биде приближно исто“ | неуспешно | одбиено |
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „опаѓање“ | одбиено | одбиено |

*Т-тест анализа - за податоци од Северна Македонија*

• Нема значителна разлика во резултатот на значењето на одговорите за прашањето за употребата на традиционалните методи и пристапи меѓу испитаниците во Северна Македонија што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми за кои се потребни социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто (M = 2,41, СД = 0,79) наспроти (M = 2,53, СД = 0,70). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,150, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите статистички не се значително различни. Вредноста на t е: t (143) = 0,819, вредноста на p = 0,414. (види Табела 62, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е поголема од 0,05 (p> 0,05), не успеваме да ја отфрлиме нултата хипотеза во ова тврдење.

• Има значителна разлика во резултатот на одговорите за прашањето за употребата на традиционалните методи и пристапи помеѓу групата испитаници во Северна Македонија што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (M = 2,41, СД = 0,79) наспроти (M = 1,86, СД = 0,95). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,128, т.е. (p> 0,05), претпоставува еднаква варијанса и може да се забележи дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (123) = 2,39, вредноста на p = 0,018. (види Табела 63, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

• Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата за развојот на знаењето и капацитетите меѓу испитаниците во Северна Македонија што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто. (M = 1,85, СД = 0,97) наспроти (M = 1,91, СД = 0,99). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,633, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (143) = 0,338, вредноста на p =

0,73. (види Табела 62, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е поголема од 0,05 (p> 0,05), не успеваме да ја отфрлиме нултата хипотеза во врска со ова тврдење.

• Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата за развојот на знаењето и капацитетите помеѓу испитаниците во Северна Македонија што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (М = 1,85, СД = 0,97) наспроти (М = 1,00, СД = 0,71). P-вредноста на Левеновиот тест е 0,00, т.е. ($p < 0,05$), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: $t(123) = 2,39$, вредноста на $p = 0,018$. (види Табела 63, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 ($p < .05$), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење..

Со користење на Т-тест анализата делумно се отфрла нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење, затоа алтернативната хипотеза е само делумно поддржана, па може да се заклучи дека алтернативната хипотеза за истражување е само делумно прифатена.

*Табела 64. Резиме на исход на потхипотеза 4 за учесниците во Северна Македонија*

| | доволност на традиционалните методи и пристапи; | развојот на знаењата и капацитетите |
|---|---|---|
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „да биде приближно исто“ | неуспешно | неуспешно |
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „опаѓање“ | одбиено | одбиено |

*Т-тест анализа - за податоци од Косово*

Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата за доволност на традиционалните методи и пристапи помеѓу испитаниците во Косово што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми, проблеми што бараат социјални

работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто. (М = 2,34, СД = 0,82) наспроти (М = 2,04, СД = 0,81). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,193, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите статистички не се значително различни. Вредноста на t е: t (151) = 1,64, вредноста на p = 0,103. (види Табела 65, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е поголема од 0,05 (p> 0,05), не успеваме да ја отфрлиме нултата хипотеза во ова тврдење.

Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата за доволност на традиционалните методи и пристапи помеѓу испитаниците во Косово што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (М = 2,34, СД = 0,82) наспроти (М = 1,78, СД = 0,97). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,114, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (141) = 2,351, вредноста на p = 0,020. (види Табела 65, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата во врска со развојот на знаењето и капацитетите помеѓу испитаниците во Косово што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе остане исто. (М = 1,47, СД = 0,84) наспроти (М = 2,08, СД = 0,88).

Од табелата 65, p-вредноста на Левеновиот тест е 0,587, т.е. (p> 0,05), се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (151) = 3,247, вредноста на p = 0,001.Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p> 0,05), ја отфрламе нултата хипотеза во врска со ова тврдење.

Постои значителна разлика во просекот на резултатите од прашањата за развојот на знаењето и капацитетите помеѓу испитаниците во Косово што сметаат дека ќе се зголеми нивото на прашања, проблеми што бараат социјални работници и групата што мисли дека нивото ќе се намали. (М = 1,47, СД = 0,84) наспроти (М = 1,57, СД = 0,94).

Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,395, т.е. ($p > 0,05$), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (15,347) = 0,377, вредноста на p = 0,711. (Види Табела 66, Прилог В)

Бидејќи значајната р-вредност е поголема од 0,05 ($p > 0,05$), не успеваме да ја отфрлиме нултата хипотеза во врска со ова тврдење.

Со користење на Т-тест анализа делумно ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење, затоа алтернативната хипотеза е само делумно поддржана, па можеме да заклучиме дека алтернативната хипотеза за истражување е само делумно прифатена.

*Табела 66. Резиме на исходот на потхипотеза 4 за учесниците за Косово*

| | доволност на традиционалните методи и пристапи | развојот на знаењата и капацитетите |
|---|---|---|
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „да биде приближно исто“ | Неуспешно | Одбиено |
| Потребно е на ниво на социјален работник<br>Случај: „Зголемување“ наспроти „опаѓање“ | Одбиено | неуспешно |

*Повеќекратна анализа на линеарна регресија*

Тука ја користиме истата методологија како и во претходната хипотеза. Со програмата SPSS користевме 2 (две) независни варијабли:

- Дали со воведувањето нови социјални прашања сметате дека традиционалните методи и пристапи се доволни за нивно решавање?
- Во прилог на новите социјални прашања, дали сметате дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за социјалните методи и пристапи?

Како и зависна варијабла:

- Нивото на прашања за кои се потребни социјални работници.

Од табелата 67 го мериме квалитетот на предвидување на зависната варијабла, што е во нашиот случај 0,153 и укажува на многу ниско ниво на предвидување за нашата нулта хипотеза, додека нашите независни варијабли објаснуваат само 2,3% од варијабилноста на нашата зависна варијабла.

*Табела 67. Резиме на моделот*

*Резиме на моделот*

| Модел | R | R Square | Adjusted R Square | Std. Error of the Estimate |
|---|---|---|---|---|
| 1 | .153[a] | .023 | .019 | .76836 |

а) Независни варијабли: (Константни), дали во прилог на новите социјални прашања сметате дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за социјалните методи и пристапи? Со воведување нови социјални прашања, мислите дека традиционалните методи и пристапи се доволни за нивно решавање?

б) Зависна варијабла: Во иднина, нивото на прашања за кои се потребни социјални работници.

Од резултатите доаѓаме до заклучок дека нашите независни варијабли статистички не ја предвидуваат значително зависната варијабла, $F(2,397) = 4,762$, $p > 0,001$, (т.е. нашиот модел на регресија не одговара на податоците). Бидејќи веројатноста за статистика на F беше помала од нивото на значење (0,05), т.е. $p < 0,05$, ние ја отфрламе нултата хипотеза

Од коефициентите може да се заклучи дека мислењето за „нивото на прашања за кои се потребни социјални работници“ во просек, кога вредностите ќе се зголемат (од 1 на 3, т.е. од „Намали“ - Негативно мислење, „Биди приближно исто“ - Неутрално мислење или „Зголеми“ - Позитивно мислење), постои:

- Зголемување во просек за 0,137 за независната варијабла „дали во прилог на новите социјални прашања сметате дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за социјалните методи и пристапи?“ Тоа значи дека во просек постои позитивна корелација.
- Зголемување во просек од 0,030 за независната варијабла во прилог на новите социјални прашања, дали во прилог на новите социјални прашања сметате дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за

социјалните методи и пристапи?“ Тоа значи дека во просек постои многу слаба позитивна корелација.

*Табела 68. Резиме на исходот на пот хипотеза 4 со користење повеќе степен тест за линеарна регресија (МЛРТ)*

| Независна/зависна варијабла | Ниво на прашања што бараат социјални работници |
|---|---|
| доволност на традиционалните методи и пристапи | + |
| развојот на знаењата и капацитетите | Не значаен |

## 4.10 Потхипотеза 5: Перцепцијата за потребата од училишна социјална работа е тесно поврзана со општата слика за социјалната работа.

*Т-тест анализа за двете земји*

За тврдењето за потребата од социјални услуги помеѓу испитаниците што сметаат дека нивото на прашања, проблеми што бараат вклучување на социјални работници ќе се зголеми и групата што мисли дека нивото ќе остане исто или ќе се намали, и испитаниците што се задоволни или многу задоволни од услугите на социјалните работници, за секоја зависна варијабла, го анализираме Левеновиот тест за еднаквост на варијации и Т-тест за еднаквост на значњење. Врз основа на резултатите можеме да го наведеме следново:

- Има значителна разлика во резултатот од одговорите на прашањето за перцепцијата на потребата за услуги од социјалните работници во училишните средини помеѓу испитаниците што сметаат дека треба да се зголеми бројот на социјални работници и оние што сметаат дека не треба да се зголеми бројот на социјални работници. (М = 1,29, СД = 0,65) наспроти (М = 1,66, СД = 0,71). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,003, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни бидејќи вредноста е помала од 0,05. Вредноста на t е: t (138,435) = 4,62, вредноста на p = 0,00. (види Табела 69, Прилог В). Бидејќи значајната p-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

• Има значителна разлика во резултатот од одговорите на прашањето за перцепцијата на потребата за услуги на социјалните работници во училишните средини помеѓу испитаниците што се задоволни од услугите на социјалните работници и оние што не се задоволни од услугите на социјалните работници. (М = 1,27, СД = 0,61) наспроти (М = 1,52, СД = 0,73). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,00, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (183.221) = 42,75, вредноста на p = 0,006. (види Табела 70, Прилог В). Бидејќи значајната р-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

• Има значителна разлика во резултатот од одговорите на прашањето за искуството на социјалните услуги во училишна средина помеѓу испитаниците што мислат дека бројот на социјални работници треба да се зголеми и оние што мислат дека не треба да се зголеми. (М = 1,81, СД = 0,79) наспроти (М = 2,11, СД = 0,60). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,00, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (195,148) = 3,74, вредноста на p = 0,00. (види Табела 69, Прилог В) Бидејќи значајната р-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

• Имаше значителна разлика во резултатот од одговорите на прашањето за искуството на социјалните услуги во училишна средина помеѓу испитаниците што се задоволни од услугите на социјалните работници и оние што не се задоволни од услугите на социјални работници. (М = 1,71, СД = 0,82) наспроти (М = 1,93, СД = 0,73). Р-вредноста на Левеновиот тест е 0,002, т.е. (p <0,05), не се претпоставува еднаква варијанса и можеме да видиме дека средините на групите се статистички значително различни. Вредноста на t е: t (221,425) = 2,11, вредноста на p = 0,036. (види Табела 71 Прилог В). Бидејќи значајната р-вредност е помала од 0,05 (p <.05), ние ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење.

*Табела 72. Резиме на исходот на потхипотеза 5 за учесниците за двете земји*

| | Задоволен со квалитетот | Незадоволен со квалитетот |
|---|---|---|
| Потреба за услуги на социјален работник во училиштето | + | – → + |
| Искуство со социјални услуги во училиштето | - | - |

„+“ Претставува средната вредност што е помала од 1,4.

„-“ Претставува средната вредност поголема од 1,6.

„+ → -“ Претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,4.

„- → +“ Претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,6.

За одделните случаи на тестирање за Северна Македонија и за Косово, анализираните резултати се речиси исти како и заедничките резултати. Добиените податоци покажаа многу слични резултати (види Табела 73, Прилог В)

*Табела 74. Резиме на исходот на пот хипотеза 5 за учесниците за Косово/Северна Македонија*

| | Задоволен со квалитетот | Незадоволен со квалитетот |
|---|---|---|
| Потреба за услуги на социјален работник во училиштето | + | - |
| Искуство со социјални услуги во училиштето | – → + | - |

„+“ Претставува средната вредност што е помала од 1,4.

„-“ Претставува средната вредност поголема од 1,6.

„+ → -“ Претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,4.

„- → +“ Претставува средна вредност помеѓу 1,4 и 1,6, но е поблиску до 1,6.

Со користење на Т-тест анализата ја отфрламе нултата хипотеза во корист на алтернативната хипотеза во врска со ова тврдење, затоа е поддржана алтернативната хипотеза, па можеме да заклучиме дека алтернативната хипотеза за истражување е прифатена.

***Повеќекратна анализа на линеарна регресија***

Тука се користи истата методологија како и во претходната хипотеза. Со програмата SPSS користени се 4 (четири) независни варијабли:

- Дали во вашата земја знаете некое училиште што обезбедува социјални услуги?
- Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училиште?
- Колку сте задоволни од квалитетот на услугите за социјална работа во училиштата?
- Во училишна средина, според вас, кој би бил идеалниот број на социјални работници?

Како и зависната варијабла:

- Дали сметате дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини?

Од табелата 75 го мериме квалитетот на предвидување на зависната варијабла, што е во нашиот случај 0,295 и укажува на многу ниско ниво на предвидување за нашата нулта хипотеза, додека нашите независни варијабли објаснуваат само 8,7% од варијабилноста на нашата зависна варијабла.

*Табела 75: Резиме на моделот*

| Модел | R | R Square | Adjusted R Square | Std. Error of the Estimate | Durbin-Watson |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 295[a] | .087 | .072 | .73388 | 1.755 |

а) Независни варијабли: (Константни), во училишна средина, според вас, кој би бил идеалниот број на социјални работници? Дали во вашата земја знаете некое училиште што обезбедува социјални услуги? Колку сте задоволни од квалитетот на услугите за социјална

работа во училиштата? Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училиште?

б) Зависна варијабла: Дали мислите дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини?

Од резултатите доаѓаме до заклучок дека нашите независни варијабли статистички значително ја предвидуваат зависната варијабла, (4.395) = 6.122, p = 0.00, т.е. $p \leq 0.001$, (т.е. нашиот модел на регресија одговара на податоците). Бидејќи веројатноста за статистика на F беше помала од нивото на значење (0,05), т.е. p <0,05, ние ја отфрламе нултата хипотеза (види Табела 76, Прилог В)

Од коефициентите може да се заклучи дека мислењето за „Дали мислите дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини?", во просек, кога вредностите ќе се зголемат (од 1 на 3, т.е. од „ДА" - Позитивно мислење, на „НЕ" - Негативно мислење или на „Неутрално" - Неутрално мислење), постои:

- Зголемување во просек од 0,140 за независната варијабла „Во училишна средина, според вас, кој би бил идеалниот број на социјални работници?" Тоа значи дека во просек постои позитивна корелација.
- Зголемување во просек за 0,111 за независната варијабла „Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училишна средина?" Тоа значи дека во просек постои позитивна корелација.
- Другите варијабли се со слаба зголемена корелација и не се толку значајни.
- Не постои независна варијабла со слаба опаѓачка корелација (негативни вредности на колоната Б) (види Табела 77, Прилог В)

Од резултатите може да се добие статистичко значење за сите независни варијабли. Од Колоната Sig. гледаме дека $p \leq 0,05$, е за независната варијабла „Во училишна средина, според вас, кој би бил идеалниот број на социјални работници?" како и за варијаблата „Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училиштен амбиент?" Овие варијабли се статистички значително различни од 0 (нула), додека другите независни варијабли не се.

**Заклучок**: Беше извршена повеќекратна регресија за да се предвиди мислењето за прашањето „Дали мислите дека има потреба од услуги на социјални работници во училишните средини? од варијаблите: „Во вашата земја дали знаете некое училиште што обезбедува социјални услуги?“, „Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училиште ?“, „Колку сте задоволни од квалитетот на услугите за социјална работа во училиштата?“, „Во училишна средина, според вас, кој е идеалниот број на социјални работници?“

Овие варијабли статистички значително го предвидоа позитивното мислење за улогата на социјалните работници, F (4,395) = 6,122, p = 0,00, т.е. p≤0,001, R ^ 2 = 0,087, R = 0,295. Од стандардизираните коефициенти (види Табела 77, Прилог В), најголемата бета-вредност е 0,151, така што можеме да заклучиме дека најважната независна варијабла беше: „ Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училишна средина?“ со бета-вредност од 0,119. Нултата хипотеза е отфрлена.

Општо, со употреба на повеќекратна линеарна регресивна анализа е поддржана алтернативната хипотеза, па можеме да заклучиме дека алтернативната хипотеза за истражување е прифатена.

*Табела 78. Резиме на исходот на пот хипотеза 5 со употреба на тест со повеќе линеарни регресии (МЛРТ)*

| Независни/зависни варијабли | Потреба за услуги на социјални работници во училишните средини |
|---|---|
| Училиште кое обезбедува социјални услуги? | Не е значајно |
| Искуство со социјални услуги во училиштен амбиент? | + |
| Квалитет на услугите за социјална работа во училиштата? | Не е значајно |
| Бројот на социјални работници? | + |

### 4.11 Резултати од полуструктурирано интервју

Во ова поглавје се презентирани одговорите на прашањата што им беа поставени на учесниците. Учесниците во ова интервју се социјални работници, психолог, наставници и претставници на владини агенции, менаџери во училишта и во јавноста. Овој дел вклучува анализа на полуструктурираното интервју како последен дел од трипартитната критичка реалистичка рамка. Податоците собрани од полуструктурираното интервју имаа основна цел подетално да ги разјаснат прашањата што произлегоа од квантитативната анализа на истражувањето. Ова значи дека прашањата поставени на учесниците се поврзани со првичната анализа на податоците добиени од истражувањето. Ова е направено за подетално да се разјаснат соодветните прашања во врска со социјалната работа и социјалните услуги. Општо, се користеше полуструктуриран формат, но прашањата се разликуваа од учесник до учесник, а особено имаше различни прашања за Владата и Собранието. За оваа анализа, прашањата беа категоризирани и поставени во тематски блокови, а податоците беа категоризирани соодветно.

Аналитичкиот фокус во ова поглавје развива покритичен пристап од претходниот дел утврден во Поглавје 5, ова се базира на анализата што се однесува на истражувачките прашања 1, 2, 3, 5а и 5:

**Истражувачко прашање 1:** Каква е перцепцијата на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи во општеството во Косово и во Северна Македонија?

**Истражувачко прашање 2:** Кои се главните фактори за различни сфаќања за социјалната работа?

**Истражувачко прашање 3:** Дали главниот обем на работа на социјалниот работник се проблемите со работите поврзани со сиромаштијата или превентивната работа?

**Истражувачко прашање 4:** Дали социјалната работа се гледа како потребна професија во рамките на образовниот систем?

**Истражувачко прашање 5:** Перцепцијата за потребата од социјална работа во училиштата е тесно поврзана со општата слика за социјалната работа во даденото општество.

Општо земено, во двете земји, без оглед на генерациите, луѓето имаат повеќе позитивна перцепција за професијата социјална работа и нејзиното влијанието во

општеството. Како што во сите одговори се наведува, во условите во кои се наоѓа Косово, како и Северна Македонија, тешко е да се направи нешто повеќе за социјалните работници. Во релативно краткиот период помеѓу двете истражувања и полуструктурираните интервјуа, имаше некои значајни промени за сите учесници, главно за високите државни службеници кон оние на професионалци и граѓани воопшто.

Можно е да се тврди дека овие промени ја истакнуваат минливата и динамична природа на учесниците. Индивидуализираната природа на нивниот живот има релативно мали значајни промени, иако и двете земји беа дел од поранешна Југославија и имаат слична организација на социјална работа.

### 4.12 Општо мислење за социјалната работа во Косово и во Северна Македонија

Како одговор на прашањето како ја опишувате социјалната работа во Косово, министерот за труд и социјална благосостојба го изјави следно:

> „…Всушност, кога ја презедов позицијата министер, мислев дека сме во подобра состојба во однос на социјалната работа и социјалните услуги во Косово, засновано на фактот дека најголемиот број службеници имаа дипломи. Но, во практика забележав дека релевантните службеници се многу малку информирани за работата што ја работат. Во времето кога се случи децентрализацијата, мислев дека се случува добра работа, но сега можам да заклучам дека резултатите, дури и по 10 години покажуваат дека сè уште не сме подготвени да се случи такво нешто“ (*Министер за труд и социјална благосостојба во Косово*).

Процесот на децентрализација на Косово беше проследен со многу проблеми. Општините сè уште се борат со концептот на децентрализација и тие не беа во можност соодветно да се приспособат. Ова е спротивно на она што интервјуираното лице го мислело пред да му се приклучи на Министерството.

Министерот за труд и социјална политика во Северна Македонија ја опишува социјалната работа поинаку и го рече следново:

> „…Социјалната работа е повеќе практична професија што промовира социјални промени, развој, зајакнување и ослободување на луѓето,

> вклучително и човекови права, колективна одговорност и почитување на различностите. Во Северна Македонија, иако социјалните работници се повикуваат на сето наведено, поради лошите услови и ограничениот буџет што го имаме, нивната улога понекогаш може да не биде очигледна. Она што треба да го направиме е поголем развој на социјалните услуги на локално ниво“ (*Министер за труд и социјална политика во Северна Македонија*).

Промовирањето на зајакнување и ослободување на луѓето и на различноста игра важна улога во социјалната работа. Ова се принципите што треба да ги има социјалниот работник. Но, недостигот на буџет не е во согласност со овие принципи за интеграција на социјалните услуги.

Член на Собранието од Комисијата за здравство и социјална благосостојба изјави:

> „...државата треба да развива социјална работа и социјална политика. На овој начин, многу проблеми што се случуваат и ќе се случат во општеството може да се минимизираат. Социјалните работници треба да имаат блиска соработка со други актери и да ги идентификуваат изворите каде што луѓето можат да бидат упатени за вработување и со тоа да се намали сиромаштијата. Сепак, сите овие работи што можат да се случат се многу тешки за спроведување, бидејќи е потребна мрежа на професионална работа за адресирање на овие прашања (*член на Собранието од Комисијата за здравство и социјална благосостојба на Косово*).

Косово треба да спроведе политика за агенции за социјална работа. Потребно е во општеството да биде распореден мултидисциплинарен тим на социјални работници. Во моментов, пазарот на трудот е слаб и нема доволно расположливи позиции за вработување. Владата работи на решавање на ова прашање. Зголемувањето на работните места во Косово ќе помогне за намалување на сиромаштијата. Покрај тоа, постои потреба за подобра комуникација помеѓу различни агенции за да може да им се помогне на граѓаните во Косово.

Шефот на Комисијата за здравство и социјална политика во Северна Македонија изјави:

> „…Со оглед на специфичниот буџет што е наменет за оваа категорија, во соработка со Министерството и одговорните оддели, Северна Македонија изготви добри политики. Поаѓајќи од Националната стратегија, овие социјални придобивки постојано се подобруваат. Она што се смета како проблем е тоа што претходната Влада ветуваше многу, што во практика не се спроведе и врз основа на тоа имаме јаз меѓу она што се вети од страна на политиката и можностите што ги имаме како држава. Сепак, граѓаните секогаш сакаат сѐ повеќе и повеќе, па затоа со овој тековен буџет е тешко задоволително да се исполнат сите потреби на граѓаните“ (*шеф на Комисијата за здравствена и социјална политика во Северна Македонија*).

Северна Македонија создаде политики кои сѐ уште не се целосно интегрирани бидејќи Владата не воспостави соодветни мерки за нивно спроведување. Побарувачката за услуги од граѓаните во меѓувреме е зголемена. Во моментов, статусот на буџетот ги прави исклучително тешки одговорот и исполнувањето на барањата на граѓаните.

Заменик-министерот за образование и наука во Косово изјави:

> „…Социјалната работа како професија во Косово е нова. Бидејќи повеќето вработени во државните служби на постојните социјални услуги, кои постојат подолго време, се со различни професии, како што се: правници, економисти, социолози, психолози, итн., потребен е професионален интердисциплинарен центар за обука на социјални работници, вклучително и мобилност и размена на програми, почнувајќи од регионот. Пример е постојаната обука на наставници на ниво на земја од 2000 година и сметам дека истото треба да се случи и со социјалните работници. Социјалната политика, интегрирање и институционализирањето на социјалната работа како професија преку законодавство и спроведување во практика, мора да биде приоритет за нашата земја. Важен чекор напред во функција на нејзината институционализација е постигнат со воспоставување на првата дипломска програма акредитирана во 2012 година на универзитетско ниво.

> Постои потреба да се развиваат нови програми за постдипломски студии, јавни и приватни, како надоградба на постоечката дипломска програма. Социјалните работници треба да бидат обучени, едуцирани и подготвени за социјалните ризици што можат да се појават во иднина“ (*заменик-министер за образование и наука на Косово*).

Областа на социјалната работа е нова во Косово. Потребно е да има центри за обука за социјалните работници. Косово немаше дипломска програма на универзитетско ниво до неодамна, кога беше воспоставена првата таква програма. Оваа нова студиска програма мора да се развие и треба да се развива во согласност со потребите на општеството. Развојот на програми за социјална работа и социјална политика мора да биде приоритет. Ќе бидат потребни неколку години да се развие и спроведе социјалната политика и да има доволно професионални социјални работници на Косово. Приватниот и јавниот сектор треба да придонесат за оваа област.

Министерот за образование и наука во Северна Македонија опиша како социјалната работа е интегрирана во системот и изјави:

> „Професијата социјална работа е препознаена во нашата земја. Социјалните работници се одговорни за помош на поединци, семејства и групи на луѓе за да се справат со проблемите, тие користат едукативни вештини и развиваат специјални механизми. Значи, работата на социјалните работници е повеќе фокусирана на точките што ги споменав погоре, а социјалните услуги главно се даваат од страна на центрите за социјална работа, домови за згрижување стари лица, и слично. Нивниот најголем фокус е на административни работи, бидејќи тие работат според закон. Мислам дека треба да се фокусираме на услугите преку трансфер на знаење и поголем развоен аспект на советување, итн.“ (*Министер за образование и наука во Северна Македонија*).

Владата ја препознава потребата од социјалните работници. Социјалната работа е добро воспоставена во Северна Македонија. Социјалните работници се фокусирани на обука и развој на механизми за да им помогнат на оние на кои им е потребна помош. Центрите за социјална работа се места каде што луѓето можат да добиваат услуги.

Најчесто стручните лица во овие центри вршат административна работа, затоа е многу потребно да се обучат овие лица и да се фокусираат на советување.

Директорите на училишта во Косово ја согледуваат потребата од интеграција на социјалната работа во образовниот систем. Според еден од директорите:

> „…Социјалната работа е во фаза на развој и нејзиното проширување е повеќе во центрите за социјална работа, обезбедувајќи им ги на граѓаните потребните услуги што се дефинирани со закон, но кои се насочени кон обезбедување материјална помош, како на пример, социјална помош, и др. Сепак, мислам дека поделбата на одговорностите на социјалните служби низ општините беше добра работа што се случи во Косово, но во практика сè уште не е призната како професија и работата на социјалните работници ја извршуваат службени лица кои честопати немаат ниту приближно соодветно образование“ (*директор на училиште во Косово*).

Концептот за социјална работа на Косово е во фаза на развој. Социјалната работа не е призната како професионална професија. Нема училиште или центар за обука на социјалните работници. Одговорноста на социјалните работници е ограничена со закон. Дури и општините што ја гледаат важноста на социјалната работа се многу ограничени.

Според директорот на училиште во Северна Македонија:

> „…Социјалната работа и социјалните услуги се соочуваат со многу проблеми бидејќи процесот на децентрализиација не се спроведува успешно и компетенциите не се добро дефинирани“ (*директор на училиште во Северна Македонија*).

Централизацијата на социјалната работа во Северна Македонија има бавен напредок во воспоставувањето социјална работа во различни општини низ земјата. Северна Македонија треба да ја дефинира компетентноста на системот за социјална работа.

Наставниците во Косово, иако не се професионални социјални работници, сепак продолжуваат да ги извршуваат одговорностите на социјалните работници, како што беше наведено од еден од наставниците.

„…Повеќето од косовските училишта немаат професионален социјален работник. Имаме социјални работници во Центарот за социјална работа (ЦСР), но тие не се професионални социјални работници. Според законот, тие се државни службеници и не можат да се нарекуваат социјални работници. Социјалниот работник во Косово е во фаза на развој и треба да се направи многу повеќе за да се дефинира оваа професија“ (*наставник во Косово*).

Во Косово нема социјални работници, а оние што работат во професијата не се социјални работници, туку во основа се државни службеници. Социјалната работа на Косово е во фаза на развој и за да се дефинира како професија, ќе биде потребно многу време.

Наставниците во Северна Македонија ја гледаат ситуацијата поинаку во споредба со наставниците во Косово.

„...Социјалните работници во нашата земја постојат. Имаме различни центри кои прецизно ги обезбедуваат овие услуги, но сѐ уште постои недостиг на свест кај граѓаните да ги користат овие можности“ (*наставник во Северна Македонија*).

Граѓаните во Северна Македонија треба да бидат едуцирани за социјалните услуги кои можат да ги реализираат преку социјалните работници.

Мислењето на психолозите за социјалната работа не е целосно дефинирано во Косово. Оваа професија е во рана фаза и треба да се направи многу повеќе.

Психолог во Косово изјави:

„…Социјалната работа во Косово се гледа како професија која најмногу им помага на семејствата во неволја. Оваа професија започна да се појавува многу доцна во нашето општество, така што во професионална смисла сѐ уште е во развој. Во однос на социјалните услуги, можеме да кажеме дека тие постоеле дури и пред последната војна во Косово, но сега се децентрализирани во општините и се обезбедени од центри за социјална

> работа. Дури и во центрите за социјална работа постои недостиг на стручните служби, бројот на вработени е многу мал и треба итно да се зголеми. Исто така, социјалните работници треба да станат професионалци, а не цивилни кадри како што се сега, бидејќи тие сега имаат други одговорности. Дополнително, Косово, покрај тоа што има недостиг на стручен кадар, има и голем обем на работа на постојниот персонал, недостиг на соодветна обука за зголемување на нивниот професионален капацитет“ (*психолог во Косово*).

Во Косово, бидејќи професијата социјална работа сè уште се развива, работа на социјалните работници сè уште не е јасно дефинирана. Досега, социјалната работа беше повеќе концентрирана во центрите за социјална работа, преку кои се обезбедува социјална помош на семејства кои се во сиромаштија, и слично. Покрај тоа, недостига соодветна обука за зголемување на нивниот професионален капацитет за да бидат подготвени за проблеми што можат да се појават со развојот на општеството.

Психологот во Северна Македонија изјави:

> „…Мислам дека социјалната работа во Северна Македонија е ориентирана кон извршување активности од областа на социјалната заштита и ги охрабрува моралните вредности во согласност со Уставот и законот“ (*психолог во Северна Македонија*).

Во Северна Македонија социјалната работа е повеќе насочена кон социјалната заштита во согласност со Уставот и законите. Социјалните работници во Косово се државни службеници, како што беше наведено од социјален работник.

> „Нема социјални работници во Косово. Постојат службеници за социјални услуги и социјална помош (државна служба). Тие се државни службеници кој истовремено играат улога на социјален работник кој ги спроведува законите во Косово и обезбедува постојни услуги за сиромашните, како што се: социјални и семејни услуги. Косово се соочува со недостиг на социјални работници, контрадикторни закони, недостиг на неопходни услуги, недостиг на основен закон за здравствено осигурување, нема надоместок за старателство, недостиг на заштита при работа, итн. Во однос на обуката,

можеме да кажеме дека досега се одржани многу обуки, но немаше соодветно планирање по потреба“ (*социјален работник во Косово*).

Во Косово има само службеници за социјалните услуги и социјална помош, кои обично се државни службеници. Овие службеници практикуваат социјална работа до степен дозволен со закон. Освен што нема социјални работници во Косово, има и недостиг на стручен кадар, контрадикторни закони, недостиг на основни закони, итн. Имало многубројни обуки за професионален развој за службениците за социјални услуги, но овие обуки имаат ограничено влијание бидејќи планирањето не е направено правилно и според потребата.

> „Северна Македонија има голема потреба за развој на социјалната работа, како и подобро планирање на социјалните политики во согласност со ситуацијата во која се наоѓаме, и пронаоѓање начини за имплементација на тие политики. Во изготвувањето на социјалните политики мислам дека треба да учествуваат и социјалните работници. Ова е така затоа што социјалните работници се оние што работат директно и најдобро ги знаат недостатоците на законодавството (*социјален работник во Северна Македонија*).

Социјалните политики во Северна Македонија треба да се разјаснат и дополнително да се подобрат. Социјалните работници треба да учествуваат во процесот на развој на нови политики или ревидирање на постојните. Тие имаат подобро разбирање за потребите на општеството и можат да им помогнат на законодавците да ги надминат недостатоците на политиките.

Родител од Косово изјави:

> „…Социјалната работа во Косово е целосно концентрирана во центрите за социјална работа, додека во другите институции не можам да сметам дека е добро развиена. Мислам дека најголемиот фокус на социјалните работници е на услуги како што се: социјална помош, грижа за лица што живеат во крајна сиромаштија, лица со попреченост, итн. Бидејќи социјалната работа во Косово е многу малку развиена, не можам да зборувам многу за улогата и одговорностите на социјалниот работник во заедницата. Според мое

> мислење, тие имаат повеќе административна улога, а не нешто професионално како што мислам дека прават психолозите, итн.“ (*родител од Косово*).

Во Косово социјалните работници се фокусираат на лицата со попреченост и на оние што живеат во сиромаштија. Нивното присуство во други агенции, како на пример во училиштата, е многу ограничено. Тие можат да имаат поголемо влијание врз општеството доколку нивните одговорности се дефинирани подобро.

Родител од Северна Македонија тврди:

> „…Има добра правна рамка за регулирање и унапредување на социјалните услуги за оние што имаат потреба, за лицата и за семејствата. Додека, колку и како е применливо во практика, јас немам многу знаење. Ги сметам како службено лице за обезбедување социјални и семејни услуги, во случаи кога децата се изложени на ризик затоа што се запоставени, експлоатирани, злоупотребувани или во каква било друга форма се оштетени. Социјалните работници ги посетуваат тие семејства за да создадат безбедност и благосостојба на детето. Тие исто така, имаат одговорност да се занимаваат со случаи на сите семејни спорови во прекин на браковите (развод), во врска со доверувањето деца на едниот родител, и одржување контакти со другиот родител. Врз основа на државотворниот систем на Северна Македонија воопшто, сметам дека социјалните работници треба да бидат обучени и да им биде понуден професионален развој, за подобро да ја извршуваат нивната должност. Сегашниот систем се заснова и врз менталитетот на заедницата, кој директно се одразува на помошта што ја даваат социјалните сектори. Во принцип, законодавството не е толку сиромашно, но, сепак, реформата на сите правни механизми за подобри и пошироки социјални услуги ќе биде чекор напред во општеството. Затоа, државата, покрај тоа што има обврска, треба да му даде приоритет на изготвувањето на стратегии и политики, но и да ги поддржува со распределување на буџетот“ (*родител во Северна Македонија*).

Родителите во Северна Македонија не сметаат дека социјалните работници се добро обучени. Социјалните работници им помагаат на децата во ризик. Ова може да се должи на недостиг на знаење. Тие ги согледуваат потребите на социјалните работници и сметаат дека државите треба да го испитаат распределениот буџет за институциите за социјална работа.

**Имиџ на социјалниот работник**

И двата министри немаат големи очекувања за сработеното од социјалните работници и влијанието што го имаат врз општеството. Постојат многу фактори што влијаат врз нивната работа, како што се недостиг на финансии, слабо разбирање на јавноста за нивната работа, неразвиена економија на земјата, итн. Исто така, тие сметаат дека негативната слика се гради повеќе поради недоверба во државните институции отколку поради недостиг на информации за социјалните работници.

> „...Навикнати сме да ги прашуваме пријателите и роднините да ја завршат работата наместо да одат да бараат професионална помош. Мислам дека локалните социјални работници не брзаа да ги разберат надлежностите и нивното спроведувањето. Како резултат, нивните перформанси не се многу добри. Ова може да се должи на многу фактори, како што се вработување по пријателска и партиска линија, слабо универзитетско образование или недостиг на обука. Друг проблем е тоа што граѓаните очекуваат многу, додека социјалните услуги се ограничени, а законот е многу строг и многу е тешко да се дојде до социјалните служби за ефективно да ја извршат својата работа Затоа, граѓаните често ги обвинуваат социјалните работници за нивниот неуспех“ (*Министер за труд и социјална благосостојба во Косово*).

Резултатите од квантитативните истражувања, како и од интервјуата, покажуваат дека недостигот на соодветна обука на социјалните работници и јавното разбирање за социјалната работа имаат голем придонес кон перцепцијата од страна на граѓаните. Секако, постои голема потреба за унапредување на улогата на социјалната работа во

општеството. Покрај тоа, треба да се преиспитаат постојното законодавство и ограничувањата наметнато на социјалните работници.

„…Бидејќи одредена група луѓе немаат потребно образование за да можат да користат социјални медиуми, им недостигаат и информации за услугите обезбедени преку социјалната работа и социјалните работници. Овој недостиг на информации може да доведе до негативна слика за нивната работа, бидејќи понекогаш се смета дека луѓето што работат во државни институции не работат многу. Сакам да истакнам дека Министерството за труд и социјална работа континуирано правеше и прави големи напори со цел граѓаните да бидат навремено информирани за своите права во областа на социјалната заштита (*Министер за труд и социјална политика во Северна Македонија*).

Недостигот на образование и недостигот на користење на социјалните медиуми кај граѓаните го ограничува нивниот пристап до услуги и подобро разбирање на работата на социјалните работници. Ова резултира со негативна перцепција за социјалните работници. Тие чувствуваат дека социјалните работници немаат многу работа. Државните службеници треба понапорно да работат за да ја едуцираат јавноста.

„...ако социјалниот работник добие поголема поддршка од државата и други владини организации, ќе може да работи подобро. Имајќи предвид дека тоа е нова професија во Косово, јавноста има малку информации за работата што ја вршат социјалните работници и главно смета дека професијата е многу блиска со социологијата и психологијата. Мислам дека не работиме доволно на промоција на работата на социјалните работници и социјалните услуги. Секако, голема улога има недостигот на информации за тоа каква работа имаат социјалните работници и сметам дека одговорните институции заедно со социјалните работници, професорите и студентите на Катедрата за социјална работа и социјални науки треба да имаат проактивна улога и треба да се најде начин како понатаму да се унапредува оваа професија“ (*заменик-министер за образование и наука во Косово*).

Социјалната работа во Косово не е добро развиена и нема доволно поддршка од државата. Граѓаните не го чувствуваат влијанието што социјалната работа може да го има во нивниот живот. Јавноста нема доволно информации за социјалната работа и работата што ја извршува социјалниот работник. Како резултат, граѓаните можат да имаат негативна слика за социјалната работа и нејзиното влијание врз општеството. Затоа, постои поголема потреба за унапредување на социјалната работа во општеството.

> „... Генерално, мислам дека луѓето позитивно размислуваат за социјалните работници. Но, исто така, треба повеќе работа и поголема сензибилизација за подобрување на имиџот, бидејќи луѓето не очекуваат големо влијание од работата на социјалната работа, дури и дека досега не промовирала никаков добар успех“ (*Министер за образование и наука во Северна Македонија*).

За граѓаните во Северна Македонија е многу важно да развијат позитивно мислење во врска со социјалните работници, но за да се постигне таа цел, треба да се зајакне сензибилизацијата и промоција на социјална работа како професија. Ова, исто така, би довело до подобрување на имиџот. Иако професијата на социјалните работници не е многу призната, со подобрување на квалитетот на нивната работа ваквата перцепција може да се ублажи.

> „...социјалните работници прават добра работа во споредба со условите што ги имаат. Мислам дека не можат да сторат повеќе бидејќи немаат поддршка од државата и нивната професија сè уште не е дефинирана. Мислам дека граѓаните немаат доволно информации за работа на социјалните работници, и поради ова, нивната работа не е ценета. Сметам дека прво треба да се постави онлајн-база на податоци што граѓаните треба да ги пријавуваат и истовремено, врз основа на нивните адреси да прифаќаат задачи или професионален ангажман од регионот или Центарот за социјална работа (во нивното соседството)“, (*директор на училиште во Косово*).

Социјалната работа сè уште не е призната како регулирана професија во Косово. Оние што работат во оваа област, генерално, прават добра работа и покрај сите ограничувања на кои наидуваат. Но, граѓаните не ги ценат нивните услуги колку што треба. Постои итна

потреба од централизирана онлајн-база на податоци за граѓаните да пријавуваат и да бараат помош.

> „...социјалните работници се поконцентрирани на техничките работи затоа што повеќето работи зависат од поддршката што ја имаат од државата, тие не можат да направат нешто што не е регулирано со закон. Исто така, мислам дека граѓаните немаат доволно информации во однос на социјалната работа и влијанието на социјалната работа во општеството. Во овој случај, потребно е известување за нивната работа со примери кои сведочат за постигнување на целта и на очекуваните резултати. На пример, во училиште на одредени случаи им беше дадена асистенција и помош за решавање на некои проблеми од страна на други професии како, на пример, психолог, кој дава поддршка на училиштето во решавање разни проблеми од социјална природа. Мислам дека мора да најдеме начин да ги унапредиме, бидејќи луѓето немаат информации што работат социјалните работници. И врз основа на тоа може да се создаде погрешна перцепција. Но, јас лично мислам дека ако и тие добиваат помош од државата, можат да имаат многу важно влијание“ (*директор на училиште во Северна Македонија*).

Социјалните работници треба соодветно да бидат препознаени и нивниот придонес да биде промовиран. Во општеството постои погрешна перцепција за тоа каква е улогата на социјалните работници. Поддршката што ја добиваат социјалните работници е ограничена. Тие можат да имаат големо влијание врз општеството доколку добијат соодветна поддршка од државата. Ова ќе им овозможи да се концентрираат повеќе на суштинската работа и да ја извршат својата одговорност во целосен обем.

> „...Мислам дека на јавноста ѝ недостигаат информации за работата на социјалните работници, така што оваа ситуација може негативно да влијае врз нивната високо ценета и деликатна професија“ (*наставник од Косово*).

Неинформирањето за социјалната работа доведува до негативна слика за професијата. Социјалната работа е важна професија и нејзината потреба во општеството е од

суштинско значење. Треба да се работи повеќе на унапредување на полето на социјалната работа.

> „…Во условите во кои се наоѓаме, социјалните работници прават многу, иако најголемиот број се насочени кон ЦСР, итн. Не мислам дека има причина и простор од страна на одредени граѓани да имаат негативна перцепција за ова професија. Негативната слика може да дојде затоа што граѓаните сметаат дека социјалните работници треба да прават чуда, а можеби немаат идеја дека нивната работа многу зависи од државниот буџет, итн. Недостигот на информации доаѓа поради недовербата и незаинтересираноста на граѓаните за социјалните работници. Мислам дека токму овие бариери доведуваат до негативно мислење за социјалните работници. Затоа што не верувам дека има лица што знаат за професијата социјални работници и нивното жртвување, па имаат негативно мислење или негативна перцепција за нив. Исто така, мислам дека во однос на професионалноста, социјалните работници имаат соодветно образование, бидејќи во Северна Македонија подолго време има студии за социјална работа, но мислам дека им недостига искуство за да ги употребат некаде овие знаења, вештини“ (*наставник во Северна Македонија*).

Негативната перцепција се должи на недоволно познавање на работата што ја работат социјалните работници. Граѓаните имаат многу поголемо очекување од социјалните работници без да ги знаат ограничувањата што ги имаат. Услугите што се достапни се ограничени поради буџетот, за што граѓаните не се свесни. Покрај тоа, на социјалните работници им недостига искуство кое би придонело за да се промени негативната слика за професијата.

> „...Мислам дека недостигот на промоција на професијата социјален работник и недостигот на капацитети за проширување на работните места во ЦСР и други организации овозможуваат работата на социјалниот работник да не се забележува“ (*психолог во Косово*).

Во Косово има потреба од поголема промоција на професијата социјална работа и треба да се зголемат капацитетите за овие работни места. Неуспехот во унапредувањето на

социјалната работа оневозможува трудот на социјалните работници да дојде до израз и граѓаните да бидат повеќе информирани за оваа професија и работата што ја извршуваат социјалните работници.

> „…Повеќето граѓани ја гледаат социјалната работа како „детска заштита“, пред сѐ, како женска професија чија улога е да ги штити децата. Мислам дека негативната слика за социјалните работници главно се должи на недостиг на информации. Второ, социјалните работници што работат со други професионалци често ја губат способноста да се идентификуваат како посебна професија. Социјалните работници како групација треба повеќе да ја промовираат својата работа и својот успех преку медиумите“ (*психолог во Северна Македонија*).

Јавноста не е добро информирана за работата што ја врши социјалниот работник и ја перципира социјалната работа како професија што се занимава со правата на децата. Социјалните работници и разни здруженија поврзани со оваа област треба дополнително да ја промовираат оваа професија и работата што ја извршуваат. Обично тие работат заедно со други професионалци и јавноста не ја разликува социјалната работа како самостојна професија. Затоа, нивното влијание врз општеството можеби не се забележува многу.

> „...Мислам дека првиот впечаток на граѓаните кога ќе го слушнат зборот социјален работник е поврзување со справување со сиромашни луѓе на кои им се помага преку социјални програми. Верувам дека оваа перцепција доаѓа поради недостиг на информации, како и поради фактот што социјалните услуги се главно фокусирана на услугите и работите извршени во центрите за социјална работа. Јас лично сметам дека во услови во кои работи социјалниот работник, тој го дава максимумот, но квалитетна услуга може да се обезбеди само ако ни се понудат поповолни услови и ако се издвои поголем буџет за социјални услуги на национално ниво“ (*социјален работник во Косово*).

Бидејќи социјалната работа е алтруистичка професија, која се реализира главно преку ЦСР, остава впечаток дека „социјалните работници“ генерално се занимаваат со прашања

поврзани со сиромашните, помагајќи им на граѓаните преку социјалните шеми. Оваа предрасуда доаѓа како резултат на недостиг на информации, како и поради фактот што социјалната работа е повеќе концентрирана во ЦСР и нивната работа е главно поврзана со социјални услуги и социјална помош. Социјалните работници се презаситени со работа што ги ограничува нивните перформанси. Тие можат да обезбедат многу подобра услуга доколку обемот на работа се намали, а за нивните услуги се издвои доволен буџет.

> „…Во Западен Балкан, мислам дека социјалната работа е повеќе фокусирана на административната, отколку на професионалната социјална работа. Од оваа причина луѓето дури и не очекуваат некое големо влијание од работата што ја прават и честопати дури и не сакаат да ги контактираат. Како и другите професии, и за социјалната работа е потребна поголема промоција што може да се направи преку разни телевизиски канали, разни конференции организирани од државата, здруженија за социјална работа итн.“ (*социјален работник во Северна Македонија*).

Улогата и одговорностите на социјалните работници не се добро дефинирани и треба да се развиваат. Повеќето административни работи ги извршуваат социјални работници. Ова ги дисквалификува во очите на јавноста и таа нема никакво очекување од нив, па, всушност, претежно ги избегнува. Социјалните работници и нивната улога треба да се унапредат во општеството како и другите професии.

> „...Немам многу информации за работата на социјалните работници и за активностите што тие ги прават, во моментов не го гледам нивното присуство со многу големо влијание, но сметам дека социјални услуги се потребни за нашето општество, иако, за момент, мислам дека психологот може да ја заврши оваа работа“ (*родител во Косово*).

Не може да се игнорира недостигот на знаење за разбирање на улогата и одговорностите на социјалните работници. Работата на социјалните работници и работата на психологот се различни. Секој има своја цел, што не може да се замени со друга.

> „…Немам негативно мислење за социјална работа и работата на социјалните работници. Позагрижувачки е фактот дека нивната работа не е промовирана како што треба, бидејќи тие се вклучени во животот на

> граѓаните. Исто така, мислам дека им треба најголемо вклучување во животот на граѓаните (училишни установи, предучилишни установи, болници)“ (*родител во Северна Македонија*).

Работата направена од социјалните работници треба да се унапреди за да има подобро разбирање за тоа што го прават. Социјалните работници имаат големо влијание врз животот на луѓето.

**Спречување на сиромаштијата**

> „...идеално сценарио би било подобро да се сочиме со превенција на сиромаштијата, но такво нешто зависи од многу фактори. Имаше грантови кои се доделува за оваа категорија, но досега не успеавме правилно да го решиме ова прашање. Во Косово е предизвик да се обезбедат услуги за луѓето кои се имаат потреби, а да не зборуваме за спречување на сиромаштијата. Спречувањето на сиромаштијата зависи од многу фактори, како што е економскиот аспект и врз основа на тоа, доколку не се обезбедат услови, социјалните работници не можат да помогнат во превенцијата“ (*Министер за труд и социјална благосостојба во Косово*).

Финансиските проблеми со кои се соочува земја како што е Косово им отежнуваат на надлежните да се соочат со ова. Растот на стапката на невработеност во Косово е уште една причина поради која е отежнато спречувањето на сиромаштијата.

> „…Сите социјални работници со поддршка од државата можат да најдат добар начин да помогнат и да создадат можност секој да обезбеди работа и да живее достоинствен живот. Во нашата земја сѐ уште има луѓе што немаат основна лична документација, а постапката за тоа е премногу комплицирана“ (*Министер за труд и социјална политика во Северна Македонија*).

Северна Македонија треба да има воспоставен систем за издавање соодветни документи за нејзините граѓани. Во моментов има категорија луѓе што немаат соодветни документи за да можат да ги користат услугите достапни од државните институции. Ова води до фактот

дека овие луѓе во текот на целиот свој живот се во нееднаква положба со другите и не можат да ги уживаат основните човекови права.

> „…Мултидисциплинарен тим треба да постои во рамките на социјалните служби. Ова е потребно за да се процени ситуацијата на семејство или лице на кое му е потребна помош. При давање на социјални услуги, локалната власт треба да има блиска соработка со други субјекти и да ги идентификуваат изворите каде што луѓето можат да бидат упатени за вработување и со тоа да се намали сиромаштијата. Ова сè уште е тешко затоа што е потребна мрежа на професионална работа за решавање на проблемите. Исто, потребна е соработка со социјалните институции, за да се процени дали членовите на семејството во редовни околности се подготвени да работат. Повторно, ова прашање е директно поврзано со создавање работни места и финансирање од државата, а потоа можеме да очекуваме социјалните работници да помогнат во спречување на сиромаштијата“ (*член на Собрание од Комисијата за здравство и социјална благосостојба во Косово*).

Здрава економија е потребна за сузбивање на сиромаштијата. Како што беше споменато погоре од неколку службеници во државни агенции, постои потреба од создавање работни места, соодветна обука и подготовка на граѓаните за работа. Постојните политики треба да се преиспитаат и да се подобрат. Треба да бидат назначени или ангажирани повеќе професионалци за да се спроведат соодветни политики.

> „…Последните години стапката на сиромаштијата расте. Сиромаштијата се зголемува за приближно 15.000 невработени лица повеќе. Друг проблем се и големите ветувања на претходната Влада, но во практика тие не се реализираа. БДП во земјата е на најниската точка. Во оваа ситуација ние нема да можеме да придонесеме за социјална помош. Во овој аспект, социјалниот работник не може да стори многу бидејќи сè е поврзано со економијата, буџетот, итн.“ (*раководител на парламентарна Комисија за здравство и социјална политика во Северна Македонија*).

Иако Северна Македонија има добро воспоставена политика, во последните неколку години ситуацијава не е на завидно ниво. Економијата е прилично слаба, а растот на работните места е многу бавен. Бројот на невработени лица расте. Еден од клучните елементи за спречување на сиромаштијата е силна економија во земјата.

> „…Врз основа на економската состојба во Косово, големиот број сиромашни и малиот буџет што државата го дава за оваа категорија, како и недостигот на работни места, социјалните работници можат да играат многу значајна улога во спречувањето на сиромаштијата, зо зајакнувањето на маргинализираните групи, нивно социјално вклучување, и слично. Ова треба да биде приоритет на центрите за социјална работа.“ (*Министер за образование и наука во Косово*).

Социјалните работници во Косово можат да играат суштинска улога во спречувањето на сиромаштијата. Во моментов, сиромаштијата е многу висока а истовремено расте и невработеноста во Косово. Буџетот што е достапен за помош на граѓаните е ограничен. Социјалната работа ќе игра важна улога за да им помогне на маргинализираните група.

> „...Социјалните работници мора да бидат фокусирани на работа со сиромашните, но исто така и на спречување на сиромаштијата. Мислам дека Северна Македонија сè уште не е во ситуација кога работата на социјалните работници за намалување на сиромаштијата е толку потребна. Прво, државата мора да интервенира во најслабите точки што ги имаме како држава, а потоа социјалните работници ќе имаат можност да работат понапорно за да се борат против нови социјални ризици. Сега социјалните работници можат да направат многу малку работи бидејќи условите во кои работат воопшто не се поволни“ (*Министер за образование и наука во Северна Македонија*).

Владините претставници во Северна Македонија нè веруваат дека социјалните работници во сегашни околности му се потребни на општеството за да помагаат во спречувањето на сиромаштијата. Државата треба да ги утврди своите слаби точки пред да може да побара помош од социјалните работници.

„...Социјалните работници можат да имаат влијание врз спречувањето на сиромаштијата, или со психо-социјални третмани, или со можност за наоѓање работа погодна за одредени категории“ (*директор на училиште во Северна Македонија*).

Социјалните работници можат да помогнат во спречувањето на сиромаштијата доколку се намали невработеноста. Тие можат да им помагаат на граѓаните преку пронаоѓање работно место.

„...Спречувањето на сиромаштијата од страна на социјалниот работник може да биде со сензибилизација и советување на јавноста за соодветно образование. Со правење SWOT-анализа може да ги идентификувате предностите и недостатоците во решавањето на проблемите. Исто така, со идентификување на факторите што придонесуваат за намалување на можноста за напредување, нивно елиминирање и решавање проблеми“ (*директор на училиште во Косово*).

Јавноста треба соодветно да се едуцира за спречување на сиромаштијата. Потребно е да се анализираат можностите и слабостите на социјалната работа во спречувањето на сиромаштијата.

„…Социјалните работници треба повеќе да се фокусираат на спречување на сиромаштијата. Тие треба да најдат различни начини да им помогнат на граѓаните што имаат потреба да најдат работа или да им дадат повеќе информации за компаниите што бараат работници, за да не бидат товар на институциите и општеството. Социјалните работници имаат важна улога во спречувањето на сиромаштијата бидејќи имаат блиски врски со центрите за вработување, итн.“ (*наставник во Косово*).

Социјалните работници можат да помогнат во спречувањето на сиромаштијата преку помагање на лицата што бараат работа или да ги едуцираат како тие сами да наоѓаат работа.

„…Понекогаш сиромашните луѓе не се во можност да зборуваат сами за да ги добијат потребните ресурси за вработување, социјална помош, итн. Во овој поглед, социјалните работници можат да им помогнат на сиромашните

луѓе преку давање услуги за застапување, дејствување како посредници или директно интервенирање во организации за социјални услуги или владини агенции. На пример, социјален работник може во име на клиент кој се соочува со иселување, заедно со локални организации да се залага за домување или да му помогне на клиентот да најде ресурси во заедницата, како што се цркви и верски организации, што може да помогнат при плаќање на закупнината на привремена основа“ (*наставник во Северна Македонија*).

Социјалните работници можат да имаат влијание врз спречувањето на сиромаштијата, да им помагаат на сиромашните луѓе преку давање советодавни услуги или да дејствуваат како посредници во наоѓање работа за нив, водејќи ги како да аплицираат за социјални услуги, итн. Постојат многу сиромашни луѓе што не знаат како да ги користат овие можности.

„...Мислам дека социјалниот работник може да има позитивно влијание во превенирање на сиромаштија. Тие ја завршуваат својата работа преку застапување во правилни насоки во согласност со нивните потреби, со зајакнување на нивните капацитети, обезбедување психо-социјална поддршка на граѓаните, образовна поддршка, здравствена поддршка и нудење професионална обука за да можат да ги градат своите вештини и да направат разлика во нивниот живот“ (*психолог во Косово*).

Социјалните работници можат да имаат влијание врз спречувањето на сиромаштијата преку идентификување на потребите на граѓаните што се изложени на ризик од сиромаштија. Нивната интервенција може да се направи преку обезбедување разни стручни обуки, што ќе влијае врз градењето вештини што можат да помогнат да се избегне сиромаштијата.

„…Мислам дека социјалниот работник може да им помогне на луѓето да ги подобрат своите услови за живот советувајќи ги и помагајќи им директно во случаи кога такво нешто е можно. Тие можат да им помогнат на луѓето да ги откријат своите вештини, а потоа и оние вештини што можат да ги

искористат за да најдат соодветна работа“ (*психолог во Северна Македонија*).

Социјалниот работник може да најде различни начини да им помогне на луѓето, да ги подобри нивните услови за живот и да ја спречи сиромаштијата. Тие можат да го сторат тоа преку разни консултации, како и директна интервенција кога можат. Социјалните работници можат да им помогнат на луѓето да ги користат своите вештини и стручност за да најдат работа. Ова ќе ја намали сиромаштијата и истовремено ќе го подобри пазарот на трудот.

„…Социјалните работници можат да работат во спречување на сиромаштијата, но тие не можат да имаат значително влијание во општеството ако не добијат поддршка од државата, бидејќи подобрувањето на социјалната благосостојба зависи од економскиот развој и создавањето работни места“ (*социјален работник на Косово*).

Социјалните работници не можат да имаат значително влијание врз спречувањето на сиромаштијата бидејќи државната поддршка е недоволна.

„…Социјалните работници можат да играат важна улога во спречувањето на сиромаштијата ако се залагаат за правда, која ја наведува сиромаштијата како главен социјален проблем. Исто така, мислам дека социјалните работници им помагаат на сиромашните на две нивоа на развој на политиките, или индивидуално, или макро, односно во голем обем“ (*социјален работник во Северна Македонија*).

Социјалните работници можат да играат голема улога во спречување на сиромаштијата во општеството и на микро и на макро ниво.

„…Секој службеник за социјални услуги, како што се: психолог, социјален работник, како и педагог, може да има влијание врз намалувањето на сиромаштијата“ (*родител на Косово*).

Социјалните работници можат да помогнат во спречување на сиромаштијата.

„…Социјалниот работник треба повеќе да се фокусира на спречување на сиромаштијата, преку обезбедување стручна помош за семејства на кои им е потребна интеграција во општеството. Мислам дека ова е фактор што е

> поврзан со економскиот развој на земјата, но како и да е, што се однесува до економските можности, оваа категорија треба да биде професионална и да ги третира случаите одделно, а не со образец на протокол“ (*родител во Северна Македонија*).

Спречување на сиромаштијата бара добро обучени професионалци. Тоа не е една големина што одговара на сите. Секој случај има свои карактеристики што треба да ги решат професионалци.

**Потребата за социјална работа во училиштата**

> „...Во ситуацијата во која се наоѓа Косово, улогата на социјалниот работник во училиштето се гледа помалку конкретно, и сметам дека е дуплирање на обврските на психолозите и не гледам дека тие вршат некоја важна работа. Поради фактот што во услови во кои се наоѓа Косово потребни се години и години за да се развие оваа точка, кога се знае дека дури и работата на психолозите во училиштата не покажа некое поголемо влијание, со оглед на тоа што нивниот фокус беше повеќе на административни прашања“ (*Министер за труд и социјална благосостојба на Косово*).

Социјалните работници не се интегрирани во училишните системи во Косово. Според министерот, тие имаат психолози кои работат во училиште и тие се повеќе вклучени во училишна административна работа. Потребно е подобро разбирање како социјалниот работник може да им помогне на граѓаните во рана фаза на животот.

> „Социјалната работа на училиште е многу важна бидејќи има голема улога како дел од стручниот тим на училиштата. Практиката покажува дека голем број случаи за деца во социјален ризик ги упатуваат училиштата и, на овој начин, социјалниот работник во училиштето ќе биде првиот контакт со детето и родителот. Социјалниот работник во училиште може да помогне преку: советување, рано откривање, навремено пријавување и предупредување за некаков проблем. Затоа, социјалните служби имаат особено одговорна задача да создадат безгрижни услови за живот за секое

дете“ (*заменик-министер за труд и социјална политика во Северна Македонија*).

Концептот на социјална работа е утврден во училишниот систем во Северна Македонија. Како што е наведено, навременото откривање на проблемите ќе ѝ помогне на државата да го реши проблемот и ќе му помогне на својот граѓанин во рана фаза.

„…Без оглед на економската состојба во Косово, треба да ѝ дадеме приоритет на важноста на социјалните услуги во училиштата, бидејќи е познато дека немаме социјални работници во училиштата бидејќи такво нешто е исклучено со управното упатство од МОН, кое обезбедува само психолог и педагог во училиштата. Дури и оваа услуга не се обезбедува правилно, и педагозите и училишните психолози играат административна улога наместо советничка“ (*заменик-министер за образование и наука во Косово*).

Законот не признава социјален работник во училиште. Потребна е промена во регулативата и политиките во Косово за да има социјални работници во училишниот систем. Социјалните работници можат да бидат клучна алка за да им се помогне на учениците.

„...Во Северна Македонија е многу важно да има социјални работници во училиштата затоа што тие треба да имаат клучна улога во училиштата и образовните средини. Училишните социјални работници треба да имаат широк спектар на функции на работа, како што се помагање на ученици, семејства и наставници во решавање проблеми, како што се откажување од училиште, социјално повлекување, прекумерно агресивно однесување, бунтовност, но во Северна Македонија овие услуги сè уште треба да се подобруваат. Ако работат во училишните системи, социјалните работници ќе им даваат услуги на учениците за подобрување на нивната емоционална благосостојба и подобрување на нивните академски перформанси. Социјалните работници внесуваат уникатни знаења и вештини во училишниот систем, што ќе има клучно влијание врз успехот на децата во

учењето и во општеството“ (*Министер за образование и наука во Северна Македонија*).

Социјалните работници имаат клучна улога во училишниот систем. Тие ѝ помагаат на училишната заедница во повеќе аспекти. Социјалните услуги се воспоставени во училишниот систем и им помагаат на учениците, семејствата на учениците и наставниците. И покрај тоа што социјалните услуги се воспоставени во училишните системи, треба уште многу да се стори за да се подобри квалитетот на услугите достапни преку социјална работа. Успехот на учениците е една мерка за потребата од социјална работа во училиштата.

„…Покрај наставниците, еднаш неделно треба да се сретнеме со социјален работник или социолог кој тесно би соработувал со училиштето и ЦСР. Исто така, мислам дека тоа е многу важно затоа што јасно ќе ги дефинираме проблемите на учениците. Значи, социјалниот работник би контактирал и ги посетувал семејствата и би откривал: дали учениците имаат просторија за учење во мир, и врз основа на тоа ќе го најде најдобриот начин да ги мотивира овие деца за часовите на училиште и за животот“ (*директор на училиште во Косово*).

Би било добро да се интегрираат социологот и социјалниот работник во наставната програма на училишниот систем. Средбата со учениците ќе им овозможи подобро разбирање за тоа какви се нивните потреби и потребите на нивното семејство. Социјалните работници можат да им помогнат и да ги мотивираат учениците, да ги дознаваат нивните слаби и јаки страни.

„…во ситуациите со кои се соочува населението; навистина треба да најдеме начин да ги поддржиме поединците во подигнување на свеста за проблемите што потоа се рефлектираат кај учениците во училиштата. Верувам дека е од особена важност да се вклучи ваков кадар кој би му помогнал на училишниот персонал, тогаш триаголникот ученик-родител-социјален работник би бил мост за полесно следење на ситуацијата, со тоа што ќе има пристап до местото каде што се решаваат проблемите од социјална природа. Исто така, мислам дека услугите што ги даваат

социјалните работници во училишните средини се: идентификување на проблемот, сензибилизирање на заедницата, контакт со актерите вклучени во социјалното прашање, придонес за решавање на проблемите“ (*директор на училиште во Северна Македонија*).

Има толку многу проблеми со кои се соочува општеството. Ова може да има влијание врз животот и однесувањето на учениците. Да се има социјален работник како составен дел на училиштето, ќе се изгради триаголникот: социјален работник-наставник-ученик. Ова обезбедува алатки што им се потребни на социјалните работници за да им помогнат на учениците и на нивното семејство.

„…Социјалните услуги во косовските училишта се вршат преку психолог и педагог, но факт е дека бројот на вработени е многу мал. Според важечката легислатива, сè уште не се бара да има социјални работници во училиштата и мислам дека ова законодавство ќе се промени многу скоро. Присуството на социјалните работници во училишната средина е од суштинско значење, особено во земјите во транзиција, како што е Косово. Мислам дека социјалните работници можат да им помогнат на учениците во училиште на различни начини, како што се: обезбедување квалитетно образование за учениците преку социјални услуги, обезбедување социјална и емоционална здравствена благосостојба на учениците итн.“ (*наставник од Косово*).

Постојното законодавство во Косово треба да се промени за да можат училиштата да ангажираат социјални работници. Во моментов социјалните услуги во училиштата ги вршат психолози и педагози. Од суштинско значење е да има социјални работници во училиштата. Тие ќе бидат клучна алка за помагање на учениците кои имаат потреба.

„…Зголемувањето на бројот на социјални работници во училиштата во Северна Македонија може да биде добра можност за учениците, родителите и наставниците. Учениците ќе добијат поддршка за нивните проблеми. Родителите можат да контактираат со социјалните работници ако се загрижени за развојот на нивните деца или се загрижени за какви било други проблеми во училиште. Во меѓувреме, наставниците можат да бидат референтна точка за социјалните работници, како што е однесувањето на

> учениците во училницата, при интеракција со учениците, како и за нивните проблеми. Децата денес сè повеќе се жртви на многу социјални проблеми кои негативно влијаат врз нивната улога како ученици. Многу семејства имаат различни проблеми, кои во било која форма ќе влијаат врз детето/ученикот. Доколку семејството не ги исполни физичките и емоционалните потреби на децата, тоа ќе продолжи да пречи во нивната способност да учат и да се приспособат на училиштето. Социјалните работници можат да помогнат во советување“ (групно, индивидуално и/или семејство)“, (*наставник во Северна Македонија*).

> „Со мобилизирање на ресурсите на семејството, училиштето и заедницата му се овозможува на детето да учи што е можно поефикасно во образовната програма, помагајќи во развојот на позитивни стратегии за интервенција во однесувањето. Исто така, ако социјалните работници ја играат својата улога добро и искрено, тие ќе можат да ги ублажат и да ги отстранат стресот, грижите, злоупотребата, фрустрациите и да избегнуваат разни проблеми, што ќе ги задржи поконцентрирани на часовите“ (*наставник во Северна Македонија*).

Во училиштата во Северна Македонија треба да се зголеми бројот на социјални работници бидејќи тие ќе им помогнат на учениците да поминат низ разни социјални проблеми што ги имаат, почнувајќи од семејството, а потоа и од општеството, што негативно влијае и врз нас. Значи, избегнувањето разни проблеми што може да се направи преку совети од социјалните работници, ќе ги задржи учениците пофокусирани на часовите и сето тоа ќе влијае и врз нивниот успех во училиште.

> „...Мислам дека инсталацијата на социјалната работа во училиштата несомнено ќе има позитивно влијание врз подобрувањето на учењето на учениците. Може да има многу големо влијание врз намалувањето на деликвенцијата кај учениците. Исто така, тоа ќе помогне да се подигне свеста и почитувањето на различноста и вклученоста“, (*психолог од Косово*).

Социјалните услуги во училиштата ќе бидат многу добра можност за подигнување на свеста кај децата за почитување на културната и етничка разновидност и вклученост. Исто

така, преку советување, социјалните работници можат да придонесат за подобрување на животот и на однесувањето на децата во училиште и во општеството.

> „…Вклучувањето на социјалната работа во училиштата е многу важно. Мислам дека тие можат да му донесат уникатни знаења и вештини на училишниот систем и на тимот за ученички услуги. Училишните социјални работници се врската помеѓу домот, училиштето и заедницата во обезбедувањето директни услуги на учениците за промовирање и поддршка на академскиот и социјалниот успех на учениците“ (*психолог во Северна Македонија*).

Присуството на социјалните работници во училиштата е од голема важност. Тие се врската помеѓу учениците и заедницата во обезбедувањето директни и индиректни услуги на учениците. Тие ги поддржуваат работата и успехот на учениците. Тие носат изобилство на знаење и уникатни вештини во училиштето.

> „…Училишните институции во Косово треба да го надополнат стручниот кадар со психолози, социјални работници, лекари и друго. Сметам дека социјалната служба во училиштата е од витално значење и за учениците, и за наставниците, и за родителите. Социјалниот работник може да идентификува деца со асоцијално однесување и може да ги упати до соодветната институција за да им помогне да ги надминат своите тешкотии, како и да ја зајакнат меѓуинституционалната соработка.“ (*социјален работник во Косово*).

Во Косово има потреба од стручен кадар во училиштата, вклучувајќи психолози, социјални работници и лекари. Социјалните работници се првите што ги забележуваат однесувањата и социјалните промени кај децата. Тие помагаат да се најде соодветна институција за децата за да побараат помош. Ова ќе ги минимизира проблемите и децата можат да бидат поконцентрирани во своето образование.

> „...Мислам дека во секое училиште би било добро да има социјални работници, психолози и педагози, кои би претставувале најголем интерес за детето. Според мое мислење, децата се најизложената група на ризик и затоа им треба посебна заштита и грижа од нивните семејства, општеството

> и од државните институции. Социјалните работници што ќе бидат сместени во училиштата ќе обезбедат советување, застапување, психо-социјални услуги, за покривање на потребите на малолетни лица и нивните семејства на регионално ниво, итн. Покрај зголемувањето на бројот на професионални работници, институциите и социјалните работници треба да работат во насока социјалните работници, педагозите и психолозите да се фокусираат на професионална работа, како на пример советување, наместо на административна работа“, (*социјален работник во Северна Македонија*).

Присуството на социјалните работници во училиштата е од суштинско значење. Нивната работа со децата ќе го намали ризикот со кој се соочуваат во општеството. Административните одговорности на социјалните работници во училиштето треба да бидат ограничени за да можат тие повеќе да се концентрираат на помагање на децата во ризик.

> „...Мислам дека најважно е да се зголеми бројот на психолози во училиштата и да се обучат да ја завршат својата работа, додека социјалните работници повеќе во институции како што се: центри за социјална работа, домови за стари лица, центри за ментално здравје, училишта за деца со посебни потреби, итн. Сметам дека социјалната служба во училиштата не е развиена и знаеме дека бројот на психолози е многу мал и нивната работа нема големо влијание, барем не сум слушнал дека психолози и педагози направиле добра работа низ училиштата. Кога ја запишав мојата ќерка во прво одделение, психологот беше таму за да се занимава со технички проблеми, регистрација и слично, а не за професионални прашања“ (*родител во Косово*).

Психолозите во училиштата ја извршуваат работата што треба да ја извршат социјалните работници. Ова се должи на недостиг на знаење кај одговорните лица или на буџетските ограничувања. Психолозите не можат да работат на исто ниво со социјалните работници. Исто така, постои недоразбирање за услугите од социјалната работа. Тие не треба да бидат во социјалните центри само за да му помагаат на оној што бара помош. Тие треба да бидат повеќе вклучени во порана фаза.

„...Сметам дека е многу потребно да се инсталираат социјални механизми во нашите училишта. Тоа ќе ја подигне свеста на општеството и ќе биде промотор за заштитата на правата на децата. Услугите треба да бидат: третман на потребите на децата на директен начин, без интервенција од семејството, спречување запоставување на децата од страна на општеството и училиштето. Социјалниот работник би ги зголеми мотивацијата, поддршката и успехот на децата што имаат потреба, особено за да се чувствуваат еднакви во општеството“ (*родител во Северна Македонија*).

Интеграцијата на социјалната работа во училишниот систем ќе има влијание врз промовирањето и заштитата на правата на децата. Социјалниот работник може да помогне во исполнување на потребите на децата на директен начин, без влијание и интервенција од семејството. Тој може да им помогне да стекнат успех на училиште и да обезбеди социјална еднаквост за сите.

## 4.13 Заклучоци за второ поглавје

Ова поглавје ги адресира 5-те истражувачки прашања и 5-те подхипотези преку анализа на јавните перцепции за социјалната работа меѓу различните општествени групи во Косово и Северна Македонија, проследена со споредба на овие наоди.

Наодите од оваа дисертација покажуваат дека во двете земји, според сите прашања, јавноста е релативно информирана за работата што ја вршат социјалните работници, а нивниот став беше генерално позитивен, со мали разлики. На пример, Северна Македонија е веројатно подобро информирана во однос на улогата и влијанието на социјалната работа во општеството. Овие перцепции доаѓаат како резултат на различни околности што довеле до формирање на соодветните држави, кои потоа го одредуваат различниот тек на развојот на пазарот на трудот и социјалната политика, и врз основа на тоа, перцепциите на јавноста.

Сепак, овие резултати укажуваат на нивото на доверба што го има јавноста, но не во задоволителна мера. Во двете земји, особено во Косово, има уште многу што треба да се постигне во смисла на разјаснување на улогата на социјалната работа како професија и како практика.

Слично на тоа, останува уште многу да се направи за перципираната стапка на задоволство во рамките на професијата; многумина ја препознаваат како стресна и тешка работа, но перцепираните придобивки можеби се помалку познати.

# Поглавје 5 Дискусија за наодите, заклучок и препораки

Ова поглавје започнува со презентирање на дискусија за резултатите добиени од полуструктурираните истражувања и интервјуа. Оваа дискусија е организирана според водечките истражувачки прашања на оваа дисертација, чија општа цел е овозможување проценка на јавните перцепции за социјалната работа меѓу различните групи на општество во Косово и во Северна Македонија. Ова е заменето со дискусијата за ограничувањата, препораките и заклучокот.

## 5.1 Дискусија

Претежно, наодите од оваа дисертација се слични со оние од литературните извори и од други претходни истражувања. Повеќето анализи покажуваат дека улогата на професијата социјална работа е да им помага на поединците во исполнување на нивните цели и да обезбеди отпорност на животните предизвици воопшто. Сепак, границата помеѓу улогите и задачите на социјалниот работник и оние на советничките и/или терапевтските професии останува нејасна. Ова, за возврат, создаде конфузија во јавноста во однос на полето и резултатите предвидени од оваа професија, предизвикувајќи перцепција на субјективно оптоварена слика, претставена од медиумите. Недостигот на јасна дефиниција за дисциплина, неповолниот публицитет и медиумско покривање, со текот на времето создадоа дискриминаторски родови и расни стереотипи; следствено - професионално стигматизирани и маргинализирани групи.

Целта на оваа дисертација беше да се испита јавната перцепција за социјалната работа од различни општествени групи во Косово и во Северна Македонија, поточно, дисертацијата го испита влијанието на голем број варијабли, како што се: возраста, образованието и професијата.

Понатаму, се испитаа неколку независни варијабли; (јавна перцепција во врска со професијата на социјалните работници, мислења и очекувања з социјалните работници, сознанија за обемот на работа на социјалните работници, впечатоци во врска со социјалните работници, очекувања од социјалните работници, области каде социјалните рбаотници би можеле да се вработат).

Оваа дисертација, заедно со постојната литература за тоа како јавноста ја перципира социјалната работа и нејзината улога и влијание во голем број области во општеството, исто така, може да се покаже како корисна за социјалната работа, давајќи му важност на испитувањето како мислењето за современата социјална работа денес може да влијае врз сликата за социјална работа и јавното мислење утре, како и информирање на социјалните работници и пошироката јавност за тоа како подобро да се надминат погрешните сфаќања за професијата откривајќи ги неразбраните аспекти и извори на информациите. Овие резултати, како и другите откритија, имаат импликации врз идните истражувања и практики.

### 5.2 Интерпретација на резултатите

Врз основа на резултатите произлезени од испитаниците, може да се каже дека генерално, професионалните и другите работници во двете земји имаат позитивна перцепција за социјалната работа. Сепак, постои одредена во зависнот од возраста, професијата, други групи и позиции каде учесниците се декларираа како професионални социјални работници, односно лица чија работа е тесно поврзана со социјалната работа (т.е. психолози, педагози и правници) кои имаат позитивни мислења за улогата на социјалните работници во општеството и очекуваат позитивно влијание врз таквата улога. Од друга страна, „другите“ не сметаат дека социјалните работници имаат влијание и нивната улога е маргинално позитивна, склона кон негативна. Додека резултатите добиени преку полуструктурираните интервја на лица на офицјални позиции и креатори на закони од двете земји не беа слични со одговорите добиени од истражувањето, повеќето од одговорите покажуваат дека социјалните работници имаат ограничена улога во општеството.

Се покажа дека возраста на населението е одлучувачки фактор за тоа како јавноста ја перцепира социјалната работа и нејзината улога во општеството. Ова варираше меѓу различните возрасни групи во двете земји. Испитаниците беа поделени во различни возрасни категории: 18 - 24, 25 – 34,  35-44, 45-54 и 55 +. Мислењето на секоја возрасна категорија варираше. Помеѓу овие групи нема заеднички став за социјалните работници и нивното влијание врз општеството. Во Косово, возрасната група од 18 до 24 години има

негативен став, додека во Северна Македонија истата возрасна група има позитивен став кон професијата социјален работник.

Возрасната група од 25-34 години во двете земји имаат позитивен став кон професијата. Возрасната група од 35 - 44 години и над 55 години во двете земји имаат негативен став. Овие две возрасни групи се со најголеми разлики помеѓу податоците презентирани за Северна Македонија и Косово.

Генерално, испитаниците од Северна Македонија имаат позитивно гледиште и ја поддржува интеграцијата на социјалната работа во општеството. Испитаниците од Косово имаат помали очекувања за влијанието на социјалната работа во општеството.

Ова се должи на фактот што концептот за социјална работа е интегриран и повеќе воспоставен во повеќе институции во Северна Македонија, додека во Косово е многу ограничен. Во овој аспект, граѓаните во Северна Македонија се повеќе изложени на социјален работник и работа што тие ја работат, во споредба со луѓето во Косово.

Иако концептот за социјална работа не е целосно воспоставен во Северна Македонија, општеството го препознава како професионално поле, додека во Косово социјалниот работник и одговорноста сè уште не се препознаваат, и не се гледа важноста и потребата од социјална работа.

Се покажа дека професијата е одлучувачки фактор за тоа како јавноста ја доживува улогата на социјалната работа и нејзиното влијание врз општеството. Повеќето од испитаниците кои учествуваа во оваа дисертација имаат завршено високо образование во одредена област на експертиза. Сепак, повеќето од нив немаа соодветна обука во специфичните области. Исто така, нивните описи на работни места не одговараа целосно на потребите на граѓаните. Сепак, општиот впечаток на професионалните, или оние кои имаат слично занимање со социјалните работници, е позитивно настроен кон потребите за социјалната работа во општеството. Треба да се напомене дека и во двете земји придонесот на професијата социјална работа се смета за важен и неопходен за заедницата.

Тие го гледаат позитивниот придонес на социјалната работа во општеството бидејќи биле директно вклучени во работа со луѓе со потреби. Ова се должи на фактот што работеле директно со луѓето во општsеството и го имаат забечежано придонесот на социјалните работници. Тие веруваат во потребата за социјални работници и го инвестирале своето време за едукација за работа во оваа професија. Затоа, неопходно е

зголемување на буџетот во оваа област и обука на професионалците во специфични области, и така придонесот на социјалните работниви би бил многу попрофитабилен во општеството и попотребен во заедницата.

Владините службеници интервјуирани за ова истражување главно беа министри или поранешни министри за социјална работа и социјална политика, и образование. Нивните перцепции варираа во двете земји. Општо земено, може да се заклучи дека социјалната работа се смета за важна професија и треба да и се посвети повеќе внимание. Инвестирањето во социјална работа од страна на државата, распределба на поголем буџет, континуирана обука на персоналот за справување со новите ризици ќе ја промени улогата на социјалните работници и нејзиното влијание врз општеството. Поранешниот шеф на пратеничката група за труд и социјална политика на Северна Македонија и поранешниот министер за труд и социјална заштита на Косово, кој исто така беше потписник на процесот на децентрализација во 2008 година, смета дека со можностите што ги има државата не може да се придонесе повеќе за оваа категорија. Поранешниот министер за труд и социјална заштита на Косово смета дека Косово не е во позиција да овозможи социјалени работници во  образовниот систем. Тој смета дека психологот може да ја извршува работата на социјалните работници и нема потреба да има повеќе специјалисти во оваа област. Тој смета дека треба да се обучат психолози и социолози, бидејќи повеќето од нив се фокусирани во административната работа и нивното влијание до сега не беше видливо.

Додека поранешниот шеф на парламентарната група за труд и социјална политика на Северна Македонија, кој беше на оваа позиција долго време, нагласуваше дека не треба да се игнорира вклучувањето на социјалната работа во училиштата и другите сектори, иако тоа не е приоритет во сегашната влада.

Според мислењето на авторот, во двете земји се смета дека социјалната работа е важна, но не преставува висок приоритет. Двете земји се повеќе ориентирани во други области како што се науката и технологијата, економскиот развој и квалитетот на образовниот систем. Тие сметаат дека тие се поважни за развојот на земјата, иако социјалната работа е исто толку важна.

Во двата случаи, се смета дека врз основа на фактот дека овие две земји се развиваат, политиката не го игнорира развојот и улогата што може да ја има социјалниот работник во

општеството, но не дава приоритет на фактот дека општеството има многу нови социјални ризици. Исто така, и со очекувањата за членство во ЕУ, освен на технологија, економски развој, подигнување на квалитетот на високото образование, треба да се даде поголемо значење и на размислувањата за подобрување и развивање на социјалната работа како професија и нејзино вклучување во што повеќе институции.

**Резултат 2: Дали фокусот на социјалната работа е врз сиромаштијата или превенцијата?**

Резултатите добиени од анкетите, како и полуструктурираните интервјуа со релевантни експерти, покажаа дека професионалците, како и другите работници во двете земји, сметаат дека социјалните работници повеќе се занимаваат со „проблемите поврзани со сиромаштијата“ отколку со „превентивните работи“.

Сепак, постои мала разлика во двете земји во случај на испитаниците од различни професии. Во групата „други“ оние што одговориле на прашањето со „не“ или „неутрално“, може да се види дека се повеќе „превентивно“ или „неутрално“ ориентирани. Но, ова нема голема тежина бидејќи бројот на луѓе што ги дале овие одговори е многу помал од оној на професионалците. Резултатите, исто така, покажаа дека со одговорите на сите прашања заедно, поединците од различни возрасни групи во двете земји се повеќе ориентирани кон „прашања поврзани со сиромаштијата“, со исклучок на Косово, каде што во возрасна група од 45 години и постари се повеќе „неутрално“ ориентирани.

Слични ставови произлегоа и од интервјуираните релевантни експерти, кои сметаат дека социјалните работници можат да играат важна улога во спречувањето на сиромаштијата, но под овие околности тие не се во можност да работат во превентивни мерки. Недостигот на јасна дефиниција на социјалната работа во практика, како и неможноста да се работи во согласност со потребите на граѓаните, може да се должи на различни фактори како што се: недостиг на буџет, несоодветна обука на персоналот за нови ризици што се јавуваат во општеството, недостигот на професионални социјални работници (како во случајот на Косово), недостигот на навремени државни интервенции за спречување на сиромаштијата, со што не им се овозможува на социјалните работници

да се ориентираат и да помогнат повеќе во спречувањето на сиромаштијата, отколку да работат со сиромашните.

**Резултати 3: Значајни очекувања поврзани со промена на традиционалните методи на социјалната работа**

Резултатите добиени од ова истражувачко прашање се однесуваат на тоа дали социјалните работници ќе ги променат традиционалните работни методи и пристапи при решавање на новите социјални ризици во Косово и во Северна Македонија. Повеќето одговори на „професионалците“ и „другите“ се позитивно ориентирани, што значи дека со појавата на нови социјални проблеми, социјалните работници треба да ги надградуваат своите знаење и капацитети на дејствување и работење. Меѓутоа, во случајот на Северна Македонија, возрасната група (55+) е повеќе „неутрална“. Овие јавни перцепции укажуваат дека традиционалниот метод не дава резултати како што се очекува. Постојат различни факти што го спречуваат влијанието на традиционалниот метод. Некои од тие факти се дека концептот на социјална работа не е целосно развиен во Косово и во Северна Македонија и дека треба да има промени кон проблемите со кои се соочува општеството.

**Резултат 4: Значајни очекувања од вклучувањето на социјалните работници во образовниот систем**

Целта на ова истражувачко прашање е да се потврди тезата за тоа дали социјалните работници се потребни во образовниот систем. Анализирани беа одговорите од прашалниците во истражувањето и од спроведените интервјуа. Резултатите укажуваат на тоа дека во Северна Македонија и во Косово, двете целни групи „професионалци“ и „други“ се позитивно ориентирани кон ова прашање, и покрај тоа што владините службеници и некои од групите во Косово мислат дека во образованието повеќе се потребни психолози отколку социјални работници. Ова може да се поврзе со фактот дека во Косово развојот на социјалната работа на академско ниво доцни, а како професија сè уште не е признаена со закон, каде што следствено, според важечкиот закон, не постои одредба за социјални работници во училиштата, што исто така може да влијае врз погрешната перцепција и желбата за поголем број на психолози во училиштата, наместо социјални работици.

За она што се смета значајно за вградување на социјалната работа во училиштата, испитаниците, „професионалци“ и „други“, сметаат дека треба да има регулатива која би ги дефинирала услугите и компетенциите на социјалните работници во училиштата, со цел што поквалитетни услуги. Затоа, може да се заклучи дека социјалната работа се перципира како потребна професија во рамките на образовниот систем.

Позитивните перцепции во двете земји во врска со ова прашање се поврзани со општите перцепции за работата и социјалните услуги. Бидејќи социјалната работа промовира правда, социјална еднаквост и помага на заедницата воопшто, граѓаните сметаат дека е важно интегрирање на социјалната работа во училиштата. Тоа е резултат од повеќе студии кои покажуваат дека професионалците, како што се: социјални работници, психолози, педагози можат да им помогнат на учениците да бидат поуспешни во текот на нивното образование и да ги намалат ризиците со кои се соочуваат во општествениот живот.

## 5.3 Ограничувања

Поголемиот дел од наодите во оваа теза се базираат на квантитативни податоци собрани во Косово и во Северна Македонија. Сепак, внатрешните ограничувања на квалитативните податоци собрани преку длабинските интервјуа лежи во прилично малиот примерок. Некои од наодите не може да се генерализираат на други институции или градови во Косово и во Северна Македонија, бидејќи примерокот се базира на намерно, а не на репрезентативно земање примероци, а големината на примерокот можеби не е доволна за некои конкретни прашања дискутирани во тезата (на пр. потреба од социјална работа во училишта). Друго ограничување во однос на инструментот за истражување е дека испитаниците можеби имале различно разбирање за термините и/или категориите на одговори во рамките на прашањата од истражувањето. Во рамките на демографскиот дел, на градските и руралните заедници на практика, исто така, може да се одговори неконзистентно, бидејќи некои испитаници може да ги сфатат овие термини како повеќе слични, отколку различни.

Покрај тоа, употребата на методи на истражување, како што се истражување на перцепција и полуструктурирани интервјуа со клучни информатори, може да резултира со голем број предизвици: веродостојност на информациите, фактичко знаење на учесниците,

како и нивни индивидуални субјективни погледи за одредени прашања и односи кои исто така може да бидат ризици за квалитетот на резултатите. Затоа, истражувачот користел различни методи на истражување со цел колку што е можно да ги минимизира горенаведените предизвици и да обезбеди валидација на податоците до можниот степен.

### 5.4 Генерални заклучоци

Врз основа на ова истражување, може да се заклучи дека социјалната работа доживува постојани промени, што исто така влијае врз нејзиното организирање и секојдневните практики. Како резултат на овие промени, сè уште е тешко да се обезбеди јасна дефиниција за улогите на социјалниот работник како професионалец и социјалната работа како дисциплина. Додека повеќето научници се согласуваат дека улогата на професијата социјална работа е да им помага на поединците кон остварување на нивните цели и да обезбеди отпорност на животните предизвици воопшто, границата помеѓу улогите и задачите на социјалниот работник и оние на советничките и/или терапевтските професии останува нејасна. Затоа, оваа дисертација се фокусираше на перцепциите на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи од општеството во Косово и во Северна Македонија. Може да се генерализира дека јавноста во двете земји има позитивна перцепција за социјалната работа и смета дека нејзината интеграција во разни институции е неопходна. Сепак, постојат разлики во перцепцијата помеѓу различните групи во општеството според професија, возраста и перцепција од високи државни службеници кои ги водат институциите за труд и социјална политика, како и други институции кои се директно или индиректно поврзани со услугите и социјалната работа. Социјалните работници или оние што тесно соработуваат со оваа професија сметаат дека нивната улога во општеството е важна и дека постои големо очекување за неговото влијание. Другиот дел од јавноста, кој не е директно поврзан со социјалните работници, исто така има позитивно мислење и смета дека е важно социјалната работа да се интегрира во што повеќе институции, како и дека мора да се обрне внимание на фокусот на професионалниот аспект, а не само на административната работа. Овие сфаќања доаѓаат како резултат на фактот дека многу често државата не посветува соодветно внимание на социјалната работа, па затоа улогата на социјалните работници е ограничена и врз основа на тоа нивното влијание врз општеството не може да биде доволно видливо. Ова е евидентно и во фактот дека општо, јавноста во обете земји смета дека работата на социјалниот работник е да работи со луѓе што веќе се во сиромаштија, наместо да работи превентивно за спречување на сиромаштија.

Понатаму, без некои поголеми разлики во Косово и во Северна Македонија, јавноста е пристрасна кон мислењето дека социјалните работници треба да ги менуваат

традиционалните методи, да ги развиваат своите знаења, како и да ги подигнуваат своите капацитети во однос на социјалните методи и пристапи за да се приспособат на новите социјални ризици што може да се појават во општеството. Постојат мали разлики во случајот на Северна Македонија, каде што возрасната група (55+) е повеќе „неутрално“ ориентирана, што значи дека тие не се сигурни дали сегашните методи се соодветни или треба да се променат во зависност од околностите.

Во двете земји, општата јавност, професионалците и другите групи од општеството сметаат дека интегрирањето на социјална работа во образовниот систем е важно, и покрај фактот дека официјалните лица и некои групи во Косово сметаат дека освен социјални работници, потребни се и психолози. Овој резултат произлегува и од фактот дека искуството со социјалните работници во училиштата е многу мало во Северна Македонија, додека во Косово нема социјални работници вработени во училиштата бидејќи законодавството не предвидува социјален работник како дел од персоналниот кадар во училиштата. Сепак, се забележува дека граѓаните, освен што сметаат дека треба да има што повеќе социјални работници во соодветните институции, сметаат и дека е важно да се инсталира социјалната работа во училиштата. Ова се должи на фактот дека комбинацијата на триаголникот: наставници-ученици-социјални работници може да им помогне на учениците да бидат поуспешни во образовниот процес. Тоа, исто така, ќе придонесе на минимизирање на проблемите и ризиците што можат да ја загрозат училишната средина.

Во рамките на оваа дисертација може да се заклучи дека во Косово и во Северна Македонија, и покрај фактот што социјалната работа е во прогрес, се очекува да се направи многу повеќе, особено ако социјалните работници се целосно во можност да одговорат на потребите на граѓаните. Треба да се земе предвид дека социјалните институции во Северна Македонија се со понапредни искуства, како што беше забележано дека средното стручно училиште било основано во 1958 година а ЦСР функционираат од 1960 година; додека во Косово ЦСР беа основани во средината на 60-те години и беа реактивирани, поради специфични околности по 1999 година, додека додипломската студиска програма за социјална работа беше воспоставена многу подоцна, во 2012 година.

Понатаму, 1999/2000 година се постави основата за континуирана обука на професионални социјални работници и се очекува бројот на дипломирани квалификувани

социјални работници да ги задоволи потребите за квалификувани државни службеници за социјална работа во соодветните центри и институции.

Се надеваме дека овие факти ќе влијаат врз признавањето на професијата социјална работа во Косово и врз понатамошниот напредок во Северна Македонија, земајќи ги предвид искуството и влијанието на најпрогресивните искуства во овој поглед на регионално ниво.

Во однос на зависноста од минатото, анализата покажува дека Северна Македонија не била ограничена од претходното југословенско наследство да започне реформски процеси, како што се децентрализација, плурализација и деинституционализација. Сепак, сѐ уште доминантната улога на државата како главен давател на социјални услуги води до заклучок дека иако зависноста од минатото не е одлучувачки фактор во еволуцијата и промената на социјалните услуги, сепак, таа влијае на насоката и обемот на преземените промени. Косово претрпе уште порадикални промени кои го вклучуваат периодот по 1999-2008 година. Во овој период, социјалната работа ја спроведуваше УНМИК, каде што социјалната заштита беше целосно базирана на модел под влијание на меѓународните организации, но во пракса социјалната работа наследи многу од системот на поранешна Југославија. Може да се заклучи дека зависноста на минатото во Косово е помалку значајна варијабла во одредувањето на промените, бидејќи другите фактори имаат поизразена улога. Ова го вклучува влијанието на меѓународните организации (важи и за Северна Македонија), заедно со културните специфики на населението што доведе до различен модел на давање социјални услуги, вклучувајќи и неформални мрежи за поддршка.

Во однос на историјата, државите наследија високоцентрализиран систем за социјално осигурување од поранешна Југославија, со доминантна улога на државата како обезбедувач на социјална заштита и незначително учество на невладиниот приватен сектор во активностите за социјална заштита. Социјалните услуги како нефинансиски мерки насочени кон подобрување на социјалното функционирање на поединци и групи во социјален ризик, беа неразвиени и главно беа сведени на институционални форми на грижа. Северна Македонија, за разлика од Косово, остана во поповолна положба заснована на фактот дека образованието за социјална работа беше овозможено многу порано, бидејќи Високата стручна школа за социјална работа беше формирана во 1958

година, додека Центрите за социјална работа беа создадени во рани 60 -ти. Ова обезбедува разбирање на фактот дека можностите за развој и унапредување на оваа професија биле поголеми во однос на Косово каде социјалната работа започна да се решава во средината на 1960-те. Првиот ЦСР беше основан во Приштина во 1966 година. Меѓутоа, во двата случаи, наследениот систем за социјална заштита беше изменет за да се прилагоди на новиот општествен контекст и новите социјални проблеми наметнати од различни периоди. Во случајот со Северна Македонија, по нејзината независност како држава до денес, нагласени се важни реформи како што се: децентрализација и плурализам, деинституционализација, итн., кои и покрај тоа што резултираа со многу успеси, се соочија и со големи предизвици, како што се: нецелосна фискална децентрализација и остаток на многу одговорности на централно ниво, вклучувајќи ги и ЦСР.

Главната разлика се однесува на трошоците за социјална заштита, што во Северна Македонија е речиси двојно од онаа во Косово.

## 5.5 Препораки

Социјалната работа е во фаза на развој во двете земји, а во Косово како професија е прилично нова и е во почетна фаза на развојот. Препораките што произлегоа од истражувањето се со цел да го поддржат понатамошниот развој на оваа професија во соодветните земји.

1. Поттикнување на професионалните тела, како универзитети, националните Здруженија за социјална работа, Центрите за социјална работа, Министерствата за труд и социјална политика, НВО итн., да ја промовираат социјалната работа и работните задачи и улогата на социјалните работници во разни медиуми низ државата.
2. Поттикнување на владините и невладините институции да ги подобруваат и унапредуваат политиките поврзани со социјалната работа и социјалните услуги во согласност со стандардите на Европската Унија.
3. Поттикнување на Министерствата за труд и социјална работа да воспостават интегриран центар за континуирана обука за социјални работници, вклучително и програма за мобилност и размена.

4. Да се поттикне Владата на Косово да ја признае професијата социјална работа со закон.
5. Развој на сеопфатна стратегија чија цел ќе биде обука и едукација на сегашниот персонал што дава социјални услуги, но нема соодветни квалификации.
6. Охрабрување на владите и општините за развој на социјалната работа во образовните системи.
7. Поттикнување на социјалните работници за надградба на нивните знаења и иновативни вештини, со посебен фокус на психолошката благосостојба и менталното здравје.
8. Поттикнување на Косово да воведе магистерски и докторски студии на универзитетско ниво за социјална работа и социјална политика.

## Литература


Abbrederis, F., 2002. Die Öffentlichkeit ist immer dabei. Praktische Öffentlichkeitsarbeit in sozialen Organisationen.. *Sozialmagazin,* 27(Nr. 7-8), pp. 30 -37.

Andersson, G. & Lundström, T., 2004. Socialarbetare om massmedier. *Nordisk sosialt arbeid,* 24(1), pp. 2-18.

Béland, D., 2005. Ideas and social policy: An institutionalist perspective. *Social Policy & Administration,* 39(1), pp. 1-18.

Béland, D., 2009. Gender, ideational analysis, and social policy. *Social Politics,* 16(4), pp. 558-581.

Béland, D., 2010. Policy change and health care research. *Journal of health politics, policy and law,* 35(4), pp. 615-641.

Béland, D. & Powell, M., 2016. Continuity and change in social policy. *Social Policy & Administration,* 50(2), pp. 129-147.

Beveridge, W. H., 1945. *Full employment in a free society: A report by William H Beveridge,* London: George Allen and Unwin Ltd.

Blaxter, L. & Christina Hughes, T., 2006. *How to research.* 3rd ed. New York: Open University Press.

Bonfadelli, H., Blum, R., Imhof, K. & Jarren, O., 2008. *Seismographische Funktion von Öffentlichkeit im Wandel.* 14 ed. s.l.:Springer.

Breton, M., 2006. Path dependence and the place of social action in social work practice. *Social Work with Groups,* 29(4), pp. 25-44.

Campbell, J. L., 1998. Institutional analysis and the role of ideas in political economy. *Theory and society,* 27(3), pp. 377-409.

Clasen, J. & Siegel, N. A., 2007. *Investigating welfare state change: the'dependent variable problem'in comparative analysis.* UK: Edward Elgar Publishing.

Cowan, R., 1991. Tortoises and hares: choice among technologies of unknown merit. *The economic journal,* 101(407), pp. 801-814.

Cox, R., 2004. The path-dependency of an idea: why Scandinavian welfare states remain distinct. *Social Policy & Administration,* 38(2), pp. 204-219.

Cox, R. H., 2001. The social construction of an imperative: why welfare reform happened in Denmark and the Netherlands but not in Germany. *World politics,* Volume 53, pp. 463-498.

Daigneault, P.-M., 2014. Reassessing the concept of policy paradigm: aligning ontology and methodology in policy studies. *Journal of European Public Policy,* 21(3), pp. 453-496.

Davis, R. & Blake, A., 2008. *Social work education and the practice environment in Europe and Eurasia.* Doc ID: PD-AND-298: Rutgers University Center for International Social Work.

DBSH, 2016. *Deutscher Berufsverband für Soziale Arbeit e.V..* (Online)
Достапно на: https://www.dbsh.de (пристапено: 08 April 2018).

Diederichs, H. H., 2008. "Geregelte Verhältnisse" - Soziale Arbeit in Kino- und Fernsehfilmen. In: *SozialAktuell, Themenheft: Soziale Arbeit in den Medien.* Bern/CH: SozialAktuell, pp. 29-33.

Donevska, M., Gjorgjev, D., Gerovska Mitev, M. & Kalovska, T., 2007. *Social Protection and Social Inclusion in the former Yugoslav Republic of Macedonia,* Skopje: Directorate-General for Employment, Social Affairs and Equal Opportunities Unit E, 2..

Ebbinghaus, B., 2005. *Can path dependence explain institutional change? Two approaches applied to welfare state reform,* (No. 05/2): MPIfG Discussion Paper.

Faculty of Applied Social Sciences, 2019. *Diversity, Life Stages, Media, Politics, and the Profession; Research Perspectives at the Faculty for Applied Social Sciences,* Cologne: TH Köln.

Ferree, M. M., 2003. Resonance and radicalism: Feminist framing in the abortion debates of the United States and Germany. *American journal of sociology,* 109(2), pp. 304-344.

Gerovska Mitev, M., 2009. *Reform Processes and Challenges in the Social Policy in Macedonia.* Skopje, Faculty of Philosophy, Friedrich Ebert Foundation.

Gerovska Mitev, M., 2019. *European Social Policy Network (ESPN) thematic report on financing social protection: North Macedonia.* (Online)
Достапно на: https://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=21847&langId=en (пристапено: 11 April 2020).

Gerovska Mitev, M. & Dimitrijoska, S., 2013. Social policy and social work in the economic crisis times in the Republic of Macedonia. *Ljetopis socijalnog rada,* 20(1), pp. 167-181.

Green-Pedersen, C., 2004. The dependent variable problem within the study of welfare state retrenchment: Defining the problem and looking for solutions. *Journal of Comparative Policy Analysis: Research and Practice,* 6(1), pp. 3-14.

Hall, P. A., 1993. Policy paradigms, social learning, and the state: the case of economic policymaking in Britain. *Comparitive Politics,* pp. 275-296.

Heiner, M., 2007. *Soziale Arbeit als Beruf. Fälle, Felder, Fähigkeiten.* Munchen: Reinhardt.

Hiebaum, C., 2012. Krise und Gerechtigkeit, Zur Politik der Sozialen Arbeit. *Wissenschaftliches journal österreichischer fachhochschul-studiengänge soziale arbeit, Rubrik "Sozialarbeitswissenschaft" / Standortredaktion Graz.*

Hinrichs, K. & Kangas, O., 2003. When Is a Change Big Enough to Be a System Shift? Small System-Shifting Changes in German and Finnish Pension Policies.. *Social policy & administration* , 37(6), pp. 523-597.

Hollows, A., 2014/15. *Strategic development in social work education in Kosovo: Building a valued profession,* s.l.: UNICEF/ADA/WUS.

Howlett, M. & Cashore, B., 2009. The dependent variable problem in the study of policy change: Understanding policy change as a methodological problem. *Journal of Comparative Policy Analysis,* 11(1), pp. 33-46.

Kahlert, R. & Danaj, S., 2018. *Decentralization of Social Services in Kosovo – Policy Challenges and Recommendations,* Vienna: European Center: Policy Brief.

Knill, C. & Tosun, J., 2012. *Public policy : a new introduction.* 1 ed. New York: Palgrave Macmillan.

Kosovo Accreditation Agency, 2011. *Decision for Program Accreditation.* (Online)
Достапно на: http://www.akreditimi-ks.org/new/index.php/en/latest-events/doc_download/567-decision-for-accreditation-2011-2. (пристапено: 24 April 2017).

Köttig, M. et al., 2014. *Soziale Wirklichkeiten in der Sozialen Arbeit: wahrnehmen - analysieren - intervenieren.* Berlin: Budrich.

Krisch, R. & Stoik, C., 2013. Soziale Arbeit und demokratiepolitische Positionierung in Wien. *Sozial Extra*, 37(7), pp. 35-37.

Kuhn, T. S., 1962. *The structure of scientific revolutions.* Chicago: University of Chicago press.

Kutscher, N. et al., 2020. *Handbuch Soziale Arbeit und Digitalisierung.* Weinheim: Juventa Verlag GmbH.

Kuvendi i Republikës së Kosovës, 2008. *LIGJI NR. 03/L-040 PËR VETËQEVERISJEN LOKALE.* s.l.:Kuvendi i Republikës së Kosovës.

Lambers, H., 2016. *Theorien der Sozialen Arbeit: Ein Kompendium und Vergleich.* 4 ed. Opladen & Toronto: Verlag Barbara Budrich.

Langan, M., 1998. *Welfare: needs, rights and risks.* 1 ed. UK: Routledge.

Liebowitz, S. & Margolis, S., 1995. Path Dependence, Lock-In, and History', Journal of Law, Economics, and Organization. *International Library of critical writings in Economics,* 11(1), pp. 205-26.

Ministry of Labor and Social Welfare, 2018. *Concept Paper on Social and Family Services.* Prishtina: Ministry of Labor and Social Welfare.

Ministry of Labor and Social Welfare, 2020. *Unpublished document received in offical e-mail from Director of Department of Social Policy and Family,* s.l.: Ministry of Labor and Social Welfare.

Mustafa, A. & Haxhikadrija, A., 2019. *European Social Policy Network (ESPN) Thematic report on Financing social protection: Kosovo.* (Online)
Достапно на:
https://www.researchgate.net/publication/336836025_Financing_social_protection_Kosovo
(пристапено: 11 April 2020).

Palier, B., 2005. Ambiguous Agreements, Cumulative Change: French Social Policy in the 1990s. In: W. Streeck & K. A. Thelen, eds. *Beyond continuity: institutional change in advanced political economies.* Oxford: Oxford University Press, pp. 127-144.

Palier, B. & Surel, Y., 2009. *Dynamics of Incremental Change.* Aalborg Denmark, Social Politics.

Parton, N., 1996. *Social theory, social change and social work.* 1 ed. UK: Routledge.

Pedriana, N. & Stryker, R., 1997. Political culture wars 1960s style: equal employment opportunity–affirmative action law and the Philadelphia Plan. *American Journal of Sociology,* 103(3), pp. 633-691.

Petrushev, H. & Nechev, Z., 2016. *Report on the Work of the Social Work Centers in Republic of Macedonia,* Skopje: Institute for Democracy “Societas Civilis” – Skopje (IDSCS).

Pierson, P., 2004. *Politics in time: History, institutions, and social analysis.* Princeton NJ: Princeton University Press.

Pleiner, G. & Heblich, B., 2009. *Grundlagen und Praxismethoden für die Soziale Arbeit.* Weinhamm and München: Juventa Verlag.

Projektgruppe, 1997. *Eine Analyse der Darstellung Sozialer Arbeit in Lokalpresse und überregionalen Tageszeitungen.* Mainz: Pädagogischen Institut der Johannes Gutenberg-Universität Mainz.

Puhl, R., 2002. Die Hassliebe. Vom schwierigen Verhältnis der Sozialen Arbeit zur Öffentlichkeit - und umgekehrt. *Juventa Weinheim,* 27(Nr. 7-8), pp. S. 16-23.

Puhl, R. & Straub, U., 2002. Wie werden Sozialarbeiterinnen und Sozialpädagogen auf die Kommunikation mit der Öffentlichkeit vorbereitet? Ergebnisse der Studie" Öffentlichkeitsarbeit in der Lehre an Fachbereichen für Soziale Arbeit". *Socialmagazin,* Volume 7/8, pp. 48-58.

Puljiz, V., 2006. Social policy and social activities in Croatia in the period from 1900 until 1960. *Ljetopis socijalnog rada ,* 13(1), pp. 7-28.

Quadagno, J. & Street, D., 2005. Ideology and public policy: Antistatism in American welfare state transformation. *Journal of Policy History,* 17(1), pp. 52-71.

Ristic, B., 2014. *Social Protection System in Kosovo.* (Online)
Достапно на: https://www.pravnapomoc.org/wp-content/uploads/2017/01/Social-Protection-System-in-Kosovo_May-2014.pdf (пристапено: 25 June 2017).

Ruzhin, N., 1994. *Socijalna politika na RM za vreme edno partiskiot sistem; Vrazumevanje nova socijalna politika.* F.E.Stiftung: Makedonsko Radio.

Ruzhin, N., 1995. *Sovremeni sistemi na socijalna zastita.* Skopje: PNID-STEP.

Save the Children in Kosovo and European Center for Social Welfare Policy Research, 2018. *Situation Analysis: Social Mapping, Legal and Fiscal Context, and Capacities of Providers of Social Services.* (Online)
Достапно на: https://kosovo.savethechildren.net/news/save-children-kosovo-and-european-centre-social-welfare-policy-and-research-present-%E2%80%9Csituation (пристапено: 3 June 2019).

Schaarschuch, A., 1999. Soziale Arbeit in der Öffentlichkeit. *Sozialpädagogik und Öffentlichkeit,* pp. 37-49.

Seeleib-Kaiser, M., 2008. *Welfare State Transformations - Comparative Perspectives.* 1 ed. London: Palgrave Macmillan.

Shön, D. & Rein, M., 1994. *Frame reflection: Toward the resolution of intractable policy controversies.* New York: Basic Books.

Skiba, E.-G., 1969. *Der Sozialarbeiter in der gegenwärtigen Gesellschaft: Empirische Untersuchungen zum sozialen Fremdbild des Fürsorgers.* Weinheim: Beltz.

Socialdepartementet, 2001. *Socialtjänstlag (2001:453).* (Online)
Достапно на: http://rkrattsbaser.gov.se/sfst?bet=2001:453 (пристапено: 13 May 2019).

Thiersch, H., 2009. *Schwierige Balance. Grenzen, Gefühle und berufsbiographische Erfahrungen.* Soziale Arbeit ed. Weinhem ; Munchen: Juventa - Verl.

Trbojevik, S. et al., 2012. *Decentralization of the Social Protection in the Republic of Macedonia – Factual Situation, Challenges and Opportunities at Local Level.* (Online)
Достапно на: https://bim.lbg.ac.at/sites/files/bim/decentralisation%28engl%29.pdf
(пристапено: 14 August 2018).

Understanding agreement between MLSW, MLS, MEF & Municipality, 2009. *Understanding agreement for the transfer of competencies of social services and the delegation of responsibilities between Ministry of Labor and Social Welfare, Ministry of Local Government Administration, Ministry of Economy and Finance, and Municipilaty.* s.l.:Government of Kosovo.

UNICEF, 2006. *Database for Social Services project*, Kosovo: Regional Office for CEE/CIS.

Waddan, A., 2011. *The politics and political economy of health care reform: Change and continuity in the United Kingdom and United States.* Seattle, APSA 2011 Annual Meeting Paper.

Wilsford, D., 210. The logic of policy change: Structure and agency in political life.. *Journal of health politics, policy and law* , 35(4), pp. 663-680.

Wofsgruber, G., 2015. *Soziale Arbeit und soziokulturelle Diversität: Handlungskompetenzen für Fachkräfte der Kinder-und Jugendarbeit.* s.l.:Verlag Barbara Budrich.

Wolbold, J., 2003. Die Öffentlichkeit ist immer dabei.

Wood, G. G., Tully, C. T. & Middleman, R. R., 2006. *The structural approach to direct practice in social work: a social constructionist perspective.* 3 ed. s.l.:Columbia University press.

Zugagaza, C. B., Surette, R. B., Mendez, M. & Otto, C. W., 2006. Social worker perceptions of the portrayal of the profession in the news and entertainment media: An exploratory study. *Journal of Social Work Education*, 42(3), pp. 621 -636.

# Прилог А: Прашалник

**СТРУКТУРЕН ПРАШАЛНИК** Бр.____________

Овој прашалник има цел да ја процени перцепцијата на јавноста за социјалната работа меѓу различните групи во општеството во Косово и во Македонија. Целта на овој прашалник е да се добијат статистички валидни податоци за перцепцијата на граѓаните во однос на социјалната работа и професијата на социјалниот работник. Резултатите од овој прашалник ќе бидат основа за докторска дисертација.

*Овој прашалник е анонимен*

**I.** Основни информации.

Овој дел вклучува демографски и воведни прашања за нивото на свесност во врска со професијата социјална работа. Овој дел има намера да ги дефинира испитаниците и нивната севкупна свест и знаење во врска со професијата социјална работа, пред истражување на нивните перцепции.

Демографски податоци

| | |
|---|---|
| 1. Пол (изберете еден)<br>1. Машко<br>2. Женско | 2. Возраст (изберете еден)<br>1. 18 до 24<br>2. 25 до 34<br>3. 35 до 44<br>4. 45 до 54<br>5. 55 + |
| 3. Кој е вашиот сегашен брачен статус?<br>1. Неженет/немажена<br>2. Оженет/мажена<br>3. Разведен/а<br>4. Вдовица/вдовец<br>5. Вонбрачна заедница | 4. Кое е вашето највисоко завршено ниво на образование? (изберете еден)<br>1. Завршено основно образование<br>2. Завршено средно образование<br>3. Завршено високо образование<br>4. Завршени постдипломски студии (магистерски или докторски) |
| 5. Која е вашата етничка припадност? (изберете еден)<br>1. Албанци<br>2. Македонци<br>3. Срби<br>4. Црногорци<br>5. Ашкали<br>6. Роми | 6. Каде живеете во моментов? (изберете еден)<br>1. Урбана средина (град)<br>2. Рурална средина (село) |

| | |
|---|---|
| 7. друго ______________ | |
| 7. Кој е вашиот сегашен статус на вработување (изберете еден)<br>1. вработени<br>2. самовработени<br>3. невработени<br>4. студент<br>5. друго ______________ | 8. Која е вашата актуелна професија? (Напиши подолу)<br>______________________________ |

Свесност за професијата социјална работа

9. Ве молиме да го процените вашето ниво на свесност или искуство со струката/професијата социјална работа. До прашањата подолу ве молиме заокружете го бројот кој најдобро го опишува вашето искуство со поставеното прашање.

| | *(заокружите еден одговор)* | es | o |
|---|---|---|---|
| .0 | Дали некогаш сте слушнале за социјален работник? | 1 | 0 |
| 9.1 | Преку кои извори сте слушнале за социјална работа? (можни се повеќе одговори)<br>1. Лично искуство<br>2. Од други лица<br>3. Училиште<br>4. Книги<br>5. Филмови<br>6. Забавни телевизиски емисии<br>7. Телевизиски вести<br>8. Весници<br>9. Списанија<br>10. Социјални медиуми<br>11. Друго ______________________________ | | |

| | *(заокружите еден одговор)* | а | е |
|---|---|---|---|
| ЗА ПРОФЕСИОНАЛЦИТЕ П 9.2 И П 9.3 | | | |
| 9.2 | Дали работит во тесна соработка со социјалните работници? | 1 | 0 |
| 9.3 | Дали работите во слична професија со социјалната работа, но немате професионална соработка со социјалните работници? | 1 | 0 |
| ЗА СТУДЕНТИ Q 9.4 И Q 9.5; ТОГАШ ОДИ ДИРЕКТНО ДО П 11 | | | |
| 9.4 | Дали сте студент кој претходно слушнал за социјална работа/социјални работници: | 1 | 0 |
| 9.5 | Дали сте студент кој претходно не слушнал за социјална работа/социјални работници? | 1 | 0 |
| (АКО ОДГОВОРОТ Е ДА ДО 9,4 И / ИЛИ 9,5, ПРЕСКОКНЕТЕ НА ПРАШАЊЕТО 12) | | | |

**II.** Перцепции, имиџ и стереотипи за професија социјална работа

Ова е основен дел од прашалникот. Прашањата подолу треба да обезбедат информации во врска со целокупната слика и улогите на социјалниот работник.

| 0. | *(заокружите еден одговор)* | а | е |
|---|---|---|---|
| 0.1 | Пред вашето вработување, дали сте слушнале за социјална работа/социјални работници? | 1 | 0 |
| (АКО ОДГОВОРОТ Е НЕ, ПРЕСКОКНЕТЕ ГО ПРАШАЊЕТО 10,2) | | | |
| 0.2 | Ако одговорот е да, одберете два главни извори преку кои сте биле информирани.<br>1. Лично искуство<br>2. Од други лица<br>3. Училиште<br>4. Книги<br>5. Филмови<br>6. Забавни телевизиски емисии | | |

7. Телевизиски вести
8. Весници
9. Списанија
10. Социјални медиуми
11. Друго ___________________________________

11. Какво е вашето мислење за улогата на социјалните работници во вашето општество?

1. Социјалните работници играат голема улога во општеството
2. Социјалните работници играат умерена улога во општеството
3. Социјалните работници немаат значајна улога во општеството
4. Немам мислење

12. Кои се вашите очекувања од влијанието на социјалната работа?

1. Придонес кон намалување на бројот на луѓе што живеат во сиромаштија
2. Придонес кон олеснување на социјалните проблеми на сите ранливи граѓани
3. Придонес кон управување со социјалните ризици во општеството
4. Социјалните работници не можат многу да придонесат поради недостиг на институционални и финансиски можности

13. Доколку сте се соочиле со околности што бараат помош од социјален работник, колку е веројатно да контактирате со социјален работник?

1. Многу веројатно
2. Веројатно
3. Не сум сигурен
4. Малку неверојатно
5. Сосема неверојатно

14. Вашето мислење, кои се главните работни обврски на социјалниот работник?

| *(заокружете еден од броевите)* | Потполно се | Се согласувам | Неутрален / без | Не се согласувам | Воопшто не се |
|---|---|---|---|---|---|

| | согласувам | | мислење | | согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 14.1 Социјалните работници првенствено се занимаваат со луѓето и со нивната благосостојба. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.2 Социјалните работници првенствено работат со проблемите на децата. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.3 Социјалните работници им помагаат на луѓето. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.4 Социјалните работници можат да обезбедат советување, слично на психологот или психијатарот. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.5 Социјалните работници најчесто се занимаваат со проблеми на сиромаштијата. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.6. Социјалните работници најчесто се занимаваат со превентивна работа. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14.6 Потребата за социјални работници расте. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

15. Во кои институции очекувате да биде вработен социјален работник (можни се повеќе одговори)

1. Училишта
2. Болници
3. Затвор
4. Сиропиталишта
5. Институции за детска заштита

<table>
<tr><td colspan="2">6. Засолништа на бездомни лица<br><br>7. Ментално-здравствени институции<br><br>8. Друго ________</td></tr>
<tr><td>16. Колку сте информирате за начинот на кој работат социјалните работници?<br><br>1. Многу информирани<br>2. Донекаде информирани<br>3. Малку информирани<br>4. Воопшто неинформирани</td><td>17. Во иднина, нивото на прашања кои бараат социјални работници:<br><br>1. Ќе се намалува<br>2. Ќе остане на исто ниво<br>3. Ќе се зголеми<br>4. Не сум сигурен/на</td></tr>
<tr><td>18. Дали мислите дека видовите социјални проблеми што барат асистенција од социјален работник се променети, во изминатите 10 години?<br><br>1. Да, проблемите денес се различни од оние пред 10 години<br>2. Не, проблемите денес се исти како оние што се присутни во општеството во минатото<br>3. Не знам</td><td>19. Со воведувањето нови социјални проблеми и прашања, дали мислите дека традиционалните методи и пристапи се доволни за нивно решавање?<br><br>1. Многу<br>2. Делумно<br>3. Воопшто</td></tr>
<tr><td colspan="2">20. Што се однесува до новите социјални прашања, дали мислите дека социјалните работници треба да ги развиваат своите знаења и капацитети за општествените методи и пристапи?<br><br>1. Многу<br>2. Делумно<br>3. Воопшто</td></tr>
<tr><td>21. Дали мислите дека има потреба од услугите на социјалните работници во училиштата?<br><br>1. Да</td><td>22. Во вашата земја дали знаете некое училиште што обезбедува социјални услуги?<br><br>1. Да</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 2. Не<br><br>3. Како предмети во рамките на наставните програми<br><br>4. Немам мислење | 2. Не<br><br>3. Не знам |
| 23. Дали некој што го познавате некогаш имал искуство со социјални услуги во училиште?<br><br>1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам | 24. Колку сте задоволни од квалитетот на услугите за социјална работа во училиштата?<br><br>1. Многу задоволен<br><br>2. Задоволен<br><br>3. Неутрално<br><br>4. Незадоволен<br><br>5. Многу незадоволен |
| 25. Во училишна средина, во однос на сегашноста, кој е најдобриот број на социјални работници?<br><br>1. Многу повисок<br><br>2. Малку повисок<br><br>3. Истиот<br><br>4. Малку понизок<br><br>5. Многу понизок | 26. Дали мислите дека треба да има политика која ги регулира услугите за социјална работа во училиштата?<br><br>1. Да<br><br>2. Не<br><br>3. Не знам |

ВИ БЛАГОДАРАМ

## Прилог Б: Упатство за експертското интервју

1) Како би ја опишале социјалната работа во Косово/Северна Македонија?

   а) Каква е вашата перцепција за тоа што работаат социјалните работници и каква одговорност треба да имаат во заедницата?

   б) Според вас, што мисли јавноста кога ќе го слушне терминот „социјален работник"?

   в) Дали мислите дека оние што тесно соработуваат со социјалните работници размислуваат позитивно за нив?

   г) Според вас, какви се очекувањата од социјалните работници и што треба да работат?

2) Што мислите за улогите и одговорностите на социјалните работници со граѓаните?

   а) Кој начин мислите дека е најдобриот за унапредување на работата на социјалниот работник?

   б) Дали сметате дека негативната слика за професијата социјална работа е резултат на недостиг на информации што граѓаните ги имаат за оваа професија?

   в) Дали сметате дека треба да има добро развиен систем на информации и упатувања за луѓе кои имаат потреба од социјални услуги преку вклучување на:

      - заедница,
      - училиште,
      - примарни здравствени установи,
      - верски заедници
      - или други субјекти?

3) Дали сметате дека социјалниот работник треба повеќе да се фокусира на:

   а) Сиромаштија

   б) Или спречување на сиромаштијата

      - Како би ја опишале улогата на социјалниот работник особено во спречувањето на сиромаштијата?

   в) Дали сметате дека треба да се изврши целосна реформа на социјалните услуги или само неколку помали интервенции во сегашниот систем на социјални услуги?

4) Дали сметате дека ЦСР и другите центри што се занимаваат со социјални услуги треба да го променат својот пристап кон давањето услуги и да бидат поблиску до луѓето што имаат потреба?

5) Кои се главните проблеми на системот на социјални услуги?

6) Дали мислите дека социјалниот работник треба да го смени пристапот за справување со социјалните ризици со кои се соочува заедницата? Ако да, како?

7) Дали мислите дека социјалните работници не се доволно обучени за борба против социјалните ризици?

а) Дали сметате дека треба да се формира центар за континуирана обука на социјалните работници?

б) Дали сметате дека државата треба дополнително да влијае врз изготвувањето политики за борба против социјалните ризици?

8) Каква е вашата перцепција за социјалната работа и потребата од социјална работа во училишната средина?

а) Колку сметате дека е релевантно да имате социјални работници во училиштата?

б) Какви услуги можат да обезбедат социјалните работници во училишни средини?

в) Дали мислите дека присуството на социјалниот работник во училиште ќе го подобри задржувањето на учениците и е додадена вредност за квалитетно обезбедено образование? Ако да, зошто?

10) Дали сметате дека социјалните услуги ќе имаат влијание врз успехот на децата во учењето и општеството? Ако да, зошто?

Ви благодарам

# Прилог Ц: Табели и графикони

Вредноста на t беше дефинирана како што следи:

$$t = \frac{\mu_1 - \mu_2}{\sqrt{\left[\frac{(\sum A^2 - \frac{(\sum A)^2}{n_A}) + (\sum B^2 - \frac{(\sum B)^2}{n_B})}{n_A + n_B - 2}\right] \cdot [\frac{1}{n_A} + \frac{1}{n_B}]}}$$

Каде

(ΣA) 2: Збир на множеството податоци А, во квадрат

(ΣB) 2: Збир на множеството податоци Б, во квадрат

µ1: Средна вредност на множеството податоци А

µ2: Просек на множество податоци Б

ΣA2: Збир на квадрати на множеството податоци А

ΣB2: Збир на квадрати на множеството податоци Б

nA: Број на ставки во множеството податоци А

*Табела 5. Дистрибуција на професии во однос на статусот на вработување (Косово – Северна Македонија)*

| | | | | | | Која е Вашата моментална професија? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Социјален работник | Педагог | Правник | Психолог | Економист | Вкупно |
| Косово-Северна Македонија | Северна Македонија | Кој е Вашиот моментален работен статус? | Вработен | | Count | 61 | 7 | 6 | 19 | 3 | 96 |
| | | | | | Row N% | 63.5% | 7.3% | 6.3% | 19.8% | 3.1% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 69.3% | 100.0% | 75.0% | 24.4% | 15.8% | 48.0% |
| | | | Само-вработен | | Count | 2 | 0 | 2 | 1 | 2 | 7 |
| | | | | | Row N% | 28.6% | 0.0% | 28.6% | 14,3% | 28.6% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 2.3% | 0.0% | 25.0% | 1.3% | 10.5% | 3.5 |
| | | | Невработен | | Count | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| | | | | | Row N% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 100.0% | 0.0% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 2.6% | 0.0% | 1.0% |
| | | | Студент | | Count | 25 | 0 | 0 | 56 | 14 | 95 |
| | | | | | Row N% | 26.3% | 0.0% | 0.0% | 58.9% | 14.7% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 28.4% | 0.0% | 0.0% | 71.8% | 73.7% | 47.5% |
| | | | Друго | | Count | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | | Row N% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| | | | | | Colum N% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| | | | Вкупно | | Count | 88 | 7% | 8 | 78 | 19 | 200 |
| | | | | | Row N% | 44.0% | 3.5% | 4.0% | 39.0% | 9.5% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| | | | | | Colum N% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

*Табела 5.а. Дистрибуција на професии во однос на статусот на вработување (Косово)*

| | | | | Која е Вашата моментална професија? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Социјален работник | Педагог | Правник | Психолог | Економист | Вкупно |
| Косово | Кој е Вашиот моментален работен статус? | Вработен | Count | 59 | 6 | 12 | 14 | 3 | 94 |
| | | | Row N% | 62.80% | 6.4% | 12.8% | 14.9% | 3.2% | 100.0% |
